МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ- БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ



КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

„Одземањето на предмети и конфискацијата на имот и имотна корист - национален и компаративен преглед“

"Seizure of objects and confiscation of property and property gain - national and comparative review"

"Изъятие предметов и конфискация имущества и доходов от собственности - национальный и сравнительный обзор"

Ментор: **Изработил:**

Проф. Д-р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА **ГОРАН ПРОЈА**

БИТОЛА

Јуни 2023 година

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ 4
ABSTRACT 5
ВОВЕД 6
1.ИМОТ 10
1.1.Следење и идентификација на имот 11
1.2.Замрзнување, заплена и задржување 11
1.3. Конфискација и одземање 12
1.4.Конфискација без кривична осуда 12
1.5. Одземање на предмети и нивна конфискација 14
1.6. Конфискација на противвредноста на имотната корист во паричен износ 14
1.7. Остварување на имотна корист 14
1.8. Ослободување од (конфискуван) имот 14
1.9. Договор за поделба на имот 14
2.ИМОТНА КОРИСТ 15
2.1.Одземање на имот 16
3.ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ 17
3.1.Совесни трети лица 33
4.ОДЗЕМАЊЕ ПРЕДМЕТИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ 35
4.1.Одлуки за замрзнување и овластувања во истрага 35
4.2.Обично одземање на имот 36
4.3.Одземање на вредност и мешање на имот 36
4.4.Одземање на предмети 37
4.5.Одземање на приходи и друга корист од имот стекнат со кривично дело и корупција 38
4.6.Префрлање на товарот на докажување 38
4.7.Одземање од трети лица 39
4.8. Одземање на имот кој не е заснован врз кривична пресуда 39
5.СПОРЕДБЕНО КАЗНЕНО ПРАВО И ПОСТАПКИ ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ОДЗЕМАЊА НА ПРЕДМЕТИ 41
5.1.Апсења претреси и конфискација на имот и одземање на предмети согласно во Америка 41
5.2.Кривична постапка во Англија 43
5.3.Кривична постапка во Франција 43
5.4.Кривична постапка во Италија 44
5.5.Кривична постапка во Албанија 45
5.6.Кривична постапка во Хрватска 50
5.7.Кривична постапка во Србија 51
5.8.Кривична постапка во Босна и Херцеговина 51
5.9.Кривична постапка во Германија 53
5.9.Кривична постапка во Русија 53
5.9.Кривична постапка во Кина 54
5.9.Кривична постапка во Мексико 55

6.КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ПРАВО 57
6.1. Конфискацијата во Кривичен законик и законот за кривична постапка 58
6.1.1.Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети 60
6.1.2.Конфискација на посредна имотна корист 61
6.1.3.Начин на конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети 61
6.1.4.Проширена конфискација 63
6.1.5.Заштита на оштетениот 64
6.1.6.Пленување од правно лице 64
6.1.7.Одземање предмети и услови за одземање на предметите 64
6.1.8.Застареност на извршувањето на споредните казни, на мерките на безбедност, алтернативните мерки, конфискација на имот и одземање на предмети 66
6.1.9.Враќање во поранешна состојба 66
6.1.10.Предавање на предмети 67
6.1.11.Привремени мерки за обезбедување на имотноправното барање 67
6.1.12.Враќање на предмети одземени за време на процесните дејствија 68
6.1.13.Привремено обезбедување спрема трето лице 68
6.1.14.Извршување на пресуда во делот на трошоците на кривичната постапка, одземањето на имотна корист и имотноправното барање 69
6.2.Мерки за пронаоѓање и обезбедување на лица и предмети 71
6.3.Закон за полиција 94
6.4.Правилник за начинот на вршење на полициските работи 95
6.5.Закон за прекршоците 96
6.6.Закон за правда на децата 97
6.7.Закон за меѓународна соработка во кривичната материја 97
6.8.Закон за извршување на санкциите 99
6.9.Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка 101
7.ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ 105
8.ОСУДЕНИ ЛИЦА СПОРЕД ВКУПНО ИЗРЕЧЕНАТА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ 109
8.1.Кривични дела против имотот 109
8.2.Кривични дела против животната средина и природата 109
8.3.Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството 110
8.4.Кривични дела против јавниот ред 111
8.5.Кривични дела против правниот сообраќај 111
9.БИЛТЕН НА СУДСКА ПРАКСА СО ОДЛУКИ ВО ВРСКА СО ОДЗЕМАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТОТ ВО С.Р.МАКЕДОНИЈА 113
10.ПРЕКУГРАНИЧНА ОДЗЕМАЊЕ ПРИХОДИ СТЕКНАТИ НА НЕЗАКОНИТ НАЧИН (ЗАМОЛНИЦА) 123
11.ОДЗЕМАЊЕ ИМОТ И ПРЕДМЕТИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА 126
12.ЗАКЛУЧОК 132
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 135

АПСТРАКТ

Трудот се занимава со мерките на конфискација на имотна корист односно предмети стекнати со извршување на кривично дело во македонското законодавство. Пред се, станува збор за концептот и правната природа на самата мерка и регулирањето на истото прашање во документите усвоени на меѓународно ниво. Потоа, поминувајќи низ одредбите од Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка, се дискутира за суштинските карактеристики на институтот, при што се цитираат релевантните пресуди на Врховниот суд и Европскиот суд за човекови права.

Главна парадигма е да докажеме дека „криминалот не се исплаќа“, за стореното дејствие лицето ќе биде повикано на кривична одговорност, а притоа приносот од криминалот во никој случај нема да му припадне нему или на лица каде мислело да го сокрие приносот, што значи одземањето предмети и конфискацијата на имот би биле главната пречка во идеата на лицето да пристпи кон кривично дело.

Посебен акцент, заедно со предлозите за можни решенија, се става на поединечни спорни прашања; меѓу другото, односот меѓу мерката конфискација односно одземените предмети и имотното побарување, стварната правна природа на мерката конфискација во светло на примената на бруто начелото при определувањето на висината на имотната корист, проширувањето на опсегот на кривични дела за кои може да се нареди продолжена конфискација на имотна корист, воведување можност за конфискација на имотна корист односно одземање на предмети без осуда против обвинетиот и други. На крајот, коментирајќи го македонското законодавство притоа давајќи и примери од судската пракса, авторот го наведува различниот распоред на овие мерки во споредбеното право.

Клучни зборови: **конфискација и продолжена конфискација, одземање на предмети, sui generis, бруто принцип, товар на докажување, трети лица, привремени мерки за обезбедување конфискација.**

ABSTRACT

The paper deals with the measures of confiscation of property benefit and subjects acquired by committing a crime in the Macedonian legislation. First of all, it is about the concept and legal nature of the measure itself and the regulation of the same issue in the documents adopted at the international level. Then, going through the provisions of the Criminal Code and the Law on Criminal Procedure, the essential characteristics of the institute are discussed, citing the relevant judgments of the Supreme Court and the European Court of Human Rights.

The main paradigm is to prove that "crime does not pay", for the committed action the person will be called to criminal responsibility, and the proceeds from the crime will in no case belong to him or to persons who thought to hide the proceeds, which means confiscation objects and the confiscation of property would be the main obstacle in the idea of the person to approach a crime.

Special emphasis, along with proposals for possible solutions, is placed on individual disputed issues; among other things, the relationship between the measure of confiscation that is, the seized objects and the property claim, the actual legal nature of the measure of confiscation in light of the application of the gross principle in determining the amount of property benefit, the expansion of the range of crimes for which prolonged confiscation of property benefit can be ordered, introducing the possibility of confiscation of property benefit without conviction against the accused and others. Finally, commenting on the Macedonian legislation while giving examples from the judicial practice, the author states the different arrangement of these measures in the comparative law.

Key words: confiscation and extended confiscation, Seizure of objects sui generis, gross principle, burden of proof, third parties, provisional measures.

В О В Е Д

„НЕПРАВОТО НЕ СМЕЕ ДА СТАНЕ ПРАВО“

„КОНФИСКАЦИЈАТА ВОЕДНО ОЗНАЧУВА ЕФИКАСНА ПРАВДА, НО ТАА САМА ЗА СЕБЕ НЕ ПРЕТСТАВУВА КАЗНА ЗА СТОРИТЕЛОТ НА КРИВИЧНО ДЕЛО“

„КОНФИСКАЦИЈАТА, ВСУШНОСТ ПОДРАЗБИРА ПОЧИТУВАЊЕ НА НАЧЕЛОТО ДЕКА ОД НЕПРАВО НИКОГАШ НЕ МОЖЕ ДА СТАНЕ ПРАВО“

На светско ниво, кривичното право во 20ти век е соочено со нови предизвици, меѓу кои и појавата и развојот на организиран криминал заедно со економски мотивираниот криминал. Овие појави не биле соодветно регулирани со постоечките закони, а државните органи немајќи соодветно искуство, капацитет и ресурси за да се справат со овој тип на криминал, тоа овозможило финансискиот криминал да се глобализира и да добие меѓународна димензија, а не ретко преку разни видови на корупција и финансиски манипулации овој криминал успеа да се инфилтрира во сите словеи на општеството не оставајќи го никого имун и заштитен.

Ваквата ситуација придонесе кон тоа сторителите на кривични дела да можат да го прикријат и заштитат незаконски стекнатиот имот, што му овозможи истиот да биде инвестиран во нови криминални активности или уште пострашно да биде инфилтриран во легалната економија, создавајќи од криминалците општествени моќмоци. Имајќи во предвид дека имотната корист е главен мотив и движечка сила кај финансискиот криминал, постоечките кривично правни санкции кои го таргетираат само сторителот, а не и неговиот имот се неефикасни во сузбивањето и превенцијата на организираниот криминал и корупцијата.

Ефикасноста на конфискацијата во справувањето со организираниот криминал и корупција поради тоа што го таргетира нелегално стекнатиот имот поттикнува нејзина зачестена примена што резултира и со носење на неколку конвенции од страна на Организацијата на Обенитетите нации, како и Советот на Европа, а се со цел да се споделат позитивни искуства и дополнително да се поттикне употребата на конфискацијата како начин на одвражање од криминалот, потоа да се воедначи законската рамка на различните држави и да се овозможи нејзино извршување во повеќе држави.

Мерките на конфискација на имот заземаат значајно место во секој систем на кривично право денес. Целта на наведеното пред се е да се воспостави рамнотежа во однос на имотот што е нарушен и намален со стореното казниво дело, а исто така и превентивно да се делува против евентуалното идно извршување на кривичните дела

на тој начин што обвинетиот ќе биде лишен за она што го стекнал (посебна превенција), а кај нас практичарите и често применуваниот термин согласно членот 32 од КЗ на РСМ превентивно да се влијаа и врз останатото граѓанство.

Иако е подигнат на ниво на едно од начелата во Кривичниот законик, сепак во теоријата и практиката постојат голем број контроверзни прашања. Овој факт во никој случај не е поткрепен со секојдневната диверзификација и оптимизација на различни начини на извршување на кривични дела мотивирани од стекнување имотна корист.

Значи, овој труд пред се ќе го допре концептот на имотна корист, како во домашната регулатива, така и во документите донесени на меѓународно ниво на кои се обврзала Република Северна Македонија.

Финансиската добивка е краен и воедно главниот мотив за кривични и корупциски дела, што по правило сторителите се обидуваат да ги легитимираат. Приходите од кривичните дела против имотот како и делата на корупција со цел да го сокријат изворот на потекло и неизбежната врска помеѓу основниот криминалитет и на некој начин обнароденото перењето на приносите од корупција или пак впаричување на криминалитетот.

Во случаите со висока корупција, добиените придобивки често се користат и за да се постигне економско или политичко влијание во општеството, да се воспостави контрола врз државниот систем за спроведување на законот избегнувајќи го истиот, да се обезбеди неказнивост на корупцијата и да се добијат целосно нови финансиски придобивки.

Овој аспект се повторува на низок начин и кај кривичните дела против имотот со мала вредност но сепак крајниот резултат на сторителот е можност за влијание во рамки на можностите кој ги дава добиениот износ од самиот криминал.

Поради оваа причина, главен акцент модерната јуреспруденција става на стратегијата за борба против приносите од имотниот криминал, односно корупцијата, и спроведување на ефикасна истрага фокусирана на следење, замрзнување, одземање и конфискација на инструменти и приноси од сторените кривични дела односно економскиот криминалитет.

Конфискацијата на имот и имотна корист како казнено-правна мерка, не е кривична санкција, бидејќи не задира во правата и слободите на сторителот на делото. Конфискацијата на имот и имотна корист може да се изрече и кога од првостепениот суд било пропуштено истото и со тоа не се повредува начелото на reformatio in peius.

Примената на конфискација на имот и имотна корист претставува ефикасно средство на борбата против новите форми на организиран криминал, како што се

перењето пари, корупција, тероризам и слично.

Конфискацијата на приходите добиени од криминалитетот е најефикасната мерка за борба против имотните престапи и запирање на повторен криминалитет, бидејќи таа претставува алатка која ги лишува сторителите од незаконски и неправедни придобивки.

Конфискацијата на приходите од кривичните дејанија како и прекршоците го воспоставува принципот според кој никој не смее да има придобивка од извршување на кривично дело. Покрај тоа, постои глобален тренд на широка примена на конфискација на приноси од криминал, особено приноси од корупција, при што не само приносите од конкретното корупциско дело, за кое лицето е осудено, мора да бидат предмет на конфискација, туку и делот на имотот легитимноста на изворот на потекло кој лицето не го докажува во контрадикторна постапка.

Конвенцијата на ООН ја дефинира „конфискацијата“ како трајно лишување од имот по налог на суд или друг надлежен орган. Идентична дефиниција е дадена и во член 2 од Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал усвоена во 2003 година. Сличен пристап е употребува и Конвенцијата на ОЕЦД за борба против поткупот на странски јавни службеници во меѓународните деловни трансакции од 1997 година, со неа се дава флексибилност во постапувањето и општа дефиниција за конфискацијата со можност покрај процесната кривична конфискација да биде дадена можност и да се опфати и граѓанското одземање што не е засновано на осуда со пресуда донесена во кривичен судски процес.

Република С. Македонија ги има ратификувано меѓународните конвенции кои се однесуваат на конфискацијата, или кои вклучуваат одредби кои регулираат сегменти од конфискацијата на имот, а дополнителнот има направено и усогласувања на домашните закони со рамковните одлуки и директивите на ЕУ кои се однесуваат на оваа област, но сепак како што не ретко се критикува правосудниот систем, воедно и судскиот систем кој е задолжен за целокупниот надзор над работата на судиите во пракса, нашата држава е критикувана многу често од овие меѓународни институции како земја која не се справува доволно добро со корупцијата, особено со високите видови на корупција кои често вклучуваат сегашни или поранешни функционери, сметајжи дека тие имаат силно влијание токму врз оние кој се најповикани да се борак против криминалитетот и на крај одземањето предмети и конфискацијата на имотот и имотната корист стекнати со криминал или корупциско постапување.

Домашната јавност често го покренува прашањето за судските процеси, истрагите водени од полицијата и обвинителството кои се однесуваат на пронаоѓање на

предметите стекнати со криминалитет, како и на потеклото на имот на одредени граѓани, службените лица, функционири за кој видна е претставата на богатење, а со тоа и влијание во општеството, упатувајжи на тоа дека е премногу слаба примена на конфискацијата на имот и предмети кои се стекнати на незаконски начин.

Професори и практичари кои разговарале на оваа тема;

Проф. д-р Трпе Стојановски, претседател на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, истакнува дека прашањето за конфискацијата на имот и имотната корист е исклучително важно прашање за борбата против криминалот.

Предметот на научната расправа е насочен кон неколку точки кои се издвојуваат според сериозноста и комплексноста, а меѓу нив се казненоправните аспекти на конфискацијата на имот и имотна корист, конфискација на имот и имотна корист без казнена одговорност, конфискација на имот и имотна корист од правни лица, прибидејќи постапката за конфискација мора да се спроведува низ практиката со што таа би требало да претставува како превенција од криминалот.

Проф. д-р Гордана Бужаровска, е на размислување дека конфискацијата е потребна затоа што со неа се задоволува правдата, како филозовски императив. Конфискацијата е мерка со која се спречува остварувањето на основната цел на сторителите на користољубиви дела, а тоа е здобивање криминален профит и негово вклучување во легалните економски и други активности.

Академик Владо Камбовски, смета дека извршувањето на посебните мерки на конфискација на имот и одземање на предмети не застарува, и според Кривичниот законик никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело. Одлука за конфискација судот треба да донесе во постапка определена со закон, и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело. Со конфискацијата, односно со одземањето на криминално стекнатиот имот, криминалот се обесхрабрува, се губи мотивот, се одвраќаат потенцијалните сторители, се разбиваат криминалните организации, но и се подобрува статусот на жртвата.

Американскиот судија Пол Г. Бајрон, кажува дека клучно за борбата со криминалните организации е постоење на силен и добро организиран тим кој ќе умее да се справи со криминалот кој станува се пософистициран. Криењето на криминално стекнатиот имот и пронаоѓањето начини тој да стане легален е еден од предизвиците против кои се борат и на кои треба да одговорат обвинителството, судството и правосудството воопшто.

1.ИМОТ

Имотот вклучува сопственост која се користи за вршење кривично дело (инструменти) како и приносите од кривичното дело. Приносите често се опишуваат како профит или материјална корист од кривично дело. Приносите се поделени на непосредни приноси прибавени од вршење кривично дело, кои исто така се нарекуваат и предмети, и на посредни приноси. За илустрација, ќе земеме пример од вооружен грабеж на банка, каде инструменти се пушката која се користи за закани кон вработените во банката и автомобилот за бегање, непосреден принос е готовината пари земена од банката, а посреден принос е недвижниот имот купен со украдените пари.

Во меѓународните и регионални инструменти терминот имот е опишан на следниот начин:

терминот „инструменти“ означува секаква сопственост која се користи или ќе се користи, на кој било начин, делумно или во целост, за да се изврши кривично дело или кривични дела;

„Сопственост“ ќе означува имот од секаков вид, телесен или бестелесен, движен или недвижен, материјален или нематеријален, како и правни документи или инструменти за сопственост над имотот или интересот за истиот.

„Приноси од кривично дело“ ќе означува секаков имот кој произлегува или е стекнат, непосредно или посредно, преку вршење на кривично дело.

„Имотна корист“ означува секаква економска корист, која произлегува од или е стекната, непосредно или посредно, од кривични дела. Може да се состои од каков било имот, како што е дефинирано тука.

“Одземен имот“ се подразбира привремено конфискуваниот имот, имотната корист и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка како и трајно одземените предмети во управна постапка;

“Привремено конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети“ се подразбираат наведениот имот, имотна корист и одземени предмети за чија конечна конфискација односно одземање не е донесена правосилна одлука.

“Конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети“ се подразбираат наведениот имот, имотна корист и предмети конфискувани или одземени со правосилна одлука.

1.1.Следење и идентификација на имот

Следењето и идентификацијата на имот вклучува процес на кривична и финансиска истрага за наоѓање и лоцирање на имот во јурисдикцијата која ја спроведува кривичната истрага или во друга јурисдикција, што ќе вклучува меѓународно барање за следење на имот. Идентификацијата на имот има за цел откривање на сопственикот или управувачот на имотот.

1.2.Замрзнување, заплена и задржување

По следењето и идентификувањето на имотот, и откако случајот ќе премине во отворена фаза од истрагата, имотот треба да подлежи на замрзнување, заплена или задржување, со цел да се спречи негово преместување во периодот до конфискација, односно пред да биде донесена конечна пресуда. Доколку имотот не биде замрзнат или запленет, осомниченият сторител на кривичното дело може да го премести имотот во обид да го прикрие или да се ослободи од него.

Мерката замрзнување и заплена се врши со судски налог. Кога имотот е предмет на судски налог за замрзнување, тој останува таму каде што е, на пример, предмет на замрзнување може да биде банкарска сметка. Кога имотот е предмет на судски налог за заплена, тој е преземен во сопственост на државата; на пример, предмет на заплена може да биде автомобил. Замрзнувањето и запленатa се познати и како „секвестрација“. Терминот „задржување“ се користи за да се опише привремено забранување на трансфер, конверзија, продажба или движење на имот кој е во сопственост на одредено лице, исто така со судски налог. Во тој случај, имотот обично останува кај сопственикот. Налог за задржување обично се издава за лице, не за имот, иако имотот може да се нарече „задржан“ или предмет на налог за задржување. „Замрзнување“ или „заплена“ ќе значи привремено забранување на трансфер, конверзија, продажба или движење на имот или привремено преземање на надзор или контрола врз имотот, врз основа на налог издаден од суд или друг надлежен орган.

1.3. Конфискација и одземање

Конфискација е процес на трајно лишување на сторителот од имотната корист по донесена конечна пресуда. Одземање вообичаено се користи да се опише процесот на трајно лишување на сторителот од инструментите или секаков противправно стекнат имот, како дрога или оружје, било пред или по конечната пресуда. Сепак, зборовите конфискација и одземање се меѓусебно заменливи во некои јурисдикции.

Зборот одземање може да се користи наместо зборот конфискација и обратно.

„Конфискација“ значи казна или мерка изречена од суд по спроведена постапка за извршено кривично дело или кривични дела, што резултира со трајно лишување од сопственост.



Слика 1.Агенција за управување со одземен имот

1.4.Конфискација без кривична осуда

Конфискација без кривична осуда претставува процес на конфискување имот без да се обвини конкретно лице за кривично дело во врска со тој имот. Таквата конфискација може да биде дел и од кривични и од граѓански постапки. Во продолжение следуваат четири примери за конфискација која не се заснова на кривична осуда:

а) Конфискација на бесправно стекната имотна корист и инструменти во текот на кривично гонење, во околности кога случајот е докажан, но не е можно да се изврши поради смрт, отсуство или ментална болест на сторителот, или од други причини кои спречуваат правосилна пресуда.

б) Проширена конфискација: Проширена конфискација е кога се конфискува и имотот кој не е предмет на кривичното дело за кое сторителот е изведен пред суд. Во тој случај, конфискацијата се „проширува“ на имотот кој не претставува инструменти, непосредна или посредна имотна корист од кривичното дело кое се гони. Проширената конфискација се применува не само за користа од конкретното дело за кое е обвинет сторителот, туку е проширена да ја вклучи целосната корист стекната од криминални дејствија.

Властите не се обврзани да утврдат поврзаност помеѓу сомнителен криминален имот и конкретното кривично однесување за кое лицето е обвинето. Наместо тоа, конфискацијата може да се заснова на секундарни докази или изведување заклучоци. Нерамнотежата помеѓу имотот на едно лице и неговите законски извори на приходи и/или општи докази за вклученост во профитабилно криминално однесување, може да биде дел од оправдувањето за „проширување“ на конфискацијата на останатиот имот (на пр. шема на обвинениja, докази за учество во криминална организација). Бидејќи многу од овие термини во голема мера се засноваат на перцепција, земјите често се обидуваат да ги усогласат со нивното законодавство или пракса. Затоа, покрај горенаведеното, некои земји го класифицираат одаточувањето на нелегално стекнатата имотна корист како една форма на проширена конфискација.

ц) Граѓанска постапка за одземање на имот:

Граѓанската постапка за одземање на имот претставува in rem дејство за кое е потребен доказ дека имотот е инструмент на кривичното дело или бесправно стекнатата имотна корист, но не е потребно да се утврди вината на лицето надвор од секакво разумно сомневање.

д) Необјаснето богатство:

Необјаснето богатство е она богатство кое едно лице го поседува или со кое располага, а кое не може да биде законски стекнато и не може да биде објаснето на друг начин, на пр. како наследство, добивка на лотарија или подарок.

1.5. Одземање на предмети и нивна конфискација

Конфискација на предмети е конфискација на точната, актуелна имотна корист или инструменти на кривичното дело. Законот поставил точна парадигма дека никој не може да ги задржи или присвои предметите ѓто настанале од стореното казниво дело. Овде се работи за продокти на сторувањето, бидејжи не правото не смее и неможе да постане право. Конфискацијата е мерка со која предметите добини од користољубии државата то е законот нема да дозволи да останат кај сторителот на кривичното дело.

1.6. Конфискација на противвредноста на имотната корист во паричен износ

Конфискација на противвредноста на имотната корист во паричен износ е кога обвинетото лице треба да плати износ на пари еквивалентен на износот на неговата бесправно стекната корист. Судот или друг надлежен орган ја пресметува „користа“ на обвинетиот сторител за одредено кривично дело. Налогот за конфискација е направен во збирот на таа вредност. Во тој случај, судот не ги разгледува фактичките инструменти (освен ако тие не се нелегално стекнат имот, како на пр. оружје или дрога) и имотна корист, туку се фокусира на износот на пари кој е еднаков на бесправно стекнатата корист. Налогот за конфискација може да биде задоволен или „платен“ од страна на сторителот со користење на какви било средства што му се на располагање, вклучувајќи и законски средства.

1.7. Остварување на имотна корист

Имотната корист се смета за остварена кога е конвертирана од средства, стока или услуги во готовина, преку продажба.

1.8. Ослободување од (конфискуван) имот

Ослободување од имот е процесот на продавање или уништување на имотот.

1.9. Договор за поделба на имот

Договор за поделба на имот е документ кој содржи спогодба меѓу две или повеќе земји за поделба на имот, во случаи кога имотот кој е поврзан со земјата која истражува или која врши прогон е задржан и управуван од другата земја. На пример, земјите може да одлучат да ја поделат бесправно стекнатата имотна корист 50/50.

2.ИМОТНА КОРИСТ

Како имотна корист се смета секоја непосредно остварена корист од извршување на кривично дело, имот во кој е изменета или преобразена директна имотна корист од кривично дело, како и секоја друга корист што е остварена од непосредна имотна корист од кривично дело или имот во кој директната имотна корист е изменета или претворена имотна корист без разлика дали се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија или надвор од неа.

Иако сегашната дефиниција претставува значително подобрување во однос на претходната регулатива, во практиката остануваат отворени две прашања: дали вредноста на имотната корист се утврдува во времето на извршувањето на делото или во моментот на пресудата, и која е значењето на одземањето на имотната корист на пропадната инвестиција во која на сторителот не му успеало да ја задржи противправно стекнатата имотна корист.

Првично, релевантен момент при утврдувањето на вредноста на имотната корист беше земен како вредност на имотната корист што одговара на пазарната вредност во времето на извршувањето на кривичното дело, но тргнувајќи од целта на самиот институт, оваа практика била изменета.

Досегашната судска практика утврдува дека се одзема имотната корист што настанала со промена на курсот на самата валута, како и секоја друга произлезена од првично стекнатата корист.

Одговорот на прашањето за значењето на загубата на имотна корист може да се најде во пресуда на Врховниот суд, со која се утврдува дека конфискацијата на имотната корист оправдана со зголемување на имотот на обвинетиот во времето на извршувањето на делото и дали обвинетиот успеал да го задржи тој имот преку работењето на компанијата или не, нема релевантно значење за примената на одредбите од КЗ и за одземање на имотна корист, што укажува дека конфискацијата на првично стекната имотна корист со извршување на незаконско дело не може да зависи од неспособноста на поединецот да го зачува капиталот.

2.1.Одземање на имот

Одземање на имот е едноставна идеја: законски поврат на илегална добивка. Меѓутоа, во практиката одземањето на имотна корист или средства е сложена и мултидимензионална област на правото, која често налага комплексни практични процедури и вклучува повеќе страни и јурисдикции. Оваа практична комплексност налага судиите и јавните обвинители кои работат во оваа област одлично да ги разбираат нивните домашни законодавства во врска со замрзнување, заплена и одземање/конфискација на имот, како и солидно познавање и почитување на меѓународните стандарди и инструменти со кои се настојува да се зајакне и хармонизира меѓународната практика.

Одземање или конфискација на имот е конечно или трајно лишување на некое лице од имот со одлука од судот. Исто така, тоа се однесува и во случаеви кога лишувањето од имот е засновано врз одлука на друг надлежен орган освен судот.

Одземањето или конфискацијата на имот нема нужно казнен карактер и не е нужно ограничено на лишување на лице од имот во рамките на кривичната постапка. Широката дефиниција на одземањето укажува дека станува збор за флексибилен концепт. Постојат голем број варијабли кои секој законодавец треба да ги земе во предвид при дизајнирање на мерките за одземање на имот. Овие варијабли се: опсегот на имотот што потенцијално подлежи на одземање на имот; видот на кривичното однесување што потенцијално за резултат има одземање на имот; стандардот и товарот на докажување кои треба да се применуваат при утврдување дали одреден имот треба или не подлежи на одземање.

Иако постојат разни гледишта како треба да изгледа еден режим на одземање на имот сепак одземањето на имот е широко признаен и промовиран како моќно оружје во борбата против тешки кривични дела и корупција. Во оваа смисла тоа има повеќекратна функција.

Одземањето или конфискацијата на имот има за цел:

- да ја штити легитимната економија од корупција и од инфилтрирање на незаконит имот;
- да го поттикне растот на даночни приходи во легалната економија;
- да создаде имот кој може да се користи за општо добро;
- да помогне за да се зачува владеењето на правото;
- да го демотивира потенцијалното вршење на кривични дела и на тој начин да има одвраќачко дејство.

3.ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

Иако меѓународната заедница е снажно мотивирана да се бори против корупција и да ја поврати имотната корист стекната со извршување на кривични дела (Меѓународен совет за политика за човекови права и Транспаренси интернешнл (International Council on Human Rights Policy – ICHRP & TI), Интегрирање на човековите права во антикорупциската програма: Предизвици и можности, 2010, страна 63), многу е важно мерките во тој правец да бидат усогласени со механизмите за заштита на човековите права за да се спречи арбитрерно одземање на имот и да се заштитат основните човекови права на поединците.

Европскиот суд за човекови права („ЕСЧП“, или „Судот“) прифаќа дека овластувањата на државите да одземаат/конфискуваат имот се оправдани и неопходни за успешна борба против организиран криминал и општиот криминал. Меѓутоа, примената на Европската конвенција за човекови права („ЕКЧП“ или „Конвенцијата“) обезбедува сопствениците на така одземениот имот да имаат основно ниво на заштита.

Постапката на одземање/конфискација на имотна корист стекната со криминал може да влијае на низа права гарантирани со Конвенцијата. Тоа се, пред се, правото на мирно уживање на имот (член 1 од Протоколот бр. 1), правото на правично судење (член 6), а во одредени околности и членот 8 (право на почитување на приватен и семеен живот) кога се одзема или претресува имот кој се смета како „дом“. Најпосле, може да се постави прашање на регулирање на кривични дела и санкции во законот во врска со начелото дека казнување е дозволено само врз основа на закон (член 7).

Целта на овој оддел е да објасни како овие членови се применуваат во релевантната практика на Судот во однос на одземање/конфискација, заплена или губиток на имотна корист стекната со кривично дело.

Ќе се испита содржината на овие членови и клучни начела разработени од Судот, а потоа ќе бидат дадени прикази на судската практика која е релевантна за одземање на имот. Целта е, пред сè, да им се помогне на читателите подлабоко да ги разберат различните околности во кои може да се постави прашање за примена на овие права од Конвенцијата и кога може да дојде до нивна повреда.

Член 1 од Протоколот бр. 1

Правото на мирно уживање на имот е изложено во

членот 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата.

1) Секое физичко и правно лице има право на непречено уживање на својот имот. Никој не може да биде лишен од својот имот, освен во јавен интерес и под услови предвидени со закон и општите начела на меѓународното право.

2) Претходните одредби, сепак, на никој начин не влијаат врз правото на државата да применува закони за кои смета дека се потребни за да се регулира користење на имотот во склад со општиот интерес или за да се обезбеди наплата на даноци или други давачки или казни.

Кога се дефинира сопственоста како право на мирно уживање на имотот, се заклучува дека претпоставува постоечка сопственост односно, лицето да ужива некое право според националниот закон, а кое од гледна точка на Конвенцијата, може да се смета како имотно право, што произлегува и следниот заклучок дека никој не може да биде лишен од својот имот.

Имотот, односно имотното право се однесува на движен или недвижен имот, постоен имот или за кој постои легитимно очекување дека ќе се оствари. Легитимно очекување на поединецот е очекување дека неговото барање за остварување на правото може да се оствари во иднина. Но, правото на сопственост, односно мирното уживање на правото може да биде ограничено или носителот на правото да биде лишен од истото во случај на постоење јавен интерес и под услови предвидени со закон, односно со општите принципи на меѓународното право. Во толкувањето на Конвенцијата која има статус на Европска уставна повелба за правата и инструмент на европскиот јавен поредок, клучна улога има Европскиот суд за човекови права. Судот претставува највисока судска институција за заштита на основните човекови права, со воспоставена пракса во разни области, вклучително и во однос на имотното право. Толкувањето го врши преку своите образложенија изнесени во секој конкретен предмет претставувајќи го истовремено духот на Конвенцијата и нејзината цел за обезбедување на правата подеднакво за секој субјект при исти услови, што ги прави практични и делотворни. Судот, во постапката испитува дали националниот закон ги задоволува критериумите да се извлече заклучок дека е во согласност со Конвенцијата.

Членот 1 од Протоколот бр. 1 гарантира право на имот и штити поединци или правни лица од арбитрерно мешање на државата во нивните имотни права (Маркс

(Marckx) против Белгија, 1979). Членот 1 од Протоколот бр. 1 наметнува и негативни и позитивни обврски за државата со цел да се заштити правото на уживање на имот.
Меѓутоа, Судот го признава правото на државата да одзема имот од поединци или правни лица под услови кои се одредени со членот 1 од Протоколот бр. 1. Конкретно, секое мешање мора да биде во склад со јавен интерес, мора да биде спроведено така што да се почитува владеењето на правото и мора да биде сразмерно во однос на неговата цел. Судот воспостави тристепена постапка врз основа на која се утврдува дали дошло до повреда на оваа одредба.

Примена на членот 1 на Протоколот бр. 1: „Поседување“ на „имот“

За да потпадне под доменот на Конвенцијата, поединецот мора да „поседува“ имот во смисла на членот 1 на Протоколот бр. 1. Терминот „поседување“ има автономно значење во системот на Конвенцијата (Гасус Досие и Федертехник д.о.о. (Gasus Dosier- und Fördertechnik GmbH) против Холандија, 1995) и според членот 1 од Протоколот бр. 1 се однесува и на побарувања/право на сопственост на поединци.

Битно е во домашното право да постои правен основ за ова побарување/право, а подносителот на апликацијата (апликантот) треба да ја утврди точната природа на своето право во домашното законодавство (право).
На пример, во предметот Новиков (Novikov) против Русија (2013), Судот забележа дека апликантот имал право на сопственост над горивото кое Русија го запленила како предмет на извршување на кривично дело бидејќи правото во поглед на горивото му било пренесено со договор кој требало да биде извршен според руското право.

За да се признае како „поседување“, секое идно побарување или право мора да претставува законито побарување или легитимно очекување. Легитимното очекување може да се оствари според домашното право и се смета како имот во смисла на членот 1 од Протоколот бр. 1. Предметот Денисова и Мојсеева (Denisova and Moiseyeva) против Русија (2010) се однесуваше на човек кој бил осуден за предавство и на кого домашните органи му го одзеле имотот. Сопругата и ќерката на тој човек потоа утврдиле дека одземениот имот бил делумно нивен.

Разгледувајќи го тврдењето на сопругата, Судот утврди дека домашното право предвидува заедничка сопственост над имотот стекнат од брачните другари во текот на бракот и дека затоа сопругата имала легитимно очекување во однос на делот од имотот што е еднаков на оној што му припаѓа на нејзиниот сопруг.

Терминот „имот“ е широко поставен и не е ограничен на физички ствари. Тој ги опфаќа следниве нешта:

- материјален, подвижен и недвижен имот (стоки, згради, земјиште);
- нематеријален имот (парични средства/фондови, акции, интелектуална сопственост, пензии, права од социјалното осигурување);
- побарувања (обврзувачки судски одлуки, должнички обврски)

Во контекст на заплена, одземање или губиток на имот, сопственоста била засегната со одземање на авион (Босфорус Ервејз [Bosphorus Airways] против Ирска, 2005), заплена на имот во тек на кривичната постапка (Tendam против Шпанија, 2010), како и заплена на имот во друга земја (Сакоќа [Saccoccia] против Австрија, 2008).

Мешање во уживање на правото од членот 1 од Протоколот бр. 1 – три правила.

По првиот чекор, Судот ќе утврдува дали постои (или дали имало или ќе има) мешање во уживање на имот. Тоа ќе опфаќа испитување на релевантни чинења или нечинења за да се види дали тие влијаат врз уживање на имотот за кој станува збор. Одлуката на Судот ќе биде донесена врз основа на испитување кое од трите правила се однесува на дадената ситуација.

Членот 1 од Протоколот број 1, кој го гарантира правото на заштита на сопственоста, содржи три засебни правила кои се меѓусебно поврзани. Првото правило е од општ карактер и го изразува принципот на мирно уживање во сопственоста. Второто правило го покрива лишувањето од владение и го прави предмет на одредени услови, додека пак, Третото правило препознава дека државите потписнички имаат право, меѓу другото, да ја контролираат употребата на сопственоста во согласност со општиот интерес. Секоја интервенција во правото на сопственост мора да биде во пропорционален однос со целта.

Прво правило. Со првото правило се утврдува општо начело дека поединците имаат право на мирно уживање на имот (сеопфатна формула). Второто и третото правило треба да се толкуваат во светлото на ова општо начело.

Второ правило. Второто правило се однесува на лишување од сопственост, односно

укинување на сопственичко право на поединец. За да утврди дали имало или ќе има „лишување“, судијата разгледува дали поединецот е во можност (или ќе биде во можност) да го користи, продаде, подари или на друг начин да врши сопственички права над конкретниот имот. Ситуацијата може да биде различна односно да е извршен формален пренос на правото или фактичко оневозможување односно, формална експропријација или фактичко завземање со неможност од употреба и користење на имотот)

Одземањето може да биде фактичко (de facto) или правно (de jure). Начелно, фактичко одземање има кога надлежните власти (т.е. некој државен орган) се мешаат во уживање на имот, но не го укинуваат правото на сопственост. Треба да се напомне дека Судот постапува внимателно кога треба да признае фактичко одземање за потребите на членот 1 став 2 од Протоколот бр. 1 доколку сопственичките права не се формално укинати. Во предметот Ентрие (Hentrich) против Франција (1994) Судот сметаше дека превентивно одземање на имотот на апликантката извршено од даночните власти, откако тој имот ѝ бил продаден на апликантката за прениска цена, претставувало фактичка експропријација бидејќи превентивното одземање, всушност, претставувало одземање на имот на апликантката во смисла на членот 1 од Протоколот бр. 1.

Кога дејствијата со кои се ограничуваат сопственички права се разгледуваат како одземање, не се применува секогаш второто правило, туку може да биде применливо третото правило.

Трето правило. Третото правило се однесува на контрола на користење на имот во склад со општиот интерес. Контрола на користење на имот постои кога надлежен орган дефинира прописи во општ интерес, со кои правото на сопственикот во поглед на користење на имотот ќе се ограничи, но кои нема да вклучат одземање на имот. Притоа, се испитува пропорционалноста што претпоставува правична рамнотежа меѓу барањата од општ интерес на заедницата и барањата за заштита на основните права на поединецот. Пропорционалноста со тоа не значи и гаранција за целосна пазарна вредност како еквивалент, но компензација според релевантни закони за конкретниот случај.Кога се работи за контрола на имот, државата има широко, но не и неограничено поле за проценка. Контролата над имотот мора да биде заснована врз општ пропис и не може да биде арбитрерна (Пајн Вели Девелопментс д.о.о. [Pine Valley Developments Ltd] против Ирска, 1993). Судот често ја наведува заплената во извршна постапка како пример за контрола на имот во склад со третото правило.

ЕСЧП во секоја своја одлука независно дали утврдува или неутврдува повреда на право, упатува порака до Државата во поглед на согледаните недоследности и степенот на заштита на правата од аспект на Конвенцијата. Дискреционо право или слободна проценка им припаѓа на државите да ги проценуваат околностите и постапувањето според нивна проценка при утврдување на законодавството и други правни работи за исполнување на своите обврски кои произлегуваат од Конвенцијата.

Државна контрола над користење на имот може да има многу поширок обем отколку лишување од сопственост. Државата може да спроведува „контрола“ применувајќи прописи со кои од поединците се бара да преземат некои дејствија (Денев (Denev) против Шведска (одл.), 1989) или прописи со кои се ограничуваат активностите на поединец – на пример:

- контрола на планирање;
- одлуки кои се однесуваат на животната средина;
- одлуки за одземање на имот;
- одлуки за заплена.

Судот нагласува дека овие три правила не се различни и неповрзани. Второто и третото правило се примери на мешање во мирно уживање на имот и, како такви, овие правила треба да се толкуваат во светлото на општото начело содржано во првото правило (Џејмс [James] против Обединетото Кралство, 1986). Ако мешањето во правото на имот не може да се подведе под второто и третото правило, се применува првото правило.

Оправдување за мешање

Последниот чекор што Судот треба да го направи за да процени дали дошло до повреда на членот 1 на Протоколот бр. 1 е да одреди дали мешањето во правото на сопственост било оправдано. За да биде оправдано, постапувањето на државата мора да премине низ тристепен тест: мора да биде законито, да се стреми кон легитимна цел и мора да воспостави правична, сразмерна размнотежа помеѓу правата на поединец и легитимната цел кон која се стреми постапувањето.

а. Законитост

Прво, мешање на државата во имот на апликантот мора да биде законито, што значи дека мора да има јасен основ во домашното право и да биде во склад со начелото на владеење на правото. Законитост не значи само дека државата мора да постапува според јасни правила на домашното право, туку и дека мора да ги применува во правична и соодветна постапка – овие мерки мора да бидат одредени и извршени од соодветен орган и тие не треба да бидат арбитрерни. Накратко, за мешањето да биде законито, тоа мора да биде засновано врз националното право (Босфорус Ервејз против Ирска, 2005) и мора да им биде јасно, предвидливо на оние на кои тоа се однесува и прецизно.

Меѓутоа, државите не се спречени да ги изменат своите закони така што ретроактивно да регулираат трајни фактички ситуации или правни односи.

На апликантот во предметот Бакланов против Русија му биле одземени 250.000 американски долари поради криумчарење, откако бил претресен на аеродром, а не пријавил дека со себе го носи тој износ во готови пари. Со оглед на тоа што бил осуден на условна казна од две години затвор, парите му биле одземени како предмет на криумчарење.

Апликантот му се жалел на Судот дека парите му биле одземени без законски основ во смисла на членот 1 од Протоколот бр. 1. Судот сметаше дека релевантното домашно право не е доволно јасно за да „му овозможи на апликантот да ги предвиди, во мера која е разумна во дадените околности, последиците на своите дејствија“. Причина за тоа било тоа што новиот Кривичен законик повеќе не предвидувал одземање на имот во такви околности како претходниот Кривичен законик, а невоедначената домашна судска практика не придонела за разјаснување на ова прашање. Согласно на тоа, Судот утврди повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1.

б. Легитимна цел

Најбитниот предуслов за оправдување на интервенцијата во сопственичкото право е неговата правна легитимност, а секоја интервенција во правото на сопственост мора да биде во пропорционален однос со целта, која е легитимна, и која се сака да се постигне. Второ, мешањето на државата во правото на мирно уживање на имот мора да се стреми кон легитимна цел, во јавен или општ интерес. Членот 1 од Протоколот број 1, исто така, бара секое попречување да биде разумно, сразмерно со целта што треба да

се реализира. Неопходната праведна рамнотежа нема да биде постигната онаму каде што засегнатата личност носи индивидуален и преголем товар. Имајќи го предвид широкиот спектар на политики кои можат да влијаат врз имотот на некој начин, во некој облик или во некој степен, кој државите го применувале, Судот прифаќа дека државата има широко поле за проценка да одреди што е, а што не е во јавен или општ интерес. Кога државното мешање вклучува социјална и економска политика која се спроведува преку закон, Судот „ќе ја почитува проценката на законодавецот за тоа што е „во јавен интерес, освен доколку таа проценка е очигледно без разумна заснованост.“

Во предметот Риела и други (Riela and Others) против Италија италијанските органи им одзеле имот на апликантите врз основа на тоа што имотот претставувал имотна корист, односно произлегол од криминал. Имало значајни докази дека првите двајца апликанти биле членови на криминална организација и дека тие го стекнале одземениот имот со своите активности во таа организација. Апликантите се жалеле врз основа на членот 1 од Протоколот бр. 1 дека со мерката одземање било повредено нивното право на почитување на имот.

Судот во предметот Риела утврди дека иако мерката одземање на имот несомнено довела до мешање во правото на апликантите од членот 1 од Протоколот бр. 1, легитимна цел на борбата против криминални организации слични на мафијата во Италија е во таа мера значајна така што мешањето на државата не било несразмерно во однос на таа цел. Од таа причина не беше утврдена повреда на Конвенцијата и апликацијата беше прогласена како очигледно неоснована.

в. Сразмерно мешање

Најпосле, мешање на државата во имотот мора да биде сразмерно. Помеѓу правата на апликантите на мирно уживање на имот и барањата сврзани за јавниот интерес мора да биде остварена правична рамнотежа. Правична рамнотежа нема ако сопственикот поднесува преголем товар. Со тоа се нарушува правната сигурност (законитоста) која е составен дел на Конвенцијата. Поимот правична рамнотежа Судот го толкува автономно, што значи дека во случај на мешање во правото на имот, од државите се бара тоа да може да се изврши само кога е загарантирана рамнотежа помеѓу јавниот интерес и интересот на поединецот. Овие правила за првпат се изнесени во пресудата Sporrong and Lonnroth против Шведска.

Во демократско општество кое се придржува кон владеењето на правото ниту една одлука која е произволна не може да се смета за законска. Оваа констатација

најдобро ја илустрира предметот Стојановски и др. против Македонија, пресуда од 23.10.2014 година. Имено, на апликантите им било оспорено правото да си ја повратат сопственоста врз одземената земјишна парцела иако бил исполнет законскиот услов за тоа, односно земјиштето претставувало градежно неизградено земјиште во време на поднесувањето на барањето за денационализација. Надлежните органи неточно го толкувале и примениле релевантното право и погрешно ги утврдиле фактите на случајот. Поконкретно, органите го игнорирале извештајот од увидот на лице место кој бил изведен како доказ во текот на друга постапка за денационализација, која се однесувала на истата земјишна парцела а која му претходела на барањето на апликантите. Управниот суд се осврнал на фактичката состојба на денот кога било извршено вештачење со дополнителен увид на лице место, занемарувајќи ја состојбата на земјиштето на денот кога било поднесено барањето за денационализација, како што предвидува Законот. Била донесена пресуда, спротивна на пресудата донесена од истиот судски совет во друга постапка која се однесувала на преостанатиот дел од истата земјишна парцела.Судот ги идентификува недостатоците, постапувањето спротивно на воспоставената домашна пракса и заклучува дека дејствието на државата било незаконито и арбитрерно, осудувајќи го пропустот на судот, повикувајќи ги надлежните органи на постапување согласно нивната должност да обезбедат суштествено и задоволително образложение како би го оправдале отстапувањето од воспоставената судска пракса.

Во предметот АГОСИ против Обединетото Кралство апликантот им продал 1.500 златници кругеранд (со ликот на јужноафриканскиот претседател Кругер) на двајца мажи, кои потоа биле уапсени при обидот да ги прокриумчарат во Обединетото Кралство. Златниците биле одземени како предмет на криумчарење.

Со договорот за продажба на златниците било предвидено дека сопственоста над златниците нема да биде пренесена додека претпријатието не прими пари, а бидејќи не бил исплатен чекот што му бил даден на претпријатието АГОСИ, претпријатието тврдело дека златниците требале да му бидат вратени бидејќи тие сè уште биле во сопственост на претпријатието. Апликантот му се жалел на Судот дека одземањето на златниците претставувало повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1, бидејќи тој не извршил никаков прекршок. Судот во овој предмет при оценување на сразмерноста утврди:

„Државата има широко поле за проценка, и во поглед на изборот на средствата за извршување и во поглед на проценката дали последиците од извршувањето се

оправдани во општ интерес и заради остварување на конкретната легитимна цел.“

ПРИМЕРИ

- Абуфада против Франција

Во 2005 год. жалителите купиле куќа со средства од депозит и со подигнување кредит. По неколку месеци, во судска истрага била откриена голема операција со дрога, организирана од синот на жалителите. Биле извршени финансиски проверки на неговите средства со цел да се утврди дали биле сторени кривични дела незаконското потекло на средства и перење пари. Синот во 2008 год. бил осуден на 7 години а жалителите на 3 години затвор од кои 2 год.биле условна осуда. Истотака, судот наредил куќата да биде конфискувана. Било утврдено дека синот бил одговорен за работите околу куќата, вршел уплати, учествувал во трошоците околу куќата. Било утврдено дека тие знаеле за активностите на синот. Им било дозволено да останат во куќата, со плаќање месечна закупнина од 900 евра до наоѓање на алтернативно сместување. Државата ја превзела куќата во месец Јуни 2011 год.

Конфискацијата била законски предвидена и насочена кон целта од јавен интерес за борба против трговијата со дрога, по пат на одвраќање од идејата за прикривање незаконски стекнат имот и перење пари.

Во однос на лицата кои биле во постојан контакт со лице вклучено во вршење кривични дела кои се казнуваат со казна затвор во траење до 5 години и кои не можеле да докажат дека имале средства кои кореспондирале со нивниот начин на живот или да го покажат зконитото потекло на имотот што бил во нивно владение, законодавната рамка предвидела една претпоставка – се претпоставува дека засегнатите лица профитирале од средствата или имотот кои ги стекнале со измама, со целосно познавање на фактите. Во таков случај, целиот имот или дел од имотот чие финансиско потекло не биле во можност да го објаснат би можело да се конфискува како дополнителна казна. Ова е соборлива претпоставка и во случајот жалителите можеле да избегнат осуда доколку го покажеле законитото потекло на финансиските средства и имот. Меѓутоа, жалителите не можеле да го докажат законско потекло на нивните финансиски средства. Животниот стил им бил несразмерен со пријавениот приход а особено внимание било обрнато и на поведението на жалителите и бил земан во предвид фактот дека не можело да не бидат свесни за потеклото на парите кои им биле давани на располагање од страна на нивниот син.

Судот прифатил дека дел од средствата за купување на куќата не потекнувале од приходите од трговија со дрога, односно уплатите по 2006 год. не биле спорни. Сепак,

повеќето од средствата биле стекнати од приходите од трговија со дрога во која бил вклучен нивниот син. Одлуката на домашните судови да ја конфискуваат куќата ја дефинира легитимната желба строго да се казнат кривичните дела слични со незаконско стекнување имот, кои се случиле во контекст на трговија со дрога од големи размери на локално ниво. Во смисла на штетата предизвикана од дрога, разбирливо е дека властите на државите договорнички би требало да покажат голема строгост кон оние што придонеле за ширење на ова зло.

Мешањето во правото на жалителите на непречено уживање на нивната сопственост не било несразмерно со целта од општ интерес кон која се стремело. Заклучок –недопуштено, очигледно неосновано.

- Жалба бр.60266/14 Ирена Спировска и Игор Спировски против Република Северна Македонија

Жалителите се државјани на Република Северна Макединија. Жалба во Судот поднеле согласно чл.1 од Протоколот 1 во врска со одбивањето на нивното барање за надомест на штета поврзана со клевета.

Владата со своја изјава изразила признание и подготвеност да им плати парични износи од по 2.700 Евра обештетување како компензација за прекршување на чл.1 од Протоколот 1, бидејќи со одбивање на барањето да добијат надомест, било повредено нивното право на сопственост, која сума е во разумен износ и со која би била надоместена сета материјална и нематеријална штета и во согласност со судската пракса во рок од 3 месеци од денот на известувањето. Во смисла на наведеното, Владата предложила Судот да заклучи дека од било која друга причина не е повеќе оправдано да се продолжи со разгледување на жалбата.

Со писмо, жалителите се изјасниле дека не се задоволни со условите на изјавата, предложениот износ не е доволен и соодветен за наведената повреда.

Судот ја испитал изјавата в.в. принципите што произлегуваат од неговата пракса (прелиминарни приговори) и констатирал дека Владата јасно прифатила дека било повредено правото на сопственост на жалителите и дека националното законодавство имало ограничен опсег на примена.

Согласно признанието и предложените износи кои соодветствуваат со износите доделени во слични случаи, Судот сметал дека не е оправдано да се продолжи со разгледување на жалбата. Оценил дека доколку наведениот износ не се исплати во утврдениот рок, да се плати камата... Доколку не бидат исполнети обврските од Владата, Судот може жалбата повторно да ја стави на списокот на предмети, согласно

чл.37 од Конвенцијата. Согласно своето дискрециono право доделил правни трошоци според судската пракса во износ од 650 Евра. Од наведените причини, Судот едногласно ги земал во предвид условите во изјавата на Владата, според чл.1 од Протоколот 1, одлучил да ја отфрли жалбата, да се плати износот од 650 Евра во рок од 3месеци во спротивно да се пресмета соодветна камата.

- Стефанови против Бугарија - 65688/12 од 30.03.2017 год.

(Мешање во правото на мирно уживање на имотот како последица од лишување од адекватен надомест.)

Подносителите на претставката, брачните другари Стефанови заедно со нивниот син од Државата купиле стан во Софија во површина од 144 м.кв., кој стан станал државна сопственост во рамките на национализацијата спроведена од комунистичкиот режим по 1945 год.

Во 1992 год. наследникот на сопственикот на станот пред национализацијата подигнал тужба против Стефанови, според чл.7 од Законот за враќање, со барање нивното право да се прогласи неважечко и тужба rei vindicatio. Постапките правосилно завршиле во 2004 год. Во однос на тужбата по чл.7 од Законот за враќање, судовите го прогласиле сопственичкото право на подносителите на претставката како неважечко, заклучувајќи дека го купиле станот спротивно на закон, бидејќи подрачјето каде се наоѓал станот било резервирано за изградба на згради со повеќе од три ката а законодавството во тој период забранувало продажба на станови во такви згради. Во 2005 год. подносителите на претставката поднеле прекршочна тужба против Општина Софија како правен следбаник на Државата во врска со станбениот имот. Градскиот суд во Софија 2010 год. го усвоил нивното барање но, Апелациониот суд во Софија ја поништил одлуката и барањето го одбил. Врховниот касационен суд со пресуда од 4. 4. 2012 год. утврдил дека имаат право да ја добијат само цената која ја платиле во 1990 год, која со тек на годините многу девалвирала па, им припаѓал еквивалент од околу 12 Евра.

Владата доставила изјава со која побарала Судот да постапи согласно чл.37 од Конвенцијата и да ја прифати повредата на чл.1 од Протоколот а на подносителите да им се исплати износ од 42.000 евра на име маеријална и нематеријална штета. Подносителите на претставката не се согласиле со понудениот износ. Судот при проценка на предлогот забележал дека Владата ја прифаќа повредата на чл.1, но не понудила соодветен надомест, бидејќи понудениот износ не бил ни близу до износот што би го понудил Судот. Од тие причини Судот сметал дека, со цел почитување на

правата загарантирани со Конвенцијата, е обврзан да продолжи со разгледување на предметот и го отфрлил предлогот на Владата за одјава на предметот. Судот забележал дека подносителите на претставката го изгубиле станот во 2004 год. и не поднеле барање во рок од 6 месеци од правосилноста на пресудата. Меѓутоа, потсетил дека во одредени случаи во врска со лишување од имотот при доделување било каков надомест, релевантните случувања се сметале за континуирана состојба, а рокот од 6 месеци почнува да тече кога се решени сите прашања во врска со надоместокот, што во случајот се смета денот на правосилност на пресудата од 04.04.2012 год. и прифатил дека барањето е поднесено на време и прифатливо. Подносителите на претставката навеле дека е повреден чл.1 од Протоколот 1со аргумент дека имотот им бил одземен неправедно без нивна вина и не добиле адекватен надомест. Судот нашол дека предметот треба да се решава според случајот Велкови и други како и подоцнешни предмети. Судот истакнал дека лишувањето од имотот како резултат на Законот за враќање, несомнено претставува мешање на Државата во имотните права. Ова мешање е засновано на важечки закони и бидејќи тужбата била поднесена во рок од 1 година од стапување во сила на Законот за враќање, може да се смета дека е дел од мерките кои се однесуваат на периодот на правна и економска транзиција во Бугарија, по завршување на тоталитарната власт.Тоа значи дека предметот бил во домен на легитимни цели на кои се засновал и Законот за враќање. Исто така, Судот забележал дека подносителите на претставката биле лишени од својот имот како последица на мали недостатоци во купопродажниот договор од 1990 год., бидејќи договорот бил склучен спротивно на забраната на продажба на двоспратни згради во областите предвидени за изградба на згради со повеќе од три ката, но, Судот утврдил дека за таквата грешка одговорна била власта а не подносителите. Во недостиг на други релевантни околности, Судот смета дека во случајот правична рамнотежа според чл.1 од Протоколот 1 не може да се постигне без адекватен надомест. За сторената повреда на чл.1 , ослонувајќи се на дотогашната судска пракса и имајќи ги во предвид сите околности, им доделил надомест на материјална штета од 75.000 евра.

Одлуката на судот е – постои повреда на чл.1 од Протоколот 1.

- Петрови против Бугарија – 9504/09 13.10.2016 год.

Подносителите на претставката се брачни другари, Бугарски државјани кои живеат во Софија. Родителите на брачниот другар биле сопственици на куќа која била експроприрана во 1986 год. заради изградба на станбена зграда и улица. Одлуката за експропријација била донесена според Законот за просторно и урбанистичко

планирање од 1973 год. со услов подносителите да добијат трособен стан како надомест. Во 1990 год. подносителите со децата се сместиле во трособен стан, сопственост на Општината каде живееле до 2004 год. од каде заради здравствената состојба на мајката на подносителот се преселиле во друг подобар стан. Во 2005 год. поднеле тужба против Општина Софија тврдејќи дека претрпеле материјална и нематеријална штета поради пропустот на Општината да изгради и им предаде стан кој им припаѓа.Окружниот суд ја отфрлил тужбата и утврдил дека не претрпеле штета бидејќи биле сместени во стан сопственост на Општината и дека Законот предвидува посебно решение за лица во ситуација како нивната, односно давал можност за барање за повторно вреднување на експропријаниот имот. Подносителите поднеле барање за нова процена но, Општината со писмо од 2006 год. ги известила дека немаат право да бараат процена бидејќи не се сопственици наимотот.Повисоките судови го прифатиле ова образложение. За постапките платиле судски трошоци од 612 Евра. Во меѓувреме станот бил изграден и во него се вселиле во 2006 год.

Судот го отфрлил оспорувањето на Владата дека небиле исцрпени сите домашни правни лекови, бидејќи подносителите барале нова проценка што значи дека ефикасно ја следеле релевантната процедура. Владата не тврдела дека изјавата на општинските власти дека подносителите немаат право на нова проценка е погрешна.Со одлуката од 1986 год.за експропријација во која се наведува дека на подносителите ќе им биде даден надомест за имотот е создадено право кое Власта не го оспорува. Ветениот стан се квалификува како имот во смисла на чл.1. Пропустот на власта да го обезбеди станот 13. претставува мешање во непреченото уживање на имотот. За прашањето – дали Државата ја исполнила својата обврска според чл.1, Судот морал да разгледа дали постои правична рамнотежа помеѓу јавниот интерес и правото на подносителите. Судот одлучил дека траењето на обезбедување надомест заедно со недостигот на волја во Власта да го реши проблемот, претставуваат фактори кои може да ја спречат правичната рамнотежа помеѓу јавниот интерес и интересот на подносителите на претставката. Иако правото за добивање стан го стекнале во 1986год., станот не им е доделен до 2006 год.Одлагањето и пасивниот став на власта создале кај подносителите период на неизвесност што се смета за посебен и претеран товар за нив. Според тоа, заклучок на Судот е дека дошло до повреда на чл.1 од Протоколот 1 на Конвенцијата. Бидејќи не биле во можност да го користат и уживаат во станот подолг временски период претрпеле материјална штета која Судот ја утврдил на износ од 7.000 евра а исто така и нематеријална штета како резултат на претрпено разочарување и им доделил по овој основ 4.000 евра.

Одлука – постои повреда на чл.1 од Протоколот 1

- Витек против Германија – 37290/97 од 09.07.2003 год.

Мешање во мирното уживање на имотот како резултат на одбивање на барањето од страна на судовите да се врати имотот не постои повреда.

Подносителите на претставката купиле куќа во Лајпциг за 56.000 германски марки на Ист. Германија. Куќата била изградена на државно земјиште на кое добиле плодоуживање според одредбите на Граѓанскиот законик. Во Октомври 1989 год. побарале формална дозвола да ја напуштат земјата, бидејќи сметале дека се дискриминирани на политичка основа во својата работа. Од Окружното одделение за внатрешни работи биле известени дека за издавање на дозвола за напуштање на земјата би морале трајно да го пренесат имотот со продажба или подарок. На 08.12.1989 год. имотот го подариле на брачен пар со нотарски акт во кој била наведена вредноста од 120.000 Герм. марки, а всушност парот кој го земал станот на подарок платил износ од 55.000 Герм. марки на банкарска сметка во Швајцарија. Подносителите тврделе дека вистинската вредност на имотот изнесува 600.000 герм. марки. Владата ја оспорила вредноста наведувајќи дека тие имале само плодоуживање на земјиштето.По спојувањето на Германија, подносителите се обиделе да ја повратат куќата и плодоуживањето од купувачите а подоцна и во постапки пред граѓанските и управните судови во Сојузна Република Германија. Имено, во 1991 год.побарале од судот во Лајпциг налог за враќање на куќата и поправка на уписот во земјишниот регистар. Нивното барање било одбиено а Окружниот суд ја одбил жалбата оценувајќи дека не е извршен пренос на имотот, бидејќи подарокот и продажбата биле неважечки во Источна Германија. Сојузниот суд во својата одлука утврдил дека станува збор за надлежност на управните судови, според важечкото законодавство и тоа Резолуцијата за вонредни имотни прашања и управна постапка но, барањето им било одбиено а поднеле и тужба до Уставниот суд кој ги одбил сите претходни тужби.

Подносителите се повикале на кршење на чл.1 од Протоколот 1, поради одбивање на Германските судови да наложат враќање на имотот кој се наоѓа на територија на Источна Германија.

Владата истакнала дека и да имало мешање на Државата, тоа било предвидено со Законот за имот и во јавен интерес, односно не било произволно, туку од страна на надлежните судови и дека подносителите примиле праведен надоместок.

Подносителите тврделе дека преносот бил извршен под притисок на властите и со тоа неважечки и дека Законот за имот престанал да се применува по 18.10.1989 год.

Судот ја прифатил надлежноста и утврдил дека подносителите биле сопственици на имотот заедно со плодоуживање на земјиштето, дека преносот на земјиштето бил неважечки според одлуката на Сојузниот суд и дека подносителите на претставката не можеле да воспостават право на враќање. Утврдил дека имало мешање на Државата во мирното уживање на имотот.

Разгледувајќи го прашањето дали мешањето било оправдано, Судот утврдил дека било засновано на Законот за имот, Законот бил достапен до сите а негова цел била решавање на сите имотни спорови по повторното спојување на Германија и создавање прифатлива рамнотежа, следејќи ја целта која е во јавен интерес.

Што се однесува до прашањето дали мешањето било сразмерно, според судската пракса, особено мора да постои разумен однос на сразмерност помеѓу користените средства и целта која сака да се постигне со било која мерка која лицето го лишува од неговиот имот. Судот констатира дека единствен интерес на подносителите на претставката било плодоуживањето, согласно Законот на Ист. Германија, така што тие не би можеле да го задржат имотот дури и да ја замениле куќата во Ист. Германија. Крајно, пресуден факт за судот било дека подносителите ја купиле куќата во 1986 год. за 56.000 Герм. марки, дека ја подариле во 1989 год., при што купувачите им исплатиле 55.000Герм. марки, што по курсот за трансакции меѓу приватни лица било еквивалентно на износ од 220.000 Герм. марки во Ист. Германија. Според наведените факти а особено вонредните околности на повторното соединување на Државата, Судот смета дека тужената држава не ја пречекорила границата на проценка. Имајќи ја во предвид легитимната цел која е постигната, постигната е правична рамнотежа помеѓу интересот на подносителите на претставката и општиот интерес на Германското општество. Заклучува дека не постои повреда на чл.1 од Протокол 1.



Слика 2.Чеканот на правдата

(Примерите содржат податоци за фактите, образложението и донесената одлука на Судот а секоја одлука е достапна на линкот escp - hudoc /)

Користени материјали - Одлуки на Европскиот суд за човекови права, Водич за имплементација на чл.1 од Протокол 1 од ЕКЧП, Билтен за судска практика на Европскиот суд за човекови права.

3.1.Совесни трети лица

Значаен проблем се јавува кога трето лице, кое постапувало во добра верба (совесно и чесно), трпи последици од заплена или одземање/конфискација на имот. Судот во минатото имаше разбирање за таквите апликанти, бидејќи воочуваше дека трети лица трпеле сериозни последици поради одлуки за заплена и одземање/конфискација. Кога одлучува за барања на трети лица во врска со членот 1 од Протоколот бр. 1, Судот ќе има предвид два главни фактори.

Прво, тој ќе разгледа дали засегнатото трето лице имало можност ефективно да изнесе свои барања во поглед на имотот и дали тие барања биле земени предвид во постапките на извршување. Второ, Судот ќе го има предвид однесувањето на апликантот и степенот на вина, како и дали домашните судови во доволна мера ги разгледале овие фактори.

Значајни предмети кои се однесуваа на трети лице се АГОСИ против Обединетото Кралство (погоре) и Ер Канада [Air Canada] против Обединетото Кралство (1995), во кои беше прифатено дека трети лица претрпеле сериозни последици поради одлуки за заплена и одземање/конфискација.

Во предметот Ер Канада против Обединетото Кралство Службата за царини и акцизи запленила авион кој му припаѓал на претпријатието „Ер Канада“, откако во авионот било пронајдено големо количество на дрога. До запленатa дошло по долготраен историјат на криумчарење дрога во кое биле вклучени „Ер Канада“ и британски аеродроми, како и по низа повици на британските органи до „Ер Канада“ да ги засили безбедносните процедури на аеродромот „Хитроу“, каде што била извршена запленатa. Авионот бил задржан неколку часа и бил пуштен откако претпријатието-апликант платило 50.000 британски фунти за да му биде вратен авионот. Претпријатието-апликант му се пожалило на Судот дека запленатa на авионот и условите поставени за негово враќање довеле до повреда на негови права од членот 1 од Протоколот бр. 1 и членот 6.

Во предметот Ер Канада, како и во предметот АГОСИ, на крајот не беше утврдена повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1. Во овој предмет беше земено предвид дека историјатот на апликантот во врска со инцидентите кои се однесувале на криумчарење на дрога и тоа што претпријатието не ја зголемило безбедноста влијаеле

врз одлуката на Комесарот за царина и акцизи да го заплени имотот на претпријатието. Судот понатаму напомна дека одлуката за одземање на имотот била разгледана пред суд и дека апликантот имал можност ефективно да изнесе свои аргументи во овој предмет и да пружи докази за своите тврдења. Исто така, апликантот имал можност да бара судско преиспитување на одлуката, но не го направил тоа. Поради тоа, не беше утврдена повреда.

Во предметот Андоноски против Македонија (2015) може да се види на кој начин Судот му пристапува на разгледувањето дали засегнатото трето лице било во можност ефективно да изнесе свои барања во однос на имотот.

Во предметот Андоноски против Македонија возилото на апликантот било запленето откако полицијата го запрела со неколку илегални странци кои биле патници во возилото. И тој и патниците биле лишени од слобода, а возилото било привремено запленето. Апликантот потоа бил обвинет за криумчарење на луѓе, иако потоа имало откажување од гонење бидејќи не се знаело дали неговите патници биле илегални мигранти.

Меѓутоа, еден од патниците бил осуден за криумчарење на луѓе и домашниот суд наложил да се одземе возилото на апликантот бидејќи тоа било средство со чија помош било извршено кривичното дело. Апликантот му се жалел на Судот дека му се повредени права од членот 1 на Протоколот бр. 1. Судот сметаше дека одземањето на автомобилот претставувало траен и конечен пренос на имот, кој, врз основа на второто правило од членот 1 на Протоколот бр. 1, претставува одземање на имот.

Иако Судот пресуди дека е јасно дека апликантот делувал во добра верба и дека одземањето на имотот било несразмерна мерка, тој, исто така, истакна дека според домашното право автоматски и без исклучок се изрекува одземање на кое било возило користено за криумчарење на луѓе, поради што апликантот немал никаква можност да изнесе свои аргументи или да бара надомест. Поради тоа, утврдена е повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1.

4.ОДЗЕМАЊЕ ПРЕДМЕТИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

Со судска одлука со која се утврдува незаконитоста на дејствието на сторителот се одзема имотната корист. За негово усвојување кумулативно треба да се исполнат три услови:

- судска одлука со која се утврдува извршување на кривично дело
- кривично дело со кое е прибавена материјална корист
- имотната корист не е целосно покриена со имотното побарување на оштетениот



Слика 3.Конфискација на имот

4.1.Одлуки за замрзнување и овластувања во истрага

На одземање или конфискација на имот му претходи замрзнување на имот во текот на истрагата, со што привремено се спречува располагање со тој имот. Замрзнувањето на имотот е чекор кој е од големо значење за да се спречи да се сокрите или потроши имотот кој може да биде одземен. Сите меѓународни конвенции ги обврзуваат договорните страни да усвојат мерки за замрзнување на имот и да ги воспостават другите истражни овластувања. Овие мерки се разработени во Директивата, вклучувајќи гаранции за осигурување на наредбата за замрзнување да не остане во сила подолго отколку што е потребно, а замрзнатиот имот кој не е одземен треба да му се врати на сопственикот.

4.2.Обично одземање на имот

Обично одземање или конфискација на имот засновано во пресуда претставува една од најважните алатки за одземање на имот. Одземањето е обично кога од лицата се одзема економска корист или корист стекната врз основа на кривично дело за кое тоа лице е осудено со правосилна пресуда. Тоа му овозможува на судот да одлучи врз основа на која на лицето ќе му биде одземен имотот стекнат со кривично дело.
Имотна корист од кривично дело е дефинирана во Стразбуршката конвенција од 1990 година како секоја економска корист од кривични дела, а може да се состои од секаков вид на имот и исто така ги вклучува сите правни документи или инструменти со кои се докажува сопственост над имотот, или интерес сврзан со тој имот.

Поширока дефиниција е дадена во Варшавската конвенција, која вели дека од вршење на кривични дела, која се состои од секаков вид на имот, како и од сите правни документи или инструменти со кои се докажува сопственост над таков имот.

Имотна корист од кривично дело е широко дефинирана и во Директивата од 2014 година. Под неа се подразбира: секоја економска корист која произлегува од вршење на кривично дело може да се состои од секој вид на имот (вклучувајќи и правни документи или инструменти кои докажуваат сопственост над таков имот) и вклучува секое подоцнежно реинвестирање или преобразување на директна имотна корист од страна на осомничено или обвинето лице и секоја парична погодност.

4.3.Одземање на вредност и мешање на имот

Во некои ситуации не е важно да се одземе имот стекнат со кривично дело, поради што обичното одземање на имот може да биде тешко изводливо. Може да се случи кога имотната корист од кривино дело е преобразена или претворена во друг облик на имот. Во таков случај, мерките кои овозможуваат одземање на паричен износ што одговара на вредностите на приходите од кривичното дело може да претставуваат делотворно средство. Овој облик е познат како одземање на вредност.

Друга ситуација во која не е возможно да се одземе имот од кривично дело настанува кога таквата имотна корист е помешана со имот стекнат од законски извори. Тоа е познато како мешање на имот. На мешање на имот се реагира со воведување на конкретни мерки кои овозможуваат одземање на одреден износ на измешан имот кој ја

покрива проценетата вредност на имотната корист од кривично дело.

Варшавската конвенција ги обврзува договорните страни да усвојат мерки за одземање на вредности; таа дополнително ги обврзува договорните страни да овозможат одземање на имот во кој е преобразена или претворена имотната корист и да овозможат одземање на измешан имот до висина на проценетата вредност на имотната корист која е измешана.

Стразбуршките конвенции од 1990 и 1999 година предвидуваат само обврска да се усвојат мерки за одземање на вредности и не регулираат непосредно прашања кои се однесуваат преобразување, претворање или мешање на имот. Намерата е овие прашања да се опфатат со широката дефиниција на имотна корист која покрива секаква економска корист од кривично дело. Може да се смета дека преобразен, претворен или измешан имот кој произлегува од вршење на кривично дело може да биде одземен без дополнителни одредби, врз основа на тоа што од имотот останува економската корист.

4.4.Одземање на предмети

Предметите се сите работи кои се користени или наменети за користење, на било кој начин, во целост или делумно, за извршување на кривично дело. Во нив спаѓаат превозни средства кои се користени за сокривање на стока при криумчарење или опрема која е наменета за извршување на кривично дело. Стразбуршките конвенции, Варшавската конвенција и Директивата од 2014 година одредуваат дека секоја договорна страна мора да воведе мерки кои овозможуваат одземање на предмети.



Слика 4.Одземање на предмети

4.5.Одземање на приходи и друга корист од имот стекнат со кривично дело и корупција

Имотна корист стекната со криминал и корупција или имот кој во таа имотна корист е преобразена или претворена, може да влијае врз растот на приходите или други парични погодности. Важно е сите такви користи да бидат подложени на одземање во соодветни случаи доколку се сака да се обезбеди кривичните дела и корупцијата да не бидат наградени.

Варшавската конвенција изрично одредува дека таков приход и корист се одземаат на ист начин и во ист обем како и имотна корист стекната со кривично дело.

Стразбуршката конвенција го третира ова прашање на друг начин, преку дефиницијата "имотна корист од кривично дело" која вклучува секоја економска корист од извршено кривично дело. Тоа ги опфаќа користите во облик на приходи добиени од имот стекнат со извршување на кривично дело, иако можеби постоела загриженост дека тоа не е во потполност јасно, ша Директивата од 2014 година ја проширува дефиницијата на "имотна корист" така што ги опфаќа сите "парични погодности."

4.6.Префрлање на товарот на докажување

Важен елемент на режимот на одземање на имот и во однос на проширено одземање на имот и во поширока смисла, е начинот на кој се одредува кои средства се подобни за одземање. Без соработка од сопственикот може да биде тешко да се докаже дека имотот има недозволено потекло, така што може да се смета дека е прикладно товарот на докажување дека средствата имаат дозволено потекло да биде врз обвинетиот.

Во еден број на меѓународни стандарди се сугерира овој пристап така што се одредува дека секоја договорна страна ја разгледува можноста да бара сторителот на кривично дело да покаже дека е законито потеклото на наводната имотна корист од кривично дело или друг имот подобен за одземање во мера во која такво барање е во склад со начелата на домашното право и карактерот на судските и другите постапки. Варшавската конвенција во овој дел е воздржана. Таа ги обврзува договорните страни да усвојат мерки кои се однесуваат на тешки кривични дела со кои ќе се бара од сторителот да го покаже потеклото на имотот, кој наводно е подобен за одземање иако

државите можат со декларација да ја одвијат оваа обврска.

4.7.Одземање од трети лица

Јавен функционер кој учествува во криминални дејствија може да се обиде да избегне мерки на одземање на имот така што средствата кои ги претставуваат имотната корист стекната со кривично дело ќе ги пренесе на трети лица, на пример роднини или лица над кои сторителот на кривичното дело има контрола. Конвенциите на ОН и Советот на Европа не содржат посебни правила за одземање на имот од трети лица,иако тоа е потенцијално опфатено со нивните општи одредби за одземање на имот.

Директивата од 2014 година содржи разработени одредби за одземање на имот од трети лица. Таа бара изведување на мерки кои ќе овозможат одземање на имот од трети лица кога трето лице стекнало имотна корист од обвинетиот, или друг имот чија вредност одговара на имотната корист, доколку третото лице врз основа на факти и околности, барем знаело или морало да знае дека целта на пренесување или стекнување на имот била да се избегне одземање на имотот. Фактот дека имотот е пренесен без надомест или за износ кој е значително помал од пазарната вредност може да укаже дека третото лице имало такви сознанија.

Во смисла на заштита за „совесни трети лица“, практиката на ЕСЧП пружа многу ограничена заштита. Во препораките на Директивата од 2014 година изречно се наведува дека одредбите за одземање на имотна корист во овие документи не треба да се толкуваат така што негативно влијаат врз права на трети лица кои постапувале во добра верба, а во Стразбуршката конвенција од 1990 година е предвидено секоја договорна страна да усвои мерки кои се неопходни за да се обезбеди заинтересираните страни погодени со мерки за одземање на имот според Конвенцијата да имаат ефективни правни лекови за заштита на нивните права.

4.8. Одземање на имот кој не е заснован врз кривична пресуда

Постојат ситуации каде што не е можно да се изврши одземање на имот врз основа на кривична пресуда. На пример, можно е да нема доволно докази за кривично гонење, или обвинетиот починал, или е во бегство, или по судската постапка е ослободен од вина. Во такви ситуации нема кривична пресуда, но и понатаму може да биде пожелно да се овозможи постапка за одземање на имот со соодветни заштитни мерки. Некои држави овозможуваат да се водат постапки за одземање на имот и кога не постои осуда во кривична постапка. Тоа се нарекува одземање на имот кое не е

засновано врз пресуда.

Меѓународните стандарди немаат детален пристап во поглед на граѓанско-правното одземање на имот. Причината за тоа може да биде фактот дека одземање на имот во отсуство на осуда во кривична постапка е исклучително чувствителна област поради потенцијално сериозните ефекти на мерките одземање на имот кои би можеле да бидат применети врз основа на граѓанско-правни стандарди на докажување и фактот што одземање на имот во процесна смисла многу често е поврзувано со кривична постапка. Стразбуршката конвенција и Варшавската конвенција не наведуваат изречно дека осуда во кривична постапка е предуслов за одземање на имот, но нивните дефиниции на „имотна корист“ и нивните одредби за одземање на предмети сугерираат дека фокусот во голема мера е врз одземање на имот што е засновано врз кривична пресуда.

Се воочува дека меѓународните стандарди во оваа област се менуваат. За потребите на заемна помош, договорните страни можат да ја разгледаат можноста за преземање на мерки кои можат да бидат потребни за да се овозможи одземање на имот од странско потекло врз основа на одлука на суд на друга договорна страна и ако нема кривична пресуда, доколку сторителот не може да биде кривично гонет поради смрт, бегство или отсуство, или во други соодветни случаи.

Во Варшавската конвенција е наведено, во контекст на соработка со држави-молителки, дека може да биде неопходно државите „во најголема можна мера во согласност со своето домашно законодавство“ да спроведуваат мерки, кога тоа се бара „во однос на кривично дело“, а не обврзувачки како кривична санкција изречена кон кривична пресуда.

Во рамките на ЕУ се развиваат стандарди кои прифаќаат граѓанско-правно одземање на имот. Рамковната одлука од 2005 година во поглед на казниви дела во областа на даноците предвидува дека државите членки можат и во други постапки да одземат од сторителот приходи стекнати со криминал, а не само во кривични постапки. Европската комисија во 2008 година им сугерираше на државите членки да разгледаат воведување на мерки за граѓанско-правно одземање на имот.

Тоа е разработено во Директивата од 2014 година, со која се бара да се воведе одземање на имот кое не е засновано врз кривична пресуда, иако само во ограничени околности, кога болест или бегство на осомничено или обвинето лице создава проблеми за кривично гонење и под услов лицето за чиј имот се работи да мора да има адвокат.

5.СПОРЕДБЕНО КАЗНЕНО ПРАВО И ПОСТАПКИ ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ОДЗЕМАЊА НА ПРЕДМЕТИ

5.1. Апсење претреси и одземање на предмети во САД

Американската казненоправна доктрина има неколку извориштa во кои е предвидено начинот на одземањето на предметите и конфискацијата на имот кои се предмет на кривични дело, меѓутоа како тоа општество на пиедсталот величајќи го поединецот поради заштита на единката од преумерена сила и неправилни истраги обвинетите односно лицата кај кои се наоѓаат предмети од кривични дела ги зачтитила со три амандмани на американскиот устав, тоа се;

- **АМАНДМАН 4. 1791 година**

Неоправданите претреси за заплена не смеат да го нарушуваат правото на граѓаните и на безбедноста на лицата, становите, хартиите од вредност, имотот и налог за тоа не можат да бидат издадени, освен во овој случај на веројатна основа поткрепена со заклетва или свечена изјава, со точен опис на местото на кој треба да се бараат лица или работи то е предмети кои што треба да се одземат.

- **АМАНДМАН 5. 1791 година**

Никој не може да биде повикан на одговорност за сериозно дело или какво било друго казниво кривично дело, освен врз основа на извештај или обвинение на големата порота, освен за кривични дела сторени во копнени или поморски сили или копнена одбрана, за време на активната служба во тоа време војна или јавна опасност; никој не смее да биде изложен двапати за исто дело опасност по животот, ниту пак можеме да бидеме принудени да сведочиме против тоа на кое било кривично судење самиот, ниту да му го одземе животот, слободата и имотот без соодветна постапка на законот; не ниту, пак, приватниот имот може да се конфискува од јавен интерес без фер надомест.

- **АМАНДМАН 14. 1868 година**

Дел 1.

Сите лица родени или натурализирани во САД и кои се подложни на самата

влас се државјани на Соединетите држави и државата во која тие живеат. Ниедна држава не смее да донесува или спроведува закони што им го негираат правото и заштитата на граѓаните на Соединетите Американски Држави; ниту една држава во САД не смее да го скрати правото на живот, слобода или имот на кое било лице без пропишаното правна постапка, ниту пак може некому да му одземе еднаква правна заштита во границите нивните власти.

Понатаму Амандманот 14 се состои упте од неколку дела и тоа деловите два, три, четири и пет, но во истите се зборива за начинот на извори на преставници како во законодавнитре домови така и функционери на судската управа за заштитата на Индиското домородно население кое ослободено за плаќање на даноци но тоа се прашања кои се донесени заедно со амандманот 14, не истите не се дел од расправата во самата семинарска.

Во четвртиот амандман на Уставот на Сад се регулира заштита која ја уживаат граѓаните од против законити и неосновани претреси и од одземање на предмети кои може да послужат како доказ во кривичната постапка.

Врховниот суд на САД зазел став дека при оценатa на разумноста се зема предвид тежината на загрозеноста на јавниот интерес која се заштитува со одземањето на предметите, степенот на кој одзменети предмети придонесуваат за поголе заштита на јавниот интерес и сериозноста на индивидуалната слобода.

Според таканаречениот *The plain veiw doctrine,* ако при спроведување законит претрес на простории без оглед дали се приватни или службени, полициските службеници воочат предмети за кои кај нив се создало уверување дека постојат основи за сомневање дека се тие поврзани со кривично дело дека се наменети за сторување на кривично дело, или пак произлегле од сторено кривично дело како иако се работи за стоки надвор од промет (оружје, дроги и слично), тие ќе бидат одземени иако за нив не е издаден посебен судски налог. Судот во подоцнежна кривична постапка ќе утврди далим тие ќе добијат статут на доказ или не.

За обвинетиот петиот амандман од Уставот на САД е важен, поради забраната за двојно судење и казнување. Според овој амандман исто лице неможе да биде судено и казнувани и на државно и на федерално ниво освен во случај кога со стореното кривично дело истовремено се повредени и државни и федерални прописи, во овој случај не се исклучуваат и федерална и кривична постапка.

Почитувањето на процесните правила за обвинувањатра на државно е предвидено во 14 амандман од Уставот на САД којшто забранува лишување од слобода, живот или имот без почитување на процесните правила.

5.2.Кривична постапка во Англија

Англиското законодавство иако се состои од повеќе догми и пишани правила со текот на времето и нивниот акузаторен систем имал потреба од воспоставување на правни правила за постапување на истрагата и норми за самото кривично постапување. Тука може да се спомене Закоонот за кривичната правда од 2005г., потоа Законот за полицијата и за доказите во кривичната постапка, Законот за крунската обвинителска служба.

Кривичната постапка започнува веднаш штим е дојдено до откритие дека е сторено некое кривично дело, но формалните дејствија започнуваат и се превземаат по завршување на фазата на откривање и идентификување на сторителот и конечното обвинувањее за кривичното дело.

Покрај овие дејствија, чија што цел е откривање на сторителот на кривичното дело, во текот на оваа фаза од кривичната постапка, полицијата може да се изврши и претрес на лица, може да одзема предмети и конечно осомниченият моќе да го ли=и од слобода. Покрај широките овластување на полицијата што се состојат во претрес на лица и објекти тие можат да одземат и определени предмети што во текот на истрагата ќе бидат откриени како предмети што настанале како резултат на кривичното дело со кој тоа било извршено со кои сторителот имал намера да го стори кривичното дело или конечно кој може да послужат како доказ во текот на кривичната постапка.

Во најголемиот број на случаи на одземање на овие предмети на полицијата им е потребен посебен налог, освен во случаите кога полицијата има налог за претрес а овие предмети се пронајдени во текон на претресот. По исклучок овие предмети моќе да бодат одземени и без налог на судот доколку до њив се дојде на начин пто е итен односно се откриени како резултат на неодложна иитна полициска интервенција.

5.3.Кривична постапка во Франција

Марките за обезбедување на предмети за време на истрагата и кривичната постапка во Франција укажува на тоа доколку во текот на претресот се пронајдат предмети што потекнуваат од кривичното дело или од кои може да се открие некој факт значаен за истрагата овие предмети може да се одземат. Околку по спроведената постапка овие предмети не бидат конфискувани тогаш тие му се враќаат на лицето од

кое што биле одземени. Опасните предмети или предметите што се надвор од правниот промет се одземаат и се уништуваат по спроведена постапка.

Истражниот судија има истражителска судија, да ги собира доказите и тоа како оние што одат во прилок на обвинението така и оние што одат во прилог на одбраната. Гипревзема сите дејствија за кои смета дека се потребни за утврдување на вистината и проврка на сознанијата, донесува одлука за претрес на простории, за одземање предмети, за замрзнување имот, за прислушување и испитува дали предметот може да оди пред суд или ќе се запре постапката односно донесува одлука за завршување на истрагата и за тоа ги известува страните.

5.4.Кривична постапка во Италија

Во Италија жртвите може да се вклучат во постапката како *Parte civilic.* Италјанскиот ЗКП предвидел дека граѓанската постапка за враќање на предметите или за надомест на штета може да се вршо во кривична постапка од страна на лицето кому кривичното дело му нанело штета, со тоа што и граѓанска тужаба поднесена пред граѓански суд може да се пренесе во кривичната постапка се додека во граѓанската постапка не се донесе мериторна одлука.

Под доказ со исправа се подразбира сето она што е створено а што укажува на факти лица или предмети било да се работи за документи или за предмети створени технични на друг начин. Задолжително се прибираат ако се предмет на кривичното дело или ако потекнуваат од обвинетиот.

Секвестрација исто така се определува со образложен налог и по правило и е доверена на правосудната полиција и таа може да ги опфати предметите на кривичното дело, потребни за утврдување на фактите.

Во стварните мерки на претпазливост ЗКП ги разработува конзервативната секвестрација и превентивната секвестрација.

Конзервативната секвестрација се определува тогаш кога постои основан страв дека недостигаат или може да се загубат средствата за исплата на парична казна за трочоците на постапката или кој било друг износ што се должи на државата.

Тоа значи дека јавниот обвинител бара од судот да донесе решение за конзервативна секвестрација на подвижниот и недвижниот имот на обвинетиот, на износот или на предметите што тој ги должи. Како замена за конзервативната секвестрација ЗПК предвидел можност за гаранција што може да ја даде обвинетиот или граѓанско одговорното лице. Услов за примена на втората стварана мерка

претпазливост-превентивната секвестрација е постоењето опасност дека слободното располагање со определен предмет од кривично дело ќе ги отежне или ќе ги продолжи последиците од кривичното дело односно ќе до олесни сторувањето на други кривични дела.

Против решението за одземање обвинетиот има право да поднесе барање за негово преизпитување.

По вклучувањето на јавниот обвинител правосудната полиција ги спроведува дејствијата што и се поединечно доверени.Таа ги спроведува налозите на јавниот обвинител но превзема и дејствија по сопствена иницијатива за кои веднаш мора да го извести јавниот обвинител така го утврдува идентитетот на лицата кои се предмет на истрагите и сведоците прибира известувања од лица кои може да дадат кпорисни информации, врши претрес на лица и простории, прима пратки и дописи, врши итна проверка на места предмети и лица како и одземање на предмети.

Со одобрение на судијата на претходни истраги се определува присилно доведување заради испитување и соочување се издава покана тогакога мора да се превземат дејствија кои бараат присутви на оштетениот или на лицата кои имаат информации за околностите корисни за целата истрага се врши распит на обвинетиот, претрес, одземање предмети, како и престретнување на комуникации за кое дејствие се бара потврда од судијата.

Јавниот обвинител има овластување подзаконски определените услови да определи и задржување, но во рок од 48 часа мора да побара потврда од судијата на претходни истраги.

Дејствијата што и претходат на расправата се однесуваат на определувањето на датумот на судењето, пооа на правото на бранителот да изврши увид во одземените предмети, да ги разгледа дејствијата и документацијата прибрана во расправниот запис, и да добие препис. Во Италија одбраната има можност за сопствена истрага.

5.5.Кривична постапка во Албанија

Законодавството за одземање на имот во Албанија е сочинето од Кривичниот законик (КЗ, 2017) и Законикот за кривична постапка (ЗКП) (2017), кои ја уредуваат редовната конфискација, врз основа на цврста врска помеѓу кривични дела и имотна корист од кривични дела. Во однос на нејзината суштествена содржина, како мерка заснована врз флексибилна врска помеѓу кривичните дела и имотната корист од кривичните дела, проширената конфискација е уредена со Антимафијашкиот закон

(АМЗ) (2017), кој претставува lex specialis.

Во албанската легислатива најчесто користен концепт е „заплена“ на имотна корист од кривично дело. Сè уште има некои разлики помеѓу заплена и замрзнување, како концепти, но се смета дека запленатa е блокирање на средства врз основа на судска наредба, а замрзнувањето е блокирање на тие средства само врз наредба од извршната власт.

Врз основа на оваа концептуализација, можат да се издвојат два случаи на замрзнување.

Првиот случај е предвиден со Законот бр. 9917 со датум 19.5.2008 година „За спречување на перење пари и финансирање на тероризам“ (2008), со измени и дополнувања (чл. 22). Според членот 22 од овој закон, ЕФР, која е во состав на Министерството за финансии, има право да издаде наредба за замрзнување или блокирање на одредени финансиски дејствија или трансакции (до 72 часа) во случај да е неопходно да се извршат контролни дејствија за стварната природа на тие трансакции.

Вториот случај е сврзан со специјален режим на „замрзнување“, определен со Законот бр. 157/2013 „За мерките против финансирање на тероризам“, изменет и дополнет со Законот бр. 43/2017, кој повеќе потсетува на концептот на замрзнување отколку концептот на заплена (Закон за мерките против финансирање на тероризам, 2017). Според овој специјален режим, Министерството за финансии е овластено да нареди привремено блокирање и заплена на средства кои им припаѓаат на луѓето кои, врз основа на одлука на Владата, се запишани во списокот на лица кои се прогласени како терористи врз основа на резолуции на Советот за безбедност на ОН.

Запленатa како привремена мерка може да биде одредена во текот на два вида постапки: кривичната постапка и превентивната постапка.

Без оглед на постапката, кривична или превентивна, запленатa како привремена мерка, начелно, се разликува од замрзнувањето бидејќи во секој случај привременатa заплена (или конфискација) се применуваат само врз основа на судска наредба. Од друга страна, замрзнувањето е вид на блокада на средства заснована врз наредба издадена од извршната власт (Министерството за финансии или ЕФР).

а) Заплена во тек на кривична постапка

Заплена (како и конфискација) во текот на кривична постапка се уредени со КЗ (2017), како и со ЗКП (2017).

Како што е определено со ЗКП (2017), јавниот обвинител и судот можат да наредат два вида на мерки: заплена како доказно средство и заплена како мерка на безбедност.

Заплена како доказно средство. Доказната заплена, како што е определено со членот 208 од ЗКП (2017), може да биде наредена од јавен обвинител, како и од судот по службена должност. Таа се наредува во врска со кој било предмет или средство што се смета како важно за презентирање како материјален доказ пред суд во тек на кривична постапка. Во случај на итност, како што е определено во членот 300 од ЗКП (2017), дури и службеници на правосудната полиција (СПП) имаат овластување да извршат доказна заплена. СПП можат да извршат таква заплена кога сметаат дека предметите се доволни за користење како доказен материјал и кога постои ризик за нивна загуба или изменување поради немање можност веднаш да се контактира со јавен обвинител.

Заплена како мерка на безбедност. Во тек на кривична постапка можат да се донесат два вида наредби за заплена, имено, 1) превентивна заплена и 2) конзервирачка заплена. Овие два вида на заплени се во секој случај барани од јавен обвинител и се извршени и засновани само врз судска наредба.

1) Превентивна заплена. Членот 274.1 на ЗКП (2017) предвидува дека превентивна заплена може да се примени поради тоа што средствата се сврзани со кривично дело и во присуство на ризик дека нивната слободна достапност може да ги влоши последиците од кривично дело или да го помогне сторувањето на други кривични дела. Во однос на средствата, превентивна заплена може да се примени на „кое било средство сврзано со кривично дело“, вклучувајќи предмети со кои било извршено кривично дело или имотна корист од кривично дело.

2) Конзервирачка заплена. Според членот 270 од ЗКП (2017), конзервирачка заплена може да се примени поради тоа што обвинетиот не дал никаква гаранција за исплата на финансиската штета на жртвите или на државата. Во однос на видот на средствата, поинаку од превентивна заплена, конзервирачката заплена не е насочена кон средства сврзани со кривично дело. Таа се применува само за средства со легитимно потекло со цел да се гарантира исплатата на финансиски обврски на обвинетиот кон жртвата или кон државата, во случај обвинетиот да биде огласен за виновен на крајот на кривичната постапка.

б) Заплена во текот на превентивна постапка

Според членот 5 од АКЗ (2017), постапките за заплена/конфискација во превентивна постапка се засновани врз одредбите на изменетиот АКЗ, надополнет со одредби на ЗКП (2017). Во случаи кога е донесена наредба за заплена/конфискација на

истите средства и во кривична постапка и во превентивна постапка, судот кој ја издал наредбата за заплена/ конфискација во текот на превентивна постапка наредува суспензија на таквите мерки до моментот кога судот надлежен за таа кривична постапка ќе ја укине наредбата за заплена/ конфискација во текот на кривичната постапка.

АКЗ допушта примена и на таканаречена еквивалентна заплена/конфискација во форма на проширена заплена/конфискација. Како што е определено во членот 12-а, заплена/ конфискација може да се примени за други средства освен оние кои подлежат на заплена или конфискација, дури и ако се од законско потекло, во случај нивниот законски сопственик да ги пренесе, злоупотреби, уништи, сокрие или обезвредни средствата кои подлежат на наредба за заплена или конфискација со цел да избегне извршување на таа мерка (АКЗ, 2017). Овој механизам може да се примени дури и кога средствата се прибавени од трети страни во добра верба. Конечно, членот 12-б допушта еквивалентна заплена/конфискација дури и врз основа на спогодба помеѓу јавниот обвинител и законските сопственици на средствата (АКЗ, 2017).

Предлог или барање за привремени мерки. Нема одредби кои специфично ја предвидуваат формата на барање на јавен обвинител кое се однесува на заплена или конфискација во кривична или превентивна постапка. Соодветните закони (ЗКП и АКЗ) не обрнуваат многу важност на нивната форма. Законите определуваат, како општ законски услов, дека барањето мора секогаш да е оправдано и засновано врз законски основи.

Во однос на името на обвинителскиот акт за заплена, тоа е изразено на следниве начини:

- За заплена во текот на кривична постапка, ако таа е доказна заплена – одлука (како што е определено со членот 208 од ЗКП [2017]). Ако таа е една од заплените како мерка за обезбедување (превентивна заплена или конзервирачка заплена) – барање (како што е определено со членовите 270 и 274 од ЗКП [2017])
- За заплена во текот на превентивна постапка – барање.

Нема можност јавниот обвинител во своето обраќање до судот да побара кумулативно да се одреди заплена и конфискација, дури и барање за замрзнување, со оглед на тоа што последно спомнатото не спаѓа во надлежност на Судот. Замрзнувањето се одредува врз основа на наредба на Министерството за финансии или

ЕФР (видете погоре).

Наредување на привремени мерки. Во текот на кривична постапка судот, начелно, може да одреди заплена/конфискација само врз основа на барање од јавен обвинител. Направен е исклучок за доказната заплена, како што е определено со членот 208 од ЗКП (2017), која може да биде наредена од суд по службена должност, без какво било барање од јавниот обвинител, кога судот смета дека е важно определен предмет да се презентира на судењето како материјален доказ.

Ако подоцна во текот на кривичната постапка јавниот обвинител одлучи да се укине запленатa/ конфискацијата, мора да се поднесе барање до судот, а запленатa/конфискацијата може да се укине само со одлука на судот.

Истото може да се каже за заплена во текот на превентивна постапка. Судот може да наложи заплена/конфискација само по барање од јавен обвинител. Во случај јавниот обвинител да бара укинување на таа заплена, судот може да наложи конфискација на запленетиот имот ако смета дека тоа е законито, како што е определено со членот 12 од АКЗ (2017).

Во текот на превентивна постапка. Правните причини во судска наредба со која е наредена заплена се исти како што е опишано погоре при начелното објаснување на правните причини за заплена.

Во однос на процедурата, како што е определено со членот 12 од АКЗ (2017), барањето за заплена се испитува во присуство на јавниот обвинител, во рок од 5 дена од датумот на неговото поднесување и врз основа на документи поднесени од јавниот обвинител како доказ, што се приложени кон барањето. Судската одлука станува извршна по нејзиното објавување во период од шест месеци. Не подоцна од пет дена пред истекот на овој временски рок, Судот закажува специјална расправа, во присуство на јавниот обвинител, како и заинтересираната странка и евентуално, адвокат/и на таа странка. На крајот на оваа расправа Судот донесува одлука за укинување на мерката заплена на средството или наредува негова конфискација, дури и во случај кога јавниот обвинител бара укинување на мерката. Пропустот на судот да одржи специјална расправа предизвикува згаснување на мерката.

Во текот на кривична постапка. Правните причини од судска наредба со која се наложува заплена во кривична постапка се исти како оние што се предвидени на горе опишаниот начин при објаснување на правните причини за заплена во кривична постапка.

Во однос на имињата на судскиот акт со кој се врши заплена, тие се следните:

- Кога се врши доказна заплена – одлука (како што е определено со членот 208 од ЗКП [2017]).
- Кога запленатa се врши како мерка на безбедност (превентивна заплена или конзервирачка заплена) –одлука (како што е определено со чл.270 и 274 од ЗКП [2017]).

ЗКП (2017) не ги предвидува детално елементите на судските постапки во случај на одлука за доказна заплена.

ЗКП (2017) не ги предвидува детално елементите на судските постапки во случај на одлуки за заплени како мерки на безбедност (превентивна заплена и доказна заплена). Но бидејќи овој вид на заплена се бара од јавен обвинител во текот на истражната фаза на кривична постапка, одлуката на судот се донесува на нејавна седница (на советот) и само во присуство на јавниот обвинител. По извршувањето на запленатa, странките можат да ја оспоруваат судската одлука со жалба до апелационен суд во рок од 10 дена од нејзиното добивање.

Во кривичната постапка. Според членовите 217 и 218 од ЗКП (2018), истиот судија поединец на судот или истиот јавен обвинител кој соодветно наложил доказна заплена можат да наредат нејзино укинување, кога ќе утврдат дека запленетиот предмет повеќе не служи како доказ во кривичната постапка.

Дури и во однос на заплени како мерки на безбедност (превентивна заплена или конзервирачка заплена), конзервирачката заплена може да се укине од истиот судија поединец на судот кој ја наредил, како што е определено со членот 272 на ЗКП (2017), во случај обвинетиот да нуди друга адекватна правна гаранција (хипотека, авансирана уплата, парична гаранција итн.). Според членот 275 од ЗКП (2017), превентивната заплена може да се укине од судскиот совет по донесување на одлука со која е утврдена невиност на обвинетиот или се отфрлени обвиненијата на крајот на судењето.

5.6.Кривична постапка во Хрватска

Во постапка за кривичното право на Хрватска положбата на државниот јавен обивнител е определена со одредбата од членот 38 со која меѓу другото тој;

- ги превзема дејствијата потребни за откривање на кривични дела и пронаоѓање на сторителите.
- Врши увид, дава налог и врчи надзор над спроведувањето увиди заради прибирање на податоци важни за поведување истрага.

- Донесува налог за поведување истрага и ја спроведува истата.
- Презема и врши надзор над доказните дејствија.
- Предлага привремени мерки за обезбедување и за одземање имотна корист.
- Донесува одлука за олагање на кривичното гонење.
- Го поднесува и застапува обвинението и предлага издавање на казнен налог.
- Преговара и се спогодува со обвинетиот за признание на вината и санкцијата.

Кај правните лекови во Интересно е да се спомене дека исто како и во нашиот ЗКП лицето од кое пто е одземено предметите или имотната корист има право на жалба.

5.7.Кривична постапка во Србија

Според кривичниот законик во Србија, привремено се одземаат предметите со цел да послужат како доказ во кривичната постапка. Овие предмети се предаваат на чување во судот. При одземање на предметите се назначува каде се пронајдени тие се опишуваат, а по потреба и на друг начин се обезбедува утврдување на нивната идентичност и се издава Потврда за одземни предмети.

5.8.Кривична постапка во Босна и Херцеговина

ЗКП во БиХ кривичното гонење му го доверува еденствено и исклучително на јавниот обвинител односно законодавството во оваа држава не го познава ниту институт оштетен како тужител ниту пак приватниот тужител кој би имал право на функцијата кривично гонење кога во случај ќе се откаже Јавниот обвинител.
Привремено одземање на предмети и имот според ЗКП на Бих може да се јави;

- како привремено одземање на предмети што според КЗ на БиХ мора да бидат одземени.
- Привремено одземање предмети што може да служат како доказ во кривичната постапка.Заради прибирање податоци ставени во компијутар или во слични уреди за автоматска обработка на податоци.
- Одземање депозити.
- Одземање писма, телеграми и пратки, финансиски трансакции.
- Привремење одземање имот поради обезбедување.

Овие мерки ги определува судот по налог на обвинителот. Лицето од кое што се одземаат предметите има право на жалба, а незаконито одземени предмети не може да бидат доказ во постапката.

Законска рамка за примена на привремени мерки на обезбедување на имотна корист. Системски прописи од процесен карактер на повеќе различни места ја нормираат материјата на привремени мерки за обезбедување на имотна корист. Најпрво тоа се прави во рамките на одредбите на ЗКП кои уредуваат дејствија на докажување, поточно, привремено одземање на предмети и имот, така што пропишуваат дека со судска одлука, на предлог на јавното обвинителство, може да се одреди мерката (привремено) одземање на имот и тоа оној имот кој треба да се одземе според одредбите на Кривичниот закон, мерката заплена или друга неопходна мерка со цел да се спречи користење, отуѓување или располагање со тој имот (ЗКП на БиХ, 2018, чл. 73; ЗКП на ФБиХ, 2014, чл. 87; ЗКП на РС, 2018, чл. 138; ЗКП на ДБ, 2014, чл. 73). Значи, ова дејствие според својата содржина навистина се состои од привремено одземање на имот, но целите и природата на дејствието (прибирање и обезбедување на докази за потребите на кривична постапка) се сосема поинакви од мерките за обезбедување на имотна корист, бидејќи таа материја е уредена со посебна глава на процесниот закон.

Во рамките на ова дејствие треба да се спомне и дејствието „наредба до банка или друго правно лице“, во чија рамка е пропишано дека судот може со решение да му нареди на правно или физичко лице привремено да запре извршување на финансиска трансакција за која постои сомневање дека претставува кривично дело или е наменета за извршување на кривично дело, да служи за прикривање на кривично дело или за прикривање на добивка остварена со кривично дело (ЗКП на БиХ, 2018, чл. 72; ЗКП на ФБиХ, 2014, чл. 86; ЗКП на РС, 2018, чл. 136; ЗКП на ДБ, 2014, чл. 72).

Заштита на правата на трети лица. Кога се во прашање системски прописи на ниво на БиХ, ентитетите и дистриктот Брчко, тие во поглед на извршување на одлуки за трајно одземање на имотна корист, по правило, упатуваат на примена на прописите на извршното право, кои содржат одредби за правата на трети лица во текот на извршната постапка.

Посебните закони во тој правец пропишале посебни одредби, па во Федерацијата на БиХ (2014) со одредбата од чл. 23 е предвидено дека трето лице има право да поднесе приговор против решение за извршување и право да бара укинување на привремена мерка (доколку таа била одредена во постапката). Со истата одредба е пропишано постапувањето на судот по овој приговор и други прашања кои се

однесуваат на користење на јавни исправи при докажување на права на трети лица, примена на правила за законски претпоставки и др.

Во Република Српска во рамките на посебниот закон (2018) не се пропишани одредби за правата на трети лица во постапката за извршување.

Во дистриктот Брчко одредбата од чл. 23 од посебниот закон (2016) го уредува ова прашање на истоветен начин како федералниот пропис.

5.9.Кривична постапка во Германија

Според ЗКП на Германија, со истрагата раководи државниот обвинител и тој ја понесува одговорноста за собирање на доказите. Според законот на полицијата и е доделена улога на орган кој треба да му овозможи поддршка на обвинителството во оперативна смисла.

Може да презема и определени дејствија закои постои опасност од одлагање, но за тоа мора да го извести обвинителот што ја води истрагата, но во практиката на Германското обичајно право ова функционира сосема поинаку, имено полицијата независно ја спроведува истрагата и дури по нејзиното завршување му го предава предметот на обвинителот.

5.10.Кривична постапка во Русија

Постапката за кривичната судска постапка на територијата на Руската Федерација е утврдена според Кодексот врз основа на Уставот на Руската Федерација. Постапката за кривичната судска постапка утврдена со тој законик е задолжителна за судовите, обвинителствата, органите на претходна истрага и истражни органи, како и за другите учесници во кривичната судска постапка.

Судот, обвинителот, истражителот или барателот се должни на осомничениот, обвинетиот, жртвата, граѓанскиот тужител и граѓанскиот обвинет, како и на другите учесници во кривичната судска постапка да им ги објаснат нивните права, одговорности и одговорност, и да се гарантира можноста за остварување на овие права.

Доколку лицата кои поседуваат имунитет на сведоци се согласат да дадат исказ, барателот, истражителот, обвинителот и судот се должни да ги предупредат наведените лица дека нивното сведочење може да се користи како доказ во текот на понатамошната

постапка во кривичната постапка.

Руската Федерација ги извршува наредбите за претрес или одземање на имот, под услов:

а) Прекршокот што го мотивира барањето е казниво и според законот на државата барател и според законот на Руската Федерација;

б) Прекршокот што го мотивира барањето во Руската Федерација е дело казниво со казна затвор не помала од една година или со построга казна;

в) Усогласеноста со барањето не е во спротивност со важечките закон на Руската Федерација

Барање од покраински членки насочено кон Руската Федерација

Во барањата мора да се наведе локацијата на имотот што треба да се одземе. За да може да се изврши барањето за заплена на имот и замрзнување на сметките, од државата барател се бара да ја докаже врската помеѓу имотот чија заплена се бара и конкретните незаконски операции или криминални активности.

Барањето мора да биде придружено со соодветните судски одлуки издадени во државата барател или образложение за постапката за заплена на имот во согласност со важечките закони на Руската Федерација.

Според рускиот закон, конфискацијата на имотот е можна само со судски налог или врз основа на друга судска одлука издадена за исходот од судењето во соодветната кривична материја.

Во согласност со одредбите од член 1041 од Кривичниот законик на Руската Федерација, конфискацијата на имот вклучува негово задолжително ненадоместливо одземање и претворање во државна сопственост по осуда за одредени категории на криминал.

Според член 243 од Граѓанскиот законик на Руската Федерација, во случаите предвидени со важечкиот закон, имотот може да се земе без надомест од неговиот сопственик врз основа на судска пресуда како санкција за извршување на кривично дело или друго дело (конфискација). Со цел да се спроведе оваа категорија барања, се преземени сите можни мерки во рускиот правен систем за да се продолжи со извршување до степенот наведен во барањето и до степен до кој тоа се однесува на приносите од криминал лоцирани во Руската Федерација.

5.11.Кривична постапка во Кина

Според кривичното право на Народна Република Кина, конфискацијата на имот се однесува на конфискација на дел или на целиот имот што е во лична сопственост на криминалец. Кога е изречена конфискација на целиот имот на криминалецот, ќе се извади износот неопходен за дневните трошоци на самиот криминалец и на членовите на семејството што ги издржува. Кога е изречена казна за конфискација на имот, имотот што го поседуваат или треба да го поседуваат членовите на семејството на криминалецот нема да биде предмет на конфискација.

Кога е неопходно да се искористи дел од одземениот имот за враќање на легитимните долгови што ги направил криминалецот пред да му се одземе имотот, долговите се враќаат на барање на доверителите.

При изрекувањето на казната за криминалец ќе се изрекува казна врз основа на фактите, природата и околностите на кривичното дело, степенот на нанесената штета на општеството и соодветните одредби од овој закон.

Во случај кога околностите на кривичното дело налагаат потешка или полесна казна кој како тежина го даваат и враќањето на украдените предмети или имот стекнат на нелегален начин согласно одредбите на Кривичниот кинески законик има интересна одредба каде криминалецот ќе се казни на кривична санкција во границите на пропишаната казна, а без влијание на износот на стекнатата имотна корист или надоместената штета како отежителна или олеснителна околност. Само во случај кога околностите на кривичното дело налагаат ублажена казна според одредбите на овој закон, криминалецот би можел да се казни со казна помала од пропишаната казна. Во случаите кога околностите на кривичното дело не налагаат ублажена казна според одредбите на овој закон, сепак, имајќи ги предвид посебните околности на случајот и по проверка и одобрение од Врховниот народен суд, криминалецот сепак може да биде осуден на казна помала од пропишаната казна.

Сите пари и имот незаконски стекнати од криминалец ќе бидат одземени, или ќе се наплати или надокнади компензација која ја дозволува Кинеското законодавство; законскиот имот на жртвата ќе се врати без одлагање; а шверцот и имотот на криминалецот што се користат за извршување на делото ќе се одземат. Сите конфискувани пари и имот и глоби кои нема на кого да бидат вратени или пак криминалот ги намножил парите ќе бидат предадени во државната каса и никој не смее да ги присвои или приватно да располага со нив.

5.12.Кривична постапка во Мексико

Во мексиканското казнено право и законик, постојат три постапки со кои државата може да стекне имот што е поврзан со извршување на какво било криминално однесување, тоа се запленување, одземање и напуштање.

Запленувањето е распределба на средства во корист на државата, инструменти или предмети на криминал, и производи од нив, пропишани од страна на судскиот орган. Се приносува на сите инструменти, предмети или приноси од казниво дело што се осигурени и од забранета употреба, така што ги прави оние што се од недозволена употреба, одземањето ќе продолжи само кога делото е намерно.

Напуштањето е губење на правото на сопственост или стварно право. Таа продолжува во однос на сите осигурени стоки што не се запленети и не се подигнати од лицето кое има право на тоа.

Одземањето е губење на правата врз имотот, инструменти, предмети или приноси од криминал, без сметка или компензација на сопственикот или за секој кој имал имот добиен со криминално дејствие. Најчесто Мексиканските судови постапуваат во однос на стоки кои се добиени од истраги иницирани од дела на организиран криминал, криминал со дрога, киднапирање, кражба на возила и трговија со луѓе.

Откако ќе се идентификуваат средствата добиени од казниво дело, Мексиканското законодавство ги нуди следните форми на помош за враќање: одземање на имотот или ограничување на сопственоста врз истиот кога за конкретниот предмет и пронајден имот и средства средства немало осуда, и активниот Федералниот акт за спроведување на одземањето на предмети и имот во кое согласно истиот предвидено е и барање на меѓународната правна помош како поуспешно би се спровело конфискацијата на имот и имотната корист добиена на нелегитимен начин односно актот дозволил вршење дејство на згаснување на доменот на криминалитет преку следење на парите и меѓународната соработка бидејќи Мексико е земја каде речиси секој криминал е организиран и зачинет со меѓународни примеси.

6.КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ СОГЛАСНО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВНО ПРАВО

Конфискацијата на имот во Република С. Македонија е дефинирана со Кривичниот законик (КЗ), каде воедно се определени и условите за нејзино изрекување, додека пак постапката за конфискација на имот и имотна корист е уредена со Законот за кривичната постапка (ЗКП), која е дополнета и со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (ЗУКИ), кој закон воедно ја доуредува институционалната рамка во однос на извршувањето на правосилните одлуки за привремено и трајно одземање на имот.

Важно е да се напомене дека конфискацијата на имот како посебна казнено правна мерка во Р.С. Македонија е воведена со законските измени на Кривичниот законик од 2004год., додека со измените од 2009год. кои стапуваат на сила во 2010год., се воведени и посредната и проширената конфискација, а уредена е и конфискацијата на имот и имотна корист од правно лице. Пред овие измени предвидената законска можност за одземање на имотната корист прибавена од кривично дело постои преку институтот на пленување на имотната корист.

Овој институт е употребуван многу ретко, а една од причините за тоа беше неможноста за обезбедување на правно релевантни докази за утврдување дали определен имот е стекнат со кривично дело или пак навременото прикривање на истиот од страна на осомничените преку финансиски трансакции“.

Постапката за конфискација претрпува промени во неколку наврати, меѓу кои како најзначајни се измените на КЗ, во насока на негово усолгасување со ратификуваните конвенции на Советот на Европа кои се однесуваат на сузбивање на корупцијата и организираниот криминал, финансиските истраги и примената на конфискацијата на имот, како и поради усогласување на домашното со законодавството на Европската Унија во поглед на меѓународната соработка во кривичните и финансиските истраги и меѓусебното признавање и извршување на судските одлуки.
Дополнителни промени во поглед на конфискацијата настапуваат со донесувањето на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во

кривична и прекршочна постапка (ЗУКИ) и формирањето на Агенцијата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Агенцијата) со кои се уреди постапката за привремено одземање и трајно одземање на имот и имотна корист, додека пак со започнувањето со примена на новиот ЗКП во 2013 год. е направена промена на кривичната постапка од инквизиторна во акузаторна, со што воедно, поголем акцент се стави на независната улога на јавните обвинители како странки во постапките кои раководат со истрагите за која цел на располагање ја имаат правосудната полиција.



Слика 5.Судски совет на Република Македонија

6.1. Конфискацијата во Кривичен законик и Законот за кривичната постапка

Во Кривичниот законик на Република С. Македонија конфискацијата е определена во седмата глава и тоа во членовите од 97 до 100, како и членот 100-а кој се однесува на одземањето на предметите што настанале од кривичното дело или биле наменети или употребени за извршување на истото.

Во членот 122, ставови 38 и 39 од КЗ, каде се дефинираат поимите со кои оперира законот е направено разграничување помеѓу поимите „имот“ и „предмети“ од кое може да се заклучи дека интенција на законодавецот била одземањето на предметите во смисла на член 100-а се однесува само на движни предмети кои биле искористени, наменети да бидат искористени или кои настанале со извршување на кривичното дело, па така оваа одредба не претставува конфискување на имотна корист во вистинска смисла и истата не е опфатена со оваа анализа.

Сепак, интересно е што во КЗ наизменично се користат три различни термини: „конфискација“, „пленување“ и „одземање“, без притоа да постои јасно разграничување при употребата на овие поими и без да бидат дадени дефиниции за

овие поими во членот 122 од КЗ. Законските одредби сепак ја следат меѓународно поставената рамка, па конфискацијата во КЗ е определена како посебна мерка со која согласно законските услови присилно се одзема непосредната и посредната имотна корист која е стекната со извршување на кривично дело.

Ова ја класифицира конфискацијата како посебна казнено правна мерка која е правна последица на самото казнено дело и не е врзана со сторителот, ниту пак со казнената одговорност. Во таа насока, согласно домашните прописи мерката конфискација може да се примени и кон трети лица кои не се поврзани со самото казнено дело преку кое е стекнат имотот, а може да биде применета и во услови кога постојат фактички или правни пречки за кривичен прогон, како што е постоењето на имунитет, амнестија, застареност итн. Токму и од овие одредби може да се потврди констатацијата дека конфискацијата не е казна, ниту има ретрибутивна природа.

Поткрепа на ова се и самите начела на справедливост и законитост според кои ниту едно право не може да се стекне без законски или друг правен основ, па поради тоа, со конфискувањето на нелегално стекнатиот имот не се посега по ничии права, туку напротив, се врши враќање на претходната состојба што постоела пред сторувањето на кривичното дело, па оттаму, начелата на справедливост и законитост всушност претставуваат и законски основ за изрекување и примена на мерката конфискација. КЗ ги поставува основите за конфискацијата, па според членот 97 посредната или непосредната имотна корист прибавена со кривично дело, ќе биде конфискувана со судска одлука со која е утврдено сторувањето на кривичното дело, како и во посебна постапка во случаите кога не е возможно да се поведе кривична постапка.

Оттука можеме да заклучиме дека во Република С. Македонија изрекувањето на мерката конфискација е врзано со кривичната постапка, а исто така одредбите го утврдуваат судот како единствен орган кој може да ја изрече оваа мерка. Имотната корист пак, претставува било какво зголемување на имотот што е резултат од казненото дело (како при делата со нелегална трговија со наркотици), како и делот на имотот што не е намален благодарејќи на стореното казнено дело, а ги вклучува и противправно заснованите права и создадената фактичка можност за остварување на добивка кои произлегуваат од стореното кривично дело.

КЗ исто така ја предвидува и посредната конфискација, односно можноста за конфискацијата на имотот кој сам по себе не е директен производ на кривичното дело, но е имот во кој е трансформирана или помешана нелегално стекнатата корист, или е имот кој е производ од понатамошно умножување на нелегално стекнатиот имот. Така,

КЗ предвидува можност конфискација да се изрече на членови на семејството на сторителот, како и на било кое трето лице, доколку истите не успеат да докажат дека за имотот пренесен на нивно име дале соодветен надоместок.

Од самите овие одредби произлегува обврската на лицата кои располагаат со имотот кој е предмет на конфискување да докажат дека имотот е легално стекнат, односно дека за истиот имаат дадено соодветен надомест, со што ефективно е извршено префрлање на товарот на докажување. Ова значи дека за да се утврди дали одреден имот треба да се конфискува, обвинителот не е должен да докаже надвор од разумно сомневање дека имотот е стекнат нелегално, туку истиот треба да понуди доволно докази според кои постои основан сомнеж дека имотот е стекнат нелегално, а лицето кое тврди дека имотот е легално стекнат има обврска да го докаже истото. При тоа лицата на кои паѓа товарот на докажување на легалното потекло на имотот, не мора да бидат обвинети ниту пак е неопходна нивна поврзаност со кривичното дело.

Сепак, тие ги уживаат сите процесни гаранции на субјект на кривичната постапка, па така располагаат со сите права и овластувања да се противат на предлогот за конфискација, како и на утврдувањето на фактот дека имотот со кој располагаат има криминално потекло.

6.1.1.Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Содржината на оваа посебна казненоправна мерка е присилното одземање од сторителот или од трети лица на посредната или непосредната имотна корист прибавена со кривичното дело.Оваа мерка својата основа ја наоѓа во правното начело дека од неправо не може да стане право ,па така согласно чл.97 ст.1 од КЗ, никој неможе да ја задржи имотната корист прибавена со казнено дело.

За примена на мерката конфискација законот предвидува постоење на два услови:

- Извршување на казнено дело и
- Остварување на непосредна или посредна корист со извршениото дело

Согласно чл.530 од ЗКП,имотот или имотната корист прибавени со извршувањето на кривичното дело ги утврдува судот во текот на кривичната постапка.

Од сторителот или трето лице се конфискува имотот и сета имотна корист

прибавена со кривичното дело.

Имотната корист се конфискува со судската одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело.

Посебната природа на оваие мерки овозможува нивна примена кога постојат било какви фактички или правни пречки за водење на кривичната постапка против сторителот.

Фактички пречки се оние кои исклучуваат водење на кривична постапка заради недостапност на извршителот на кривичното дело(во бегство), не постои (умрел, или правното лице е ликвидирано и сл.) и правни пречки кога сторителот е познат и достапен но против него неможе да се води кривична постапка заради возраста (дете под 14 год.возраст), поради имунитет што го ужива сторителот на кривичното дело, застареност на кривичното гонење и сл.чл.97 ст 3 од КЗ.

Во КЗ конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети се издвоени од системот на санкции и се предвидени како посебни казненоправни мерки.

6.1.2.Конфискација на посредна имотна корист

Согласно член 97-а покрај непосредната имотна корист од сторителот ќе се конфискува и посредната имотна корист.

Под посредна имотна корист се подразбира трансформирање на некоја вредност прибавена со кривичното дело во друга вредност.,купен автомобил или друг предмет со украдените пари(т.1), легално стекнат имот кој е помешан со користа прибавена од кривичното дело, до проценетата вреднос од помешаната корист стекната со кривичното дело (т.2) и други приходи или корист помешана со легално стекнат имот исто така до проценетата вредност стекната со кривичното дело (т.3).

6.1.3.Начин на конфискација на имот имотна корист и одземање на предмети

Согласно член 98 од Законот за конфискација од сторителот по службена должност ќе се конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело . Поимот имотна корист подразбира какво било зголемување на имотот преку стореното казниво дело и тоа, украдени предмети,пари од продажба на дрога,награда за сторено казниво дело,примен поткуп и сл.Под имотна корист се

подразбира и дел од имот на сторителот што не е намален како резултат на стореното казниво дело (даночно затајување, фалсификување на документи за признавање на долг и сл.), како и противправно засновање права или фактичка можност за остварување имотна корист.

Сите облици на имотна корист се предмет на два вида конфискација: реална (натурална) и вредносна.Реалната конфискација се состои во одземање на парите, подвижните или неподвижните предмети, како и секој друг имиот или актива и натеријални и нематеријални права.Конфискацијата може да биде во облик на физичко одземање на пари и други видиови на предмети или недвижности или превземање на други дејствија со кои се поништуваат материјалните и нематеријалните права (како опоништување на договор склучен под присилба или конфискување на сите примероци од дело отпечатено со повреда на авторском право и сл.)

Кога не е можна натурална – реална конфискација , во случај кога сторителот го оттуѓил предметот на кривичното дело, од сторителот се се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист (вредносна конфискација). Така кога сторителот ги потрошил парите од примениот поткуп, во висина на примениот поткуп ,ќе се конфискува недвижен или подвижен имот од сторителот.

Бидејќи конфискацијата не е казна, вредноста на другиот имот што се конфискува треба да биде утврдена и да е еквивалентна на користа прибавена со казнивото дело.

Конфискација од трети лица и од членови на семејството Чл.98 став 2 и 3 од КЗ.Конфискација на имотна корист од трети лица за кои таа корист е остварена со извршеноито кривично дело,во прв ред се однесува на законски определени случаи кај кои како посебен елемент на битието на делото е остварување на имотна корист „за себе или за друг“.(злоупотреба на службена положба, поткуп и сл).Оваа одредба се применува и во случаи кога казнивото дело фактички е извршенио за друг, меѓутоа тоа лице не се појавува како сторител. Доколку третото лице знаело или можело да знае дека конкретниот предмет е прибавен со кривично дело,тоа не е трето лице туку сторител на делото прикривање (чл.261 од КЗ) и од него се конфискува користа прибавена со тоа дело.

Имотната корист се конфискува од членовите на семејството на сторителот на кои е пренесена ако е очигледно дека недале надомест соодветна на нејзината вредност

(ст.3), таков е случајот кога сторителот подвижниот предмет , или друга недвижност на член на семејството со договор за подарок.

Кога имотната корист е пренесена на трети лица,ке се конфискува ако истите не докажат дека дале противредност што одговара на вредноста на прибавената корист. Третото лице врз кое фактички или со правно дело е пренесен имот, права и сл. мора да докаже дека дал еквивалентен надомест.

Исклучок е кога се работи за предмети кои се прогласени за културно наследство и природни реткости,како и за предмети за кои оштетениот е лично врзан и истите се конфискуваат без оглед што третото лице дало соодветен надомест (ст.4).

По правило конфискуваните предмети или имотна корист му се враќаат на оштетениот, меѓутоа кога нема оштетен (умрел или правното лице е ликвидирано) или неидентификувани оштетени, (како пример масовна измама на купувачи,при злоупотреба на службена должност),кога стануваат сопственост на државата.(ст.5).

Ако има оштетен со пријавено имотно правно барање,судот првин ке го реши имотноправното барање, а потоа ако имотната корист го надминува имотноправното барање ќе донесе одлука за конфискација (ст.6).

6.1.4.Проширена конфискација

Проширена конфискација согласно член 98-а ст.1 од КЗ се применува спрема сторителот на дело стоорено во рамки на злосторничко здружение со мое се остварува имотна корист за кое е пропишана казна затвор најмалку четири години, како и казнени дела таксативно наброени во оваа одредба.Во оваа одредба определен е и временкиот период во кој е стекнат имотот кој се конфискува, и тоа временкиот период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот,но не подолг од пет години пред сторувато на делото. За примена на предметната конфискација , судот од сите околности основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело.

Законски определените услови за проширена конфискација не имплицираат на префрлање на теретот на докажување врз обвинетиот за докажување на неговата вина за самото дело или претходни криминални активности , ами само во однос на несразмерноста на имотот со кој располага со неговите легални приходи.

Јавниот обвинител да презентира доволно докази врз основа на кои го темели своето

основано сомнение дека обвинетиот е сторител на делото, предвидено во оваа законска одредба,да презентира доволно докази за видот и висината на имотот на обвинетиот и да предложи доволно докази за несразмерноста на инотот со легалните приходи на обвинетиот и за неговото потекло од претходни креминални активнсоти на обвинетиот.

Проширена конфискација према трети лица и членови на семејството аналогно се применуваат одредбите за конфискување од чл.98, имотот се конфискува од лицата за кои е остварен или од лицата врз кои е пренесен,ако не докажат дека дале противредност што одговара на неговата вредност (ст.2 и 3).

6.1.5.Заштита на оштетениот

Кога постои оштетен на чија штета е остварена имотната корист, судот изрекува конфискација доколку остварената имотна корист го надминува износот на имотноправното барање.

Кога оштетениот е упатен на спор,имотната корист се конфискува,а оштетениот ноже да бара да се намири од износот на конфискуваниот имот ако поведе спор во рок од шест месеци од денот на правосилкноста на одлуката со која е упатен на спор и ако во рок од три месеци од правосилноста на одклуката со која е утврдено неговото барање побара намирување од пленетата вреднсот, согласно чл.99 ст.1.

Кога оштетениот во кривичната постапка не пријавил имотно правно барање ,може да бара намирување од конфискуваната вредност,ако за утврдување на своето побарување заведе спор во рок од три месеци од дознавањето за пресудатра со која е конфискувна имотната корист , а најдоцна во рок од две години по правосилноста на одлуката за конфискување на имотната корист и ако во рок од три месеци од денот на прависилноста на одлуката со која е утврдено побарувањето побара намирување од пленетата вреднсот,согласно Чл.99 ст.2.

6.1.6.Пленување од правно лице

Кога правно лице се појавува како извршител на казниво дело или кога со кривичното дело на друг (физичко или правно лице) за правното лице е прибавена имотна корист, истата ќе биде конфискувана од правното лице, согласно чл.100 од КЗ.

6.1.7. Одземање предмети и услови за одземање на предметите

Врз основа на принципот „од неправо неможе да стане право„ одредбата од чл.100-а ст.1 од КЗ предвидува дека никој не може да ги задржи или присвои предметите што настанале од извршување на кривичното дело.

Согласно пак ст.2 од КЗ пропишано е облигаторно одземање од сторителот на казненото дело на предмети што биле наменети или употребени во извршувањето на кривичното дело без оглед дали се негова сопственост или сопственост на трето лице ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот, како на пример употребениот револвер за убиство, возилото со кое се транспортира дрогата , возилото со кое се транспортираат дрва при шумска кражба и сл.

Исто така предметите кои се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело.Овие предмети ќе се одземат кога се во сопственост на сторителот, а по исклучок и кога се во сопственост на трето лице, ако тоа знаело или можело и било должно да знае дека се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело.

При донесување на одлуката за одземање на предмети од ст.2 судот води сметки за принципот на пропорционалност, земајќи ја во обзир видот и тежината на кривицното дело, изречената казна, лични прилики на сторителог или третото лице и други околности поврзани со начинот на извршувае на делото и последиците. Кога се одзема предмет што е сопственост на трето лице примената на мерката не засега во правото на ова лице да бара надоместок на штетата од сторителот на кривичното дело.

Под услови определени со ратификуван меѓународен договор, предметите можат да бидат вратени на друга држава.

Судот донесува одлука за одземање на предмети во посебна постапка законфискација кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело.Овде се работи за околности под кои може да се изрече и мерката конфискација, кога сторителот останал непознат, умрел или е во бегство, настапила застареност на кривичното гонење и сл.

Задолжително одземање на предмети од чл.100-а ст.2 може да се пропише со закон ,ако тоа го бараат интересите на безбедноста, здравјето на лугето или други причини од морален карактер.

Одредбите од овој член соодветно се применуваат и за одземање на предмети од правцно лице.

Во чл.485 ст.3 од ЗКП предвидена е можност за донесување на дополнително решение за одземање на предмети кога со пресудата е пропуштено да се донесе таква одлука

6.1.8. Застареност на извршувањето на споредните казни, на мерките на безбедност, алтернативните мерки, конфискација на имотот и одземање на предмети

Со одредбата од чл.110 од КЗ се определени роковите на застареност на санкциите кои се извршуваат независно од изречената казна затвор во текот на нејзино извршување или по издржана, застарена или простена казна, или кога се изречени како самостојни снкции.

Така извршувањето на паричната казна застарува во рок од две години од денот на правосилноста на пресудата со која е изречена, додека застарувањето на извршувањето кај мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, со истек на рок од пет години од правосилноста на одлуката со која е изречена. Кај казните забрана на вршење професија, дејност, забрана на управување со моторно возило и времено протерување на странец од земјата застарување на извршувањето настапува кога ќе помине времето за кое се изречени .

Кај посебните мерки на конфискација на имиот и имотна корист и одземање на предмети не настапува застареност, тоа како консеквенца од начелото дека од неправото никогаш неможе да настане право. Тоа значи дека криминалниот пренос ќе се конфискува иако настапила застареност на казненото гонење на делото со кое е остварен, што кореспондира со општата одредба за конфискација(Чл.97 ст.3).

6.1.9. Враќање во поранешна состојба

По правило законските рокови се преклузивни и не можат да се продолжуваат. Меѓутоа ако постојат оправдани причини поради кои обвинетиот го пропушти рокот за изјавување жалба на пресуда или на решение за примена на мерки на безбедност, на воспитна мерка или за одземање на имотна корист, судот ќе му дозволи враќање во поранешна состојба заради изјавување жалба, ако во рок од осум дена по престанувањето на причината поради која го пропуштил рокот поднесе молба за враќање во поранешна состојба и ако истовремено со молбата предаде и жалба. Враќањето во поранешна состојба не значи продолжување на рокот за жалба, ами

сонего кривичната постапка се враќа во состојба во која била пред пропуштањето на рокот. Враќањето во поранешна состојба представува правно средство кое му овозможува на странките, односно на обвинетиот,процесно да ги санира последиците кои настанале како последица на пропуштање на законскиот рок.

Молба за враќање во поранешна состојба може да поднесе обвинетиот и тоа во случаи таксативно наведени во Чл.99 ст.1 од ЗКП.

Од законската одредба произлегува дека единствено обвинетиот може да поднесе молба за враќање во поранешна состојба,а не и лицата кои што имаат право да изјават жалба во корист на обвинетиот ,а од оваа законска одредба произлегува дека и јавниот обвинител неможе да поднесе молба за враќање во поранешна состојба.

По истекот на три месеци од денот на пропуштањето, не може да се бара враќање во поранешна состојба.

6.1.10. Предавање на предмети

Согласно чл.115 од ЗКП кога имотноправното барање се однесува на враќање на предмет, а судот во ќе утврди дека предметот му припаѓа на оштетениот и дека се наоѓа кај обвинетиот или кај некој од учесниците во кривичното дело или кај лице на кое му го дале тие на чување, во пресудата ќе определи предметот да му се предаде на оштетениот.

За да донесе одлука со која предметот ќе му биде вратен на оштетениот треба да бидат исполнети два услови. Првиот услов е судот да утврди дека предметот му припаѓа на оштетениот и вториот услов е предметот да се наоѓа кај обвинетиот или кај лица учесници во кривичното дело или кај трето лице на кое муе даден на чување од обвинетиот или од некој од учесниците на кривичното дело.

6.1.11. Привремени мерки за обезбедување на имотноправно барање

Во многу случаи досудувањето на имотноправното барање не му користи на оштетениот, бидејќи неможе да го намири своето побарување заради тоа што обвинетиот нема имот на свое име.

Одредбите од чл.118 од ЗКП дваат можност за определување на привремени мерки за обезбедување на имотноправното побарување според одредбите со кој се регулира извршувањето.

Привремени мерки за обезбедување на имотноправното побарување може да се определат по предлог на јавниот обвинител и други овластени лица во кривичната постапка. Решението од став (1) од овој член во текот на постапката го донесува судијата на претходна постапка.По подигнато обвинение, решението надвор од главна расправа го донесува претседателот на советот, а на главна расправа советот.

6.1.12. Враќање на предмети одземени за време на процесните дејствија

Соглсано чл.119 од ЗКП заради заштита на интересите на оштетениот , ако се во прашање предмети кои му припаѓаат на оштетениот, а не служат како доказ во кривичната постапка ,овие предмети ќе му се предадат на оштетениот пред завршување на постапката, согласно ст.1 од овој член. Ако повеќе оштетени се спорат за сопственост на предметите ,судот ќе ги упати прашањето за сопственоста да го решат во спор , бидејќи судот не е овластен за решавање на граѓански спорови меѓу други лица и утврдување на сопственост, а во кривичната постапка судот ќе определи чување на предметите како привремена мерка за обезбедување.

Предметите што служат како доказ ќе се одземат привремено и по завршувањето на постапката ќе му се вратат на сопственикот. Ако ваков предмет неопходно му е потребен на сопственикот, тој може да му се врати и пред завршувањето на постапката, со обврска по барање да го донесе,согласно ст.3 од овој член

Според став 1 од овој член судот за да ги врати преметите на оштетениот треба судот да утврди дека нему му припаѓаат, а ставот 3 изричито го наведува сопственикот како лице на кое му се враќаат предметите

6.1.13. Привремено обезбедување спрема трето лице

Согласно чл.120 ст. 1 од ЗКП, ако оштетениот има барање спрема трето лице во случај кога кај третото лице се наоѓаат предметите прибавени со кривичното дело или доколку поради сторување на кривичното дело ова лице дошло до имотна корист, судот во кривичната постапка може согласно одредбите што важат за извршувањето да определи и спрема тоа трето лице привремени мерки за обезбедување.

При поднесување ваков предлог, овластеното лице треба да го стори веројатно своето побарување и дека кај третото лице се наоѓаат овие предмети, односно дека третото лице дошло до имотна корист од сторувањето на делото.

При донесување на пресуда, согласно ст.2 со која обвинетиот се огласува за

виновен, судот или ќе ги укине мерките од ставот (1) на овој член, доколку претходно не се укинати, или ќе го упати оштетениот своето побарување да го остварува во спор со тоа што ќе се укинат овие мерки, ако не поведе спор во рокот определен од судот.

6.1.14. Извршување на пресудата во делот на трошоците на кривичната постапка, одземањето на имотната корист и имотноправните барања

Согласно чл,135 од ЗКП извршувањето на пресудата во делот на трошоците на кривичната постапка, на одземањето на имотната корист и на имотноправните барања го врши надлежниот орган определен со закон.

Присилната на плата на трошоците кои настанале со водење на постапката се врши во согласност со одредбите од Законот за извршување.

За одземање на имотна корист надлежна е Агенцијата за управување со одземен имот, согласно со Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети ви кривична и прекршочна постапка.

Постапката за извршување на имотноправното барањесе поведува по барање на субјектот на кој што му е досудено барањето,согласно Законот за извршување.

Присилната наплата на трошоците на кривичната постапка досудени во корист на државниот Буџет се врши по службена должност. Постапката за присилна наплата на овие трошоци ја поведува судот, а ја спроведува УЈП, согласно Законот за извршување. Трошоците за присилна наплата претходно се исплатуваат од Буџетот на РСМ.

Доколку со пресудата не е определен рок за доброволно исполнување на обврската, обврската мора да биде исполнета во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата. По истекот на тој рок пресудата во тој дел станува извршна.

На лицето на кое со пресудтаа му е наредено плаќање на трошоци на кривичната постапка или е одземена имотна корист,пред да пристапи кон присилна наплата на трошоците нан кривичната постапка досудени во корист на државниот буџет и одземање на имотна корист, судот што ја донел пресудтата , по доспеаност на пресудтата и настапување на нејзината извршност ,ќе го повика повика лицето да достави доказ за за навремено исплнување на обврските..Доколку таков доказ не биде доставен,судот што ја донел пресудта по службена должност ќе ја достави пресудата ао потврда за извршност до УЈП како надлежнен орган за извршување.

Доколку од лицето од ставот 4 на овој член биле привремено одземени пари или други вредности кои се наоѓаат кај судот, а лицето со пресуда е задолжено за плаќање

на трошоци на постапката,одземена му е имотна корист или е задолжен со плаќање на имотноправно барање, секретарот на судот ќе нареди наплата на побарувањата на ове побарувања од овие средства. Од овој износ најнапред се наплатува имотноправното побарување, потоа одземената имотна корист, па трошоците на постапката. Ако од одземените пари не можат целосно да се исплатат овие побарувања, за ненаплатениот дел ќе се постапи според одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член.

Ако во пресудата е изречена посебна мерка одземање на предмети, судот што ја изрекол пресудата во прв степен ќе одлучи дали таквите предмети ќе се продаваат според одредбите што важат за извршувањето или ќе се предадат на државни органи, криминалистички музеј или на други институции или ќе се уништат. Парите добиени со продажбата на предметите се внесуваат во Буџетот на РСМ.

Со донесување на Законот за управување со конфискуван имот, имотната корист и одземените предмети во кривична и прекршочна постапка, е регулирано постапувањето со одземените предмети , а Агенцијата за управување со одземен имот ја спроведува постапката на продажба,предавање на одземенитре предмети на државни органи,криминалистички музеи и на други органи или нивно уништување, доколку судот не одлучил поинаку со пресудата.

Одредбите од ст.7 од чл.135 од ЗКП ќе се применат и кога ке се донесе одлука за одземање на предметите врз основа на членот 529 од овој закон.

Во согласност со чл.100-а од КЗ , преметите што биле наменетиу или се употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат од сторителот , без оглед дали се негова сопственост или сопственост на трето лице ,ако тоа е заради општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот. Бидејќи реално може да се појави спор за сопственоста на предметите кои се одземаат од обвинетиот, право на жалба има и лицето од кое се одземаат предметите.

Трето лице кое тврди дека е сопственик на предметите одземени со прависилна одлука во кривична постапка, може во парнична постапка да заведе граѓански спор заради докажување на сопственост над одземените предмети. Освен во постапка по вонреден правен лек ,правосилна одлука за одземање на предмети може да биде изменета со одлука во парнична постапка, ако се јави спор за сопственоста на одземените предмети.

Во глава 6.1 користени се податоци од;

`Кеивичниот законик на РСМ

6.2. Мерки за пронаоѓање и обезбедување на лица и предмети

Поим (Претрес)

Примената на овие мерки представува своевидно ограничување на уставните права на граѓаните,на неповрдливост на домот,на тајноста на писмата и ограничување на правото на слободно користење и располагање со сопственоста. Се работи за мерки кои имаат за цел да се фати обвинет или да се дојде до определени предмети важни во постапката.

Според член 181 став 1 претрес е дејствие на истражување на простории, лица и предмети под услови и на начин пропишан со закон.

Со оглед на фактот да со претресот се навлегуваво приватноста на граѓаните,претресот го извршувањето се спроведува од преостанатиот имот на лицето на кое му е изречена таквата мерка.

Основи за претрес

Без оглед дали се работи за дом или за обвинет или други лица и предмети за да може да се изврши потребно е да бидат исполнети неколку услови предвидении во член 182 од ЗКП.Така треба да постои основано сомнение декане извршенио кривично дело и дека ќе се пронајде обвинетиот кој се бара заради приведување приведување или ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети важни за кривичната постапка.

При издавање на наредба за претрес судот не ја испитува основаноста ,ами проценката за основаноста е оставена на јавниот обвинител.

Претрес на адвокатска канцеларија може да се преземе само во постапка против адвокатот и тоа само за предмет , спис или исправа конкретно наведени вонаредбата за претрес.


Претрес на лице може да се преземе кога е веројатно дека кај него ќе се пронајдат траги или предмети важни за кривичната постапка.

Претрес на дом

Претресот на дом е детално правно регулиран бидејќи од една страна со тоа дејтвие се се ограничува правото на приватен и семеен живот,а од друга страна пак се зема во обзир значењето на ова дејство во кривичната постапка.

Согласно одредбата од чл.183 од ЗКП претресот може да се однесува на една или претрес на повеќе простории кое лицето ги користи како свој дом.

Претресот на дом опфаќа и претрес на подвижните предмети на лицето затечени во домот и другите простории,како е наведено во наредбата за претрес, или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба.



Слика 6.Претрес на дом

Пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци

Пребарувањето на подвижни предмети ги опфаќа и случаите на пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци.

Бидејќи компјутерите и слични уреди сами посебе како подвижни премети не представуваат некаков доказ, ами потребно е да се влезе во нивната меморија за да се добијат податоци кои би представувале доказ во кривичната постапка.

Согласно член 184 од ЗКП по барање на извршителот на наредбата лицето кое го користи компјутерот или има пристап до него или до друг уред или носител на податоци, е должно да овозможи пристап до истите и да ги даде потребните известувања за непречено остварување на целта на претресот.

По барање на извршителот на наредбата ова лице е должно веднаш да преземе

мерки со кои се спречува уништување или менување на податоците.

Доколку лицето кое го користи компјутерот или има пристап до него или до друг уред или носител на податоци, а кое нема да постапи по барањето од извршителот на наредбата без оправдани причини , судијата на претходната постапка ќе го казни според одредбите од членот 88 став (1) на овој закон.

Претрес на лице

Претрес на лице ќе се преземе кога е веројатно дека ке се пронајдат траги или предмети важни за кривичната постапка.

Согласно одредбата од чл.185 од ЗКП претрес на лице опфаќа претрес на облеката, обувките, површината на телото, подвижните предмети што лицето ги носи или се во негово владение, просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во време на претресувањето.

Заради обезбедување на законитост на обезбедените докзи во ставовите 2, 3 и 4 од овој член се предвидени одредени правила при вршење на претресот.

Така претресот го врши лице од ист пол, освен ако тоа не е можно од околностите во кои се врши. Околностите поради кои претресувањето го извршило лице од друг пол ќе се внесат во записникот за претрес.Претресот кој вклучува соблекување на делови од облеката секогаш го врши лице од ист пол.

За претрес на интимните делови на телото или телесните отвори е неопходно изрично одобрение на судот. Интимните претреси ги врши медицинско лице.



Слика 7.Претрес на лице

Барање за издавање на наредба за претрес

Наредбата за претрес е формален акт кој е правен предуслов извршувањее на претрес.

Согласно одредбата од член 186 од ЗКП барањето за издавање на наредба за претрес се поднесува во усна или писмена форма.

Согласно став 2 од член 186 од ЗКП писменото барањето за издавање наредба за претрес мора да содржи:

- назив на судот, како и име и функција на подносителот на барањето,
- факти што укажуваат на веројатноста дека лицето, односно предметите наведени во членот 182 став (1) на овој закон ќе се најдат на означеното или опишаното место или кај определено лице и
- барање судот да издаде наредба за претрес поради пронаоѓање на лице или одземање на предмети.
-

Усно барање за издавање на наредба за претрес

Согласно член 187 од ЗКП барањето за издавање наредба за претрес се поднесува во усна форма кога постои опасност од одлагање .Усното барање на судијата може да му се сопшти по телефон, на радиоврска или преку друго

Согласно став 2 од овој член кога е поднесено усно барање за издавање на наредба за претрес, судијата на претходната постапка натамошниот тек на разговорот ќе го забележи разговорот.Ако се користи звучен или стенографски запис, судијата на претходната постапка е должен да го даде записникот на препис, да ја завери идентичноста на преписот и да ги предаде оригиналниот записник и преписот на судот во рок од 24 часа од издавањето на наредбата.

Решавање по барањето за издавање наредба за претрес

Согласно член 188 од ЗКП по барањето за издавање на наредба за претрес судијата на претходната постапка одлучува веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на барањето. Оваа одредба произлегува од итноста и неповторливоста на претресот како дејствие за обезбедување на лица и докази во постапката.

Содржина на наредбата за претрес

Наредбата за претрес е формален акт и оттука задолжително треба да ги содржи елементите на одредбата од член 189 од ЗКП.

Доколку наредбата не содржи некој од наведените елементи кои не се однесуваат на идентификација на лицето или предметите на кои се однесува, овој недостаток не ја доведува во прашање законитоста на превземените дејствија.

Согласно Член 189 став 1 ,

Наредбата за претрес содржи:

- назив на судот што ја издал наредбата,
- ако наредбата за претрес се издава врз основа на усно барање, тоа ќе се наведе заедно со означување на името на судијата на претходната постапка што ја издава наредбата и времето и местото на издавање,
- органот на кој се однесува наредбата,
- целта на претресувањето,
- име и презиме, а по потреба и опис на лицето кое треба да се пронајде или опис на предметите што треба да се пронајдат при претресувањето,
- одредување или опис на местото што ќе се претресува или лицето кое треба да се пронајде, со наведување на адреса, податоци за сопственикот, односно владетелот на предметот или домот и другите простории и други податоци значајни за утврдување на идентитетот,
- упатство дека наредбата треба да се изврши меѓу 5,00 и 21,00 часот или овластување дека наредбата може да се изврши во кое било време ако тоа судот изрично го одреди,
- овластување на извршителот на наредбата дека може без предавање на наредба да влезе во просториите што треба да се претресат ако тоа судот изрично го одреди,
- упатство наредбата и одземените предмети да му се однесат на судот без одлагање,
- поука дека обвинетиот има право да го извести бранителот и дека претресот може да се изврши и без присуство на бранителот ако тоа го бараат исклучителни

околности и

- потпис на судијата на претходната постапка кој ја издава наредбата и службен печат на судот. Време на извршување на претресот

Согласно одредбата од член 190 од ЗКП претресот мора да се изврши во рок од 15 дена по издавање на наредбата за претрес.

По истек на овој рок наредбата за претрес му се враќа на органот кој ја донел кој ќе ја поништи. Наредбатаза претрес може да се изврши во кој било ден од седмицата. Претресувањето се врши дење а може да продолжи и ноќе ако е започнато дење па не е довршено. Кога постои опасност од одлагање претресувањето може да се изврши и ноќе.

Правила за претрес

Со одредбите од член 191 од ЗКП се регулирани правилата за претрес кои треба да се почитуваат при вршење на претресот.

Така извршителот на наредбата пред да го започне претресот мора да се легитимира и да му ја предаде наредбата за претрес на лицето кај кое или врз кое ќе се врши претресот. Пред претресот лицето на кое се однесува наредбата за претрес ќе се повика доброволно да го предаде лицето, односно предметите што се бараат.

Лицето ќе се поучи дека има право да земе бранител, кој може да присуствува на претресот. Кога лицето на кое се однесува наредбата за претрес бара присуство на бранител почетокот на претресот ќе се одложи до неговото доаѓање, но најдолго два часа. Ако е веројатно дека избраниот бранител во тој рок не може да дојде, на лицето ќе му се овозможи да земе бранител од листата на дежурни адвокати. Ако лицето не земе бранител или повиканиот бранител во тој рок не дојде, претресот може да се изврши и без присуство на бранител.

При извршување на наредбата за претрес со која се одредува претрес на дом кој очигледно е напуштен, извршителот на наредбата не е должен да информира за причините за претресот, туку може да влезе веднаш во домот или друга просторија ако тие се празни или ако оправдано смета дека се празни, или ако со наредбата изречно е овластен да влезе без претходна најава.

Кон претрес може да се пристапи и без претходно предавање на наредбата, без претходна покана за предавање на лице или предмети и без поука за право на бранител,

ако се стравува од уништување или прикривање на трагите на кривичното дело или предметите важни за кривичната постапка.

ЗКП пропишува начин на претрес во простории на државни органи или институции што вршат јавни овластувања или правни лица во кој случај ќе се повика нивниот старешина да присуствува на претресувањето. Кога претресувањето се врши во адвокатска канцеларија во одсуство на адвоктот, се повикува представник на Адвокатската комора, а ако тоа не е можно друг адвокат. Ако повиканиот адвокат не дојде во рок од три часа од повикувањето, претресувањето може да се изврши и без негово присуство.

Ако домот или другите простории се заклучени,мебелот или другите предмети ќе се отворат со сила, ако нивниот држател е одсутен или одбие доброволно да ги отвори.

Целта на претресот е привремено да се одземат само оние предмети и исправи што се во врска со кривично дело и кои може да послужат како доказ во постапката.

Ако во претресувањето се најдени предмети и исправи што немаат врска со кривичното дело за кое се врши претресот ,меѓутоа укажуваат на извршување на друго кривично дело што се гони по службена должност за нивно одземање не е потребна дополнителна наредба.Овие предмети времено ќе се одземат а за одземањето веднаш ќе се издаде потврда за одземањето и веднаш ќе се извести јавниот обвинител.

Записник за претрес

Согласно одредбата од Чл.192 од ЗКП за секој претрес се составува записник во кој се внесуваат и точно се опишуваат предметите и исправите што се одземаат. За одземените предмети и исправи се издава потврда за одземање.По составување зписникот го потпишуваат извршителот на наредбата што го врши претресот, лицето кај кое или врз кое се врши претресот и лицата чие присуство е задолжително.

Текот и начинот на вршењето на претресот може да се сними со апарат за визуелно-тонско снимање ,.Местото на претресот и неговите одделни делови, како и лицата и предметите пронајдени во текот на претресот може да се фотографираат. Доказите обезбедени при претресот можат да служат како доказ во постапката.

Привремено обезбедување и одземање на предмети или имот, наредба за

привремено одземање на предмети

Член 194 од ЗКП утврдува два облика на привремено одземање предмети и тоа, предмет кои според од КЗ треба да се одземат и предмети што треба да послужат како доказ.Таквите предмети ќе се одземат привремено и ќе му се предадат на чување на јавниот обвинител или органот определен со посебен закон или на друг начин ќе се обезбеди нивното чување.

Првата група тоа се претежно предмети кои според КЗ мора да се одземат ,поаѓајќи од одредбата на чл.100-а ст.1 од КЗ според која никој немоќе да задржи или присвои предмети што настанале од извршување на кривичното дело. Овие предмети во претежен дел не постпеле пред извршување на криувичното дело и се создадени со извршувањето на кривичното дело, како на пример фалсификувани пари, порнографски снинки и слично.а согласно ст.2 од овој член од сторителот ке се одземат и предмети што биле наменети или се употребени за извшување на кривичното дело,без оглед дали се сопственост на сторителот на кривичното дело или на трето лице.

Втората група предмети кои привременои се одземаат од сторителот ,тоа се предметите кои во кривичната постапка можат да послужат како доказ.

Наредбата за привремено одземање на предмети ја издава судот по предлог на правосудната полиција или јавниот обвинител.

Со наредбата се наложува на определено лице да ги предаде предметите заради што и законот предвидува задолжителни елементи на истата**.** назив на судот , правен основ за привремено одземање на предмети, определување и прецизен опис на предметите што треба привремено да се одземат, име и презиме на лицето од кое треба привремено да се одземат предметите, место на кое, односно во кое треба привремено да се одземат предметите, рок во кој треба да се одземат и поука за правен лек.

Правила за привремено одземање на предмети

Според формулацијата на одредбатра од Член 195 од ЗКП,произлегува дека предметите што според КЗ треба да се одземат или што може да послужат како доказ во постапката може да се одземат без оглед чија сопственост се , затоа што законот предвидува должност на секое лице кое држи вакви предмети да ги предаде.Обврската за предавање на предметите постои за секое лице кое во моментот ги држи предметите по некој основ и добило наредба за предавање на истите,а одбивањето да ги предаде представува основ за негово казнување согласно одредбите на ЗКП**.**Кон осумниченуиот

неможе да се применат казнените мерки за непредавање на предметот. Во такви случаи и покрај противењето на обвинетиот предметитите ќе се одземат и за тоа ќе му се издаде потврда за привремено одземени предмети.

Со наредбата за привремено одземање мора да биде назначено местото каде се пронајдени,и одземените премети мора да бидат детално опишани. За одземените предмети се издава потврда, а по правило се составува и записник од страна на овластениот орган.

Обвинетиот не може да биде казнет доколку одбие да предаде вакви предмети затоа што од него неможе да се бара да се доведува во понеповолна положба.

Ваквата мерка на присилба е неприменлива и према лица кои неможат да бидат сведоци или се ослободени од сведочење (Член 197 ст.1 т.2 од ЗКП).

При заплена на наркотични средства,психотропни супстанции,прекурсори и други предмети чиј промет е забранет или ограничен ,бидејќи се доказ во постапката, задолжителнои е да се определи вештачење за утврдување на видот и количината.Кога станува збор за поголема количина ,вообичаено за вештачење се испраќа примерок од истите, па доколку се утврди дека нема потреба од чување на целата количина до правосилно завршување на постапката ,може со одлука на судот таквата супстанца да се уништи.

Привремено одземање предмети без наредба

Согласно членот 196 од ЗКП во случаи кога постои опасност од одлагање, привремено може да се одземат предметите наведени во чл.194 став (1) и без наредба од судот доколку постојат основи на сомневање дека станува збор за предмет и на кривично дело. Доколку лицето кое се претресува изрично се спротивстави на одземањето на предметите, јавниот обвинител во рок од 72 часа од извршениот претрес ќе поднесе барање до судијата на претходната постапка за дополнително одобрување за одземање на предмети.

Вакви случаи најчесто се јавуваа при претрес на лице,дом,превозни средства,деловни простории и слично и се пронајде предмет предмет за кој претходно не се знаело или кога одземањето на предметоти ,спроведено како истражно дејствие е од итен карактер. Ако судијата на претходната постапка го одбие барањето на јавниот обвинител, одземените предмети не може да се користат како доказ во кривичната постапка. Привремено одземените предмети веднаш ќе му се вратат на лицето од кое се

одземени.

Предмети што не можат да се одземат

Од одредбите од чл.194 ст.1 од ЗКП произлегува дека сите предмети кои можеда послужат како доказ во кривичната постапка со судска наредба можат да се одземат. Наизглед е така,меѓутоа во законот постои дисктинкција на предмети кои може и предмети кои неможе да бидат одземени со судска наредба.

Во членот 197 од ЗКП набројани се случаите кога со судска наредба неможат да се одземата одреден вид на предмети.

Согласно наведениот член 197 ст.1 од ЗКП не можат да се одземат:

- списи и други исправи на државните органи со чие објавување би се повредило чувањето на државна или воена тајна, сé додека надлежниот орган поинаку не одлучи;

-писмени обраќања на обвинетиот спрема бранителот или лицата од членот 215 став (1) на овој закон, освен ако обвинетиот доброволно не ги предаде;

технички снимки што се наоѓаат кај лицата од членот 214 став (1) на овој закон, а кои тие ги направиле за факти за кои се ослободени од должноста за сведочење;

-записи, изводи од регистар и слични исправи кои се наоѓаат кај лицата од членот 214 став (1) на овој закон, а кои ги направиле за факти за кои тие во вршењето на своето занимање ги дознале од обвинетиот и

- записи за факти што ги направиле новинари и нивни уредници во средствата за јавно информирање од изворот за известување и податоците за кои дознале во вршењето на своето занимање и кои се употребени во текот на уредувањето на средствата за јавно информирање, кои се наоѓаат во нивно владение или во редакцијата во која се вработени.

- Кога постои основано сомнение дека бранителот или лицето ослободено од обврската на сведочење согласно со членот 214 став (1) од овој закон, ако постои основано сомневање дека на обвинетиот му помагале во вршењето на кривичното дело, или му давале помош по извршувањето на кривичното дело или постапувале како прикривачи или

- ако се работи за предмети што мора да се одземат според Кривичниот законик.

- Забраната за привремено одземање на предмети, исправи и технички снимки од ставот (1) на овој член не се применува и во однос на кривичните дела сторени на штета на деца и малолетници ,кои уживаат посебни права како жртви во различни

кривични дела.

Привремено одземање на компјутерски податоци

Привремено одземање на компјутерски податоци во ЗКП е издвоено како посебен вид на привремено одземање на предмети во чл.189.Определено е дека привремено можат да се одземат и податоците сочувани во компјутер и слични уреди за автоматска, односно електронска обработка на податоци, уреди кои служат за собирање и пренос на податоци, носители на податоци и претплатничките информации со кои располага давателот на услуги,согласно одредбите од членовите 194 став (1), 195 став (1) и 197 на овој закон. По писмено барање на јавниот обвинител, овие податоци мора да му се предадат на јавниот обвинител во рокот што тој го определил. Во случај на одбивање на предавањето, ќе се постапи според членот 196 став (1) од овој закон.

- Судијата на претходната постапка по предлог на јавниот обвинител може со решение да одреди заштита и чување на компјутерските податоци додека тоа е потребно, а најдолго шест месеци. Кога ќе престане потребата од натамошно чување овие податоци ќе се вратат, освен ако не се вклучени во извршување на кривично дело Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем од членот 251, Компјутерска измама од членот 251-б и Компјутерски фалсификат од членот 379-а сите од Кривичниот законик, ако не се вклучени во извршување на друго кривично дело со помош на компјутер и ако не служат како доказ за кривично дело.

Против решението на судијата на претходната постапка одредува заштита и чување на компјутерски податоци ,лицето кое го користи компјутерот и лицето кое е давател на услугата имаат право на жалба во рок од 24 часа. За жалбата одлучува советот од членот 25 став (5) на овој закон. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Привремено одземање на писма, телеграми и други пратки

Во чл.199 ст.1 предвидено е привремено одземање а кои се наоѓаат кај правните лица во областа на поштенскиот, телеграфскиот и друг сообраќај. Привремено можат да се одземат писма, телеграми и други пратки упатени до обвинетиот или оние што тој ги испратил, а кои се наоѓаат кај правните лица во областа на поштенскиот, телеграфскиот и друг сообраќај. Притоа треба да е исполнет условот, да постојат околности поради кои основано може да се очекува дека тие ќе послужат како доказ во постапката.Бидејќи се работи за многу специфично истражно дејствие со

кое се навлегува во приватноста на луѓето и почитување на правото на слобода на допишување и неповредливост на тајноста на писмата,ЗКП многу претцизно ги определува условите и начинот на извршување на ова истражно дејство.За да се одземат писма, телеграми и други пратки треба да постојат околности поради кои основано може да се очекува дека тие пратки ќе послужат како доказ во постапката.

Наредбата за привремено одземање на пратките од ставот (1) на овој член ја издава судијата на претходната постапка по предлог на јавниот обвинител,меѓутоа во законот е предвидена можности наредбата за привремено одземање да ја издаде јавниот обвинител,ако постои опасност од одлагање.

Кога наредбата за привремено одземање да ја издаде јавниот обвинител мора да биде потврдена од страна на судијата на претходната постапка во рок од 72 часа од привременото одземање на пратките.

Доколку наредбата не биде потврдена од судиоја во претходна постапка тие пратки не можат да се користат како доказ во кривичната постапка.

Законот ги определува задолжителни елементи на наредбата за привремено одземање на пратки и тоа: податоци за лицето од кое се одземаат пратките, начинот на извршување на наредбата и времетраење на мерката , како и орган кој ја извршува

Преземените мерки можат да траат најдолго три месеци, а судијата на претходната постапка по образложен предлог на јавниот обвинител може да го продолжи траењето уште за три месеци, со тоа што преземените мерки ќе се укинат веднаш штом ќе престанат причините за нивно натамошно преземање.

Одземените пратки ги отвора јавниот обвинител во присуство на двајца сведоци.Законот не предвидува подетални одредби за тоа кој може да биде сведок пред кога јавниот обвинител ќе ги отвори одземените опреатки. При отворањето се внимава да не се оштетат печатите, а обвивките и адресата ќе се зачуваат. За отворањето се составува записник.

Доколку интересите на постапката го дозволуваат тоа ,за превземање на ова истражно дејтвие може да се информира лицето против кое се преземени овие мерки. содржината на пратката во целост или делумно може да му се соопшти на лицето на кое му е упатена, а може да му се предаде и пратката или нејзин дел. Ако лицето е отсутно, пратката ќе им се соопшти или ќе им се предаде на некој од неговите роднини, а ако нема роднини, ќе му се врачи на испраќачот, доколку тоа не е спротивно на интересите на постапката.

Мерките преземени во согласност со овој член не можат да се применуваат на писма, телеграми и други пратки разменети меѓу обвинетиот и неговиот бранител, бидејќи нивната комуникација неможе да биде ограничена. Обвинетиот има право со бранителот да се советува насамо од првиот момент кога против него ќе се поведе постапка, а бранителот е ослободен од должноста за сведочење за тоа што дознал од обвинетиот.

Постапување со податоци кои се банкарска тајна, имот во банкарски сеф, следење на платен промет и трансакции на сметки и привремено запирање на извршување определени финансиски трансакции

Банкарската тајна е прердвидена заради заштита на приватноста.Банкарската тајна представуваат докумнти ,податоци и информации кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности и трансакции за поединечни лица. Банката е должна да ја заштити и чува банкарската тајна. Меѓутоа ваквите податоци имаат голема важност во истрагите за кривични дела од областа на финансискиот криминал и и тешки кривични дела од областа на организираниот криминал. Заради тоа со одредбите од чл.200 став 1, дадена е можност јавниот обвинител од банките и други финансиски институции да добие потребна документација и податоци од банкарките сметки на определено лице. За обвинителството да ги добие таквите податоци треба да постои основано сомневање дека одредено лице на своите банкарски сметки прима, чува, пренесува или на друг начин располага со приноси од казниво дело, а второ тој принос е важен за истражната постапка на тоа кривично дело или според законот подлежи на присилно одземање, по образложено барање од јавниот обвинител, судот може да издаде решение со кое на банката или на другите финансиски институции ќе им нареди да му достават документација и податоци за банкарските сметки и други финансиски трансакции и работи на тоа лице, како и за лицата за кои основано се верува дека се вклучени во тие финансиски трансакции или работи на осомниченият, ако таквите податоци би можеле да бидат доказ во кривичната постапка.

За да добие вакви податоци јавниот обвинител до судот треба да поднесе барање во кое ќе даде образложени причини врз основа на кои судот ќе оцени дали се исполнети условите за доставување на бараните податоци и документација до јавниот обвинител. Барањето може да се однесува за доставување на податоци и документација за физички и правни лица за сите приноси што ги прима, чува, пренесува или на друг

начин располага со нив. За да добие пристап до сеф за обвинителството треба да се исплнети два услови лицето кое располага со сефот во него да чува приноси од казниво дело и тој принос е важен за истражната постапка на тоа кривично дело или според законот подлежи на присилно одземање. Доколку оцени дека барањето на јавниот обвинител е основано судот ќе донесе решение со кое ќе и наложи на банката да му овозможи на јавниот обвинител пристап до сефот.

Запирањето на извршување на одредени финансиски трансакции представува облик на привремено одземање на предмети.

По образложен предлог на јавниот обвинител, судот со решение може да им наложи на финансиска институција или на правно лице привремено да го запрат извршувањето на одредена финансиска трансакција или работа, а имотот привремено се одзема. Јавниот обвинител може да поднесе ваков предлог само доколку станува збор за финансиска трансакција со која се прикрива сторено кривичнои дело или приход кој е остварен од него или со самата трансакција се извршува кривично дело.

По правило за добивање податоци и документација од банките и други финансиски институции, пристап до сеф, следење на платен промет и запирање на извршување на одредена финансиска трансакција потребна е наредба од суд.

Меѓутоа на јавниот обвинител му е дадена можност овие мерки да ги определи самиот, без судска наредба и тоа само во итни случаи, меѓутоа во тој случај вака определените мерки подлежат на судско одобрување. За преземените мерки јавниот обвинител веднаш го известува судијата на претходната постапка, кој во рок од 72 часа дополнително треба да ја издаде наредбата. Во случај судијата на претходната постапка да не издаде наредба, јавниот обвинител ќе ги врати податоците без претходно да ги отвори.

Попишување на привремено одземени списи, исправи и технички снимки

Член 201 од ЗКП ја регулира постапката при привремено одземање на списи и предмети.Постапката за одземање на списи е идентична како за правни такаи за физички лица.Предмет на привремено одземње можат да бидат оние списи и исправи што можат да послужат како доказ.При нивното одземање списите и исправите задолжително се попишуваат. Ако тоа не е можно, списите ќе се стават во обвивка и ќе се запечатат. Сопственикот на списите или исправите може да стави и свој печат на обвивката. Доколку списите се одземени со ставање во обвивка, обвивката ја отвора

јавниот обвинител. За отворањето на обвивката задолжително се составува записник.

При отварање на обвивката јавниот обвинител е должен да го повика лицето од кое се одземени списите или исправите. Доколку се одземени списи од правно лице се повикува негов застапник. Физичкото лице може да одреди полномошник да присуствува на отварањето на списите. Ако тоа не се јави на поканата или е отсутно, обвивката ќе се отвори, списите или исправите ќе се прегледаат и ќе се попишат во негово отсуство. На истиот начин ќе се постапи и кога станува збор за привременото одземање на техничка снимка која може да послужи како доказ.

Привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување

Доколку треба да се спречи користење, отуѓување или располагање на друг начин на одреден имот или предмети, согласно членот 202 од ЗКП, судот може во кое било време во текот на кривичната постапка да донесе привремена мерка одземање на имот или предмети кои треба да се одземат согласно Кривичниот законик ,мерка запленување или некоја друга привремена мерка која е неопходна за спречување на користење, отуѓување или располагање со тој имот.

Барањето на јавниот обвинител за донесување на привремена мерка предвидена во став 1 од овој член содржи**:** краток опис на кривичното дело и неговиот законски назив, податоци за лицето што го поседува тој имот или предмети, докази на кои се засновува сомневањето дека имотот, односно предметите, потекнуваат од кривичното дело и причини за веројатноста дека до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато или оневозможено одземањето на имотот или предметите.

Јавниот обвинител вакво барање може да поднесе во текот на целата кривична постапка. Пред почетокот и во текот на претходната постапка по барањето на јавниот обвинител од ставот (1) на овој член одлука донесува судијата на претходната постапка, а по подигањето на обвинението судот пред кој ќе се одржи претресот. Судијата на претходната постапка одлучува по барањето на јавниот обвинител веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на барањето. Ако судијата на претходната постапка не го прифати барањето на јавниот обвинител без одлагање ќе побара одлука да донесе советот од членот 25 став (5) на овој закон. Советот донесува одлука во рок од 24 часа од приемот на барањето.

По барањето на јавниот обвинител за донесување на привремени мерки од став 1 на овој член одлучува судот со решение. Во решението со кое ја изрекува

привремената мерка судот ќе ја означи вредноста и видот на имотот, односно предметот и времето за кое се одзема.

Доколку постои опасност од одлагање дадена е можност равосудната полиција да може привремено да одземе имот или предмет. Во таков скучај правосудната полиција е должна веднаш да го извести јавниот обвинител и во рок од 72 часа од нивното превземање, преземените мерки треба да бидат одобрени од страна на судија на претходна постапка.

Во случај кога судијата на претходната постапка не ги одобри преземените мерки од правосудната полиција, преземените мерки ќе се запрат, а привремено одземените имот или предмети веднаш ќе му се вратат на лицето од кое се одземени.Судијата на претходна постапка носи решение и во случај кога не ги одобрил преземените мерки.

Законот предвидува ситуација кога мерките од став 1 од овој член во претходна постапка се укинуваат по службена должност. доколку истражната постапка не започне во рок од три месеци од денот на донесување на решението со кое се определени.

Пред истекот на рокот од 3 месеци мерките можат да се укинат по службена должност од судот или по барање на јавниот обвинител, односно заинтересираното лице, ако се покаже дека не се потребни или оправдани со оглед на тежината на кривичното дело, имотните прилики на лицето на кое се однесувааат или приликите на лицата кои според закон ова лице е должно да ги издржува и околностите кои укажуваат дека одземањето на имотот или предметите нема да биде оневозможено или особено отежнато до завршување на кривичната постапка.

Сите правни дејствија врз имотот или предметите кои се предмет на обезбедување превземени по поднесување на барањето од јавниот обвинител за донесување на привремени мерки се ништовни.Со ваквата законска регулатива се оневозможува во периодот од поднесување на барањето на јавниот обвинител до донесувањето и спроведувањето на мерката да биде извршенио располагање со имотот или предметите со што би се изиграла целта која сака да се постигне со овие мерки.

Токму заради овие прилини е предвидено дека барањето на јавниот обвинител како и одлуката за изрекување на мерките без одлагање да се доставуваат по електронски пат до сите надлежни органи за евиденција на имотот и предметите чие обезбедување се бара и определува.

Враќање на привремено одземени предмети

Членот 203 од ЗКП пропишува можност за враќање на привремено одземените предмети.Така предметите што во текот на кривичната постапка се привремено одземени ќе му се вратат на сопственикот, односно држателот ако се запре постапката, а не постојат причини за нивно одземање (член 529).

Иако овој член предвидува враќање на привремено одземените предмети на сопственикот, односно на држателот само доколку постапката биде запрена, ваквите предмети се враќаат и во случај ќе биде донесена ослободителна пресуда,како и во случај кога ќе биде донесена одбивателна пресуда, освен ако таквата пресуда е донесена поради ненадлежност.

Постапување со сомнителни предмети

Членот 204 од ЗКП овозможува органот што ја води постапката да донесе одлука за оние предмети се одземени ,а за кои неможело да се донесе конкретна одлука, бидејќи не е познат нивниот сопственик. Ако се најде кај обвинетиот туѓ предмет а не се знае чиј е, органот што ја води постапката ,што значи во текот на претходната постапка јавниот обвинител, а по поднесување обвинение судот ќе го опише тој предмет и описот ќе го објави на таблата на органот на општината на чие подрачје тој живее и на подрачјето на кое е сторено кривичното дело. Во огласот ќе се повика сопственикот да се јави кај органот што ја води постапката во рок од една година од денот на објавувањето на огласот, во спротивно предметот ќе се продаде. Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на државата.

Покрај објавата на таблата на органот, доколку предметите се од поголема вредност објавувањето може да се изврши и преку дневните весници.

Доколку предметот е подложен на расипување или неговото чување е врзано со значителни трошоци, тој ќе се продаде според одредбите што важат за извршната постапка, а парите ќе се чуваат како судски депозит.

Кога предметот му припаѓа на побегнат или на непознат сторител на кривично дело исто така ќе се продаде согласно одредбата од ставот (3) на овој член.

По истекот на една година по објавување на огласот не се јави никој за предмет или за пари добиени од продажба на предмет ,органот кој ја води постапката ќе се

донесе решение со кое предметот станува државна сопственост, односно парите ќе се внесат во Буџетот.

Законот дава можност, сопственикот на предметот преку спор да бара враќање на предметот или на парите добиени од продажба на предметот. Застарувањето на ова право почнува да тече од денот на објавувањето на огласот. Застарувањето настапува по истекот на рок од 5 години,согласно чл.360 од Законот за облигациони односи.

Постапка за одземање на предмети и конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело

Одземање на предмети

Во согласност со одредбите од член 529 од ЗКП, предметите што според Кривичниот законик мора да се одземат, ќе се одземат и кога кривичната постапка нема да заврши со пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен.

Решение за одземање на предметите донесува органот пред кој се водела постапката во моментот кога постапката е завршена, односно кога е запрена,што значи јавниот обвинител или судот пред кој се водела постапката.

Доколку во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот пропуштил да одлучи за одземањето на предметите, тоа може да го стори со дополнително решение.

Бидејќи согласно КЗ и ЗКП се одземаат и предмети што му припаѓаат на трето лице, заверен препис на одлуката за одземање на предмети ќе се достави до сопственикот на предметите ако сопственикот е познат. Против одлуката за одземање на предмети сопственикот на предметите има право на жалба, поради непостоење на законска основа за одземање на предметите.

Општи одредби за конфискација на имот и имотна корист

Согласно член 530 од ЗКП имотот и имотната корист прибавени со извршувањето на кривичното дело се утврдуваат во кривична постапка.

Со новиот ЗКП во суштина се менува карактерот на казнената постапка иод неоинквизиторна(мешовита) во чисто страначка постапка па со тоа се менубва и товарот на истраќување и собирање на докази. Јавниот обвинител е должен во текот на постапката да собира докази и да ги извидува околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист и да предлага привремени мерки од членот

202 став (1) на овој закон.

Мерката конфискација на имотна корист е поширока од имотноправното барање на оштетениот, бидејќи со неа се опфаќа и користа што не влегува во имтноправното барање. Ако оштетениот ставил имотноправно барање во однос на враќањето на предметите прибавени со кривично дело, односно во однос на износот што и одговара на вредноста на предметите, имотната корист ќе се утврдува само во оној дел кој не е опфатен со имотноправното барање.

Мерката конфискација на имотна корист е поширока од имотноправното барање на оштетениот бидејќи со неа може да се опфати и корист која што неможе да влезе во имоитноправно барање (чл.110 до 120 од ЗКП).

Мерката конфискацијата не е исклучиво насочена кон наводниот сторител на кривичното дело туку и кон трети лица, на кои обвинетиот формално им го префрлил своето креминално богатство, само за да ја избегне конфискацијата

Постапка за конфискација на имот имотна корист прибавена со кривично дело

Мерката конфискација не е насочена исклучиво према сторителот на на кривичното дело ,ами и кон трети лица. Начелото на правичност бара овие лица да бидат сослушани за да ги бранат своите интереси во постапката.Заради тоа член 531 од ЗКП предвидува при конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело, лицето врз кое е пренесена имотна корист, како и претставникот на правното лице да се повикаат заради испитување во претходната постапка и на главната расправа. Во поканата ќе се предупредат дека постапката ќе се спроведе и без нивно присуство.

Претставникот на правното лице ќе се испита на главната расправа по обвинетиот. На ист начин ќе се постапи во однос и на лицето врз кое е пренесена имотната корист, ако не е повикано како сведок.

Овие лица се овластени во врска со утврдувањето на имотната корист да предлагаат докази и по овластување на претседателот на советот да им поставуваат прашања на обвинетиот, на сведоците и вештаците.

Иако учеството на трето лице врз кое е пренесена имотната корист и преставникот на правното лице не е задолжително, законот предвидува истите да не се одстрануаат од главна расправа во случај на исклучувањето на јавноста на главната расправа. Кога во текот на главната расправа ќе се утврди дека постојат услови за примена на мерката конфискација на имот и имотна корист, јавниот обвинител ќе

предложи главната расправа да се прекине и да се повика лицето врз кое се пренесени имотот и имотната корист, како и претставникот на правното лице.

Утврдување на висината на износот на имотот и имотната корист

Јавниот обвинител во остварување на својата функција има низа овластувања со кои може да бара различни податоци, известувања и документација од скоро сите правни субјекти и граѓаните, согласно член 287 од ЗКП .Согласно членот 532 од ЗКП во прибирањето на потребните докази за утврдување на висината на износот на имотот и имотната корист прибавени со кривично дело, јавниот обвинител може да побара потребни известувања од други државни органи, финансиски институции и други правни лица и граѓани кои се должни без одлагање истите да ги достават. Ако е веројатно дека имотот и имотната корист се наоѓаат во странство, судот е должен да распише меѓународна потерница или објава.

Проширена конфискација

Кај проширената конфискација со закон се воспоставува соборлива предпоставка (presumtio iuris) дека имотот на сторителот обвинет за дело извршено во состав на злосторничко здружение или за друго со закон определено кривично дело, е принос од криминална активност.ДСогласно чл.533 од ЗКП судот ќе изрече мерка проширена конфискација под услови пропишани во Кривичниот законик, ако обвинетиот во рок од една година од денот на започнување на главната расправа не може да докаже дека имотот или имотната корист се законски стекнати. Ако обвинетиот не успее да го докаже легалното потекло на имотот, предпоставката не е соборена и имотот се конфискува.

Пред да се пренесе товарот на докажување врз обвинетиот за судот треба да бидат исполнети следните предпоставки да јавниот обвинител презентира доволно докази врз основа на кои го темели своето сознание дека обвинетиот е сторител или се занимава со кривични дела сторени од страна на злосторничко здружение со кое се остварува лична имотна котрист и за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години или кривично дело поврзано со тероризам за кое е пропишана казна затвот од 5 години или потешка казна или кривично дело поврзано со кривично дело перење пари. Понатаму јавниот обвинител да презентира доволно докази за видот и висината на имотот на обвинетиот и јавниот обвинител да изнесе доволно докази истиот е резултат приходи од криминална активност на обвинетиот ,или доволно индиции од кои можеда

се предпостави дека обвинетиот имотот го стекнал преку занимавање со наведените кривични дела.

Ако во рок пократок од 1 година од денот на започнување на главната расправа судот донесе првостепена пресуда за кривичното дело, кога постојат законски услови за изрекување на мерката проширена конфискација, судот таа мерка ќе ја изрече со дополнителна пресуда против која е дозволена жалба согласно со одредбите од овој закон.

Изрекување мерка проширена конфискација спрема трето лице

Согласно член 534 од ЗКП имотот ќе се конфискува од трети лица за кои е остварен со извршувањето на кривичното дело согласно член 98-а од КЗ и Член 534 од ЗКП.Ваквиот имот се конфискува и од членовите на семејството на сторителот на кои е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата врфедност.

Судот со решение ќе изрече мерка проширена конфискација и спрема трето лице ако во рок од две години од денот на започнувањето на посебната постапка за конфискација не докаже дека за имотот или имотната корист дал противнадомест што одговара на нивната вредност. Постапката за изрекување мерка проширена конфискација се води на иницијатива на јавниот обвинител кој носи определена обврска на докажување, да докаже определена веројтност дека преноситеодносно имотот се од криминална активност.

Одредување на привремени мерки на обезбедување

За да се оневозможи обвинетите да избегнат или оневозможат конфискувањето на имотот или имотната корист со определени располагања со спорниот имот ЗКП предвидува надлежните државни органи навреме да превземат мерки за да се обезбеди тој имот. Согласно чл.535 од ЗКП кога се исполнети условите за конфискација или проширена конфискација на имот и имотна корист, по прелог на јавниот обвинител судо ќе нареди привремени мерки на обезбедување утврдени со членот 194 од овој закон.

Кога се исполнети условите за конфискација или проширена конфискација на имот и имотна корист, судот по предлог на јавниот обвинител ќе нареди привремени

мерки на обезбедување утврдени со членот 194 од овој закон.

Овие мерки за обезбедување може да се определат спрема трети лица за кои постои основано сомнение дека врз нив се пренесени имот и имотна корит прибавени со кривичното дело без соодветен надоместок.

Содржина на одлуката со која е изречена конфискација на имот и имотна корист

Согласно одредбата од член 536 од ЗКП конфискација на имотна корист прибавена со кривичното дело судот може да изрече во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, во решението за судска опомена или во решението за примена на воспитна мерка, како и решението со кое се изрекува мерката на безбедност. Утврдувањето на вина не е неопходно за определување на овие мерки, доволно е дејството на извршување на кривичното дело да е преаемено и да настапила штетната последица. Судот е должен што поточно да го определи предметот што се одзема, што значи ќе наведе кој имот или предмет, односно паричен износ се конфискува.

Ако судот изрекол конфискација на имотот и имотната корист од трето физичко или правното лице заверен препис на пресудата, односно на решението доставува до лицето врз кое е пренесена имотната корист, како и на претставникот на правното лице, ако судот изрекол конфискација на имотот и имотната корист од правното лице.

Барање за повторување на постапката во однос на одлуката за конфискација на имотот и имотната корист

Лицето врз кое е пренесен имот или имотна корист согласно чл.537 од ЗКП може да поднесе барање за повторување на кривичната постапка во поглед на одлуката за конфискација на имотот и имотната корист.

Соодветна примена на одредбите од овој закон во однос на жалбата

Согласно чл.538 од ЗКП по жалба против одлуката за конфискација на имотот и имотната корист соодветно се применуваат одредбите на членот 412 ставови (2) и (3) од овој закон и на членовите 420 и 424 од овој закон.

Соодветна примена на другите одредби од овој закон

Ако во одредбите на оваа глава не е предвидено нешто друго во однос на постапката за примена на мерки на безбедност или за конфискација на имотот и имотната корист, член 539 предвидува соодветна применува на други одредби на овој закон, ако со одредбите на овој закон поинаку не е определено.

Посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Кога поради фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка против сторителот на кривично дело, судот по предлог на јавниот обвинител ќе спроведе посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети, ако се исполнети условите од Кривичниот законик.Таквиот имот може да биде конфискуван ако се спроведе постапка пропишана во ЗКП.

Согласно одредбите од член 540 од ЗКП во постапката за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети, доказите се изведуваат по предлог на јавниот обвинител. Судот со решение ќе изрече мерка конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети ако се докаже дека се работи за имот или имотна корист стекнати со кривично дело или за предмети кои се употребени или настанале со извршување на кривично дело или треба да се одземат според одредбите на Кривичниот законик. Лицето од кое се конфискува имотот или имотната корист или одземаат предмети има право на жалба до непосредно повисокиот суд во рок од осум дена по прием на решението.

Извршување на конфискација на имот и имотна корист

Рокот во кој што треба да се изврши пресудата во делот за конфискацијата на имот и имотна корист изнесува 30 дена. Извршувањето на мерката конфискацијата на имот и имотна корист се врши согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Налогот за извршување го издава судот што ја донел првостепената пресуда. Агенцијата најнапред врши проценка на имотот со помош на овластени проценители и

за утврдената вредност и за утврдената вредност ги низвестува, судот, јавното обвинителство,државното правобранителство и лицето чијшто имот е одземен. Извршувањето се спроведува над имотот и имотната корист определени со судската одлука, меѓутоа за да се оствари целта на оваа мерка извршувањето се спроведува од преостанатиот имот на лицето на кое му е изречена таквата мерка. Кога извршувањето се спроведува во рамки на пресудата не е дозволен приговор на извршувањето. Меѓутоа кога извршувањето се врши надвор од имотот наведен во пресудата, во тој случај дозволен е приговор само во овој дел од извршувањето во рок од 8 дена по прием на налогот за извршување.

Секое располагање со имотот по извршување на кривичното дело со цел да се избегне извршувањето на мерката конфискација е ништовно.

6.3. ЗАКОН ЗА ПОЛИЦИЈА

Согласно Законот за полиција, полициските овластување се уредени во членот член 28, така во ставот 1 на овој член покрај поименичните набројувања како проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети, собирање на информации, повикување, лишувањето од слобода, приведувањето, задржувањето, итн, во алинеја 11 на членот 28 од Законот за полиција предвидено е полициското овластување за привремено одземање на предмети, откриени при претрес односно преглед на лица и простории. Зачни и покрај тоа што постапувањето во превземањето на полициските акции за откривање на кривични дела и приноси од истите законодавецот јасно упатил дистинкција дека и во основниот закон за полиција треба да се споменати и предвидени одредбите за постапувањето и начинот на одземање на истите. Во рамките на овие овластување и откривања на сторени кривични дела во ставот 2 законодавецот предвидел дека можат да се употребат и средства за присилба под услови и на начин утврдени со закон.

Привремено одземање на предмети

Согласно член 57 од Законот за полиција, на полицискиот службеник дадена му е можност привремено да одземе предмети но согласно Законот за Кривична постапка само со наредба на суд. Согласно ставот 2 законот предвидел и оставил можност самото службено лице да се подвргне на такво постапување односно да премине на

одземањето на предмети без наредба на суд, но исклучиво ако затече сторување на некои кривично дело, односно кога постојат основи за сомневање дека се работи за предмет на кривично дело, прекршок или имотна корист прибавена од сторено кривично дело или прекршок кој може да послужи како доказ во постапката, доколку постои опасност од одлагање односно предметот то е имотот би се осуетил, или пак уништил, заради заштитата на општата безбедност на населението и имотот.

Членот 58 на Законот за полиција упатубва на начинот на чување на предметот кога поради самата природа и својствата на истиот е невозмо=но да се задрже неговата конфигурација односно постојат пречни во начинот на држење и чување , тогаш привремено одземениот предмет може да биде сместен односно да се чува или обезбеди на соодветен начин и во соодветен простор, до донесување на одлука на надлежен државен орган.

Согласно ставот 3 на членот 58 од Законот за полиција, кога ќе престанат причините заради кои предметот бил привремено одземен, а кога со друг закон или пак одлука на надлежен орган не било поинаку определено, привремено одземениот предмет ќе биде вратен на лицето од кое бил одземен.

Членот 59 од Законот за полиција не упатува на тоа дека лицето кое повикано привремено одземените предмети да ги земе во владение, а истото тоа не го сторило во определениот рок кој не може да биде подолг од шест месеци, Министерството може да организира нивна продажба кога за натамошната постапка не е надлежен судот или пак орган на државната управа, сепак ако врз предметите се заканува опасност од уништување или значително губење на нивната вреднос или пак чувањето и одржувањето предметите поврзано е со несразмерни трошоци односно други потешкотии. Согласно ставот 3 средствата добиени од продажбата на привремено одземените предмети согласно овој член, ќе бидат депонирани на посебна сметка во Буџетот на РСМ.

Согласно членот 61 од Законот за полиција, полициското службеник може да врши сопирање, легитимирање, преглед односно претрес на лице, превозното средство и багажот кој лицето го носи со себе, кога тоа е неопходно заради пронаоѓање на предмети за напад или самоповредување или кога постојат основи за сомневање дека кај нив ќе се пронајдат предмети кои потекнуваат од кривично дело или прекршок како истите би послужиле во кривична или прекршочна постапка.

6.4.ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Согласно правилникот за начинот на вршење на полициските работи во членот

член 47 полициските службеници имаат можност привремено да одземаат предмети и понатаму со истите постапуваат согласно прописите и внатрешните уредби на полиција.

6.5.ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИ

Прекршочната постапка е една од најважните во нашиот правосуден систем, па самиотн начин на водење на претресот е конципиран врз членовите на Законот за прекршоците меѓутоа, бидејќи прекршоците се подгрупа на Кривичната постапка и санкционирање, Законот за прекршоци согласно членот 2 став 2 предвидел дека доколку непто не е предвидено или конкретно определено со тој закон ќе биде применет Законот за кривичната постапка. Законот за прекршоците ќе биде прокоментиран од повеќе аспекти од причини што постапката за одземање на предметите со кој е сторен прекршокот е најчесто применувана во земјава, а исто така и во целокупната меѓународна јуреспруденција.

Законот за прекршоците во глава пет, насловена посебни прекршочни мерки, предвидел конфискација на имот и имотна корист како и одземање на предмети, тука согласно членот 40 најавено е дека конфискацијата на имотот и имотна корист прибавена со прекршок сторен од физичко лице, соодветно ќе се применат одредбите на Кривичниот законик во делот на членовите од 96 до 100а каде се споменати конфискацијата на имот и имотна корист, како и одземањето на предмети.

Законот за прекршоци направил дистинкција помеѓу одземањето на предмети од конфискацијата на имот така ѓто во членот 40 ставот 3 е предвидено дека прекршочниот орган од посебните прекршочни мерки може да примени само мерка одземањње на предмети или наплата на противвредноста на одземените предмети, ако тоа и е определено со закон во стореиот прекршокот. Доколку пак прекршочниот орган смета дека за одреден прекршок треба да се изречат мерките конфискација на имот и имотна корист, органот согласно ст.4 ќе поднесе барање за поведување на прекршочната постапка со предлог до судот од стореиот прекршок да бидат определени и таквите мерки.

Согласно членот 71 од Законот за прекршоците на РСМ, службените лица во органите на државната управа или организации и други органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведување на законите, со закон можат да бидат овластени привремено да ги одземат предметите од членот 40 на овој закон, кога во вршењето на службената должност ќе дознаат за прекршокот и истите да ги предадат на агенцијата за управување со одземен имот. Понатаму пак во ставот 2 на истиот член

овластените службени лица должни се во рок од 15 дена од денот на одземањето на предметите да поднесат барање за спроведување на барање за спроведување на прекршочна постапка до надлежнипт суд односно прекршочниот орган и да го известат за извршеното привремено одземање на предметите.

За да не може органите на управата замолно да постапувааат и до недоглед да ја одлагаат постапката како и временски да го осуетат постапувањето во ставот 3 од членот 71 на истиот закон предвидено е доколку овластените службени лица од ставот еден на овој член не постапат согласно со ставот два на овој ист член, судот односно прекршочниот орган врз основа на поднесено барање од лицето од кое и биле одземени предметите ќе донесе одлука за враќање на предметите, со исклучок на предмети чиј промет е забаранет.

6.6.ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА

Согласно членот 30 од Законот за правдата за децата, ако со дејствието кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, детето во ризик прибавило имотна корист или предизвикало штета на друг, центарот има надлежност да посредува меѓу детето во ризик и неговите родители, односно старатели и самиот оштетен заради заемно помирување како и дадено ветување дека нема да се повтори казнивото дело, а во процесот кој нас и најмногу не интересира и за враќањето на имотната корист односно надоместување на штетата која и била предизвикана.

Согласно овој член постапката на посредување може да трае најдолго 30 дена по донесувањето на одлуката за поведување на постапка за посредување. Интересна е можноста со тоа што за согласноста погоре спомената задолжително се составува спогодба која пак е издигната со значење на вонсудско порамнување. Доколку пак посредувањето остане без успех, ма оштетениот дадена е можност во рок од 30 дена откако е констатиран неуспехот во посредувањето, да поднесе предлог за поведување на постапка за конфискација на имотот и имотната корист од лицето врз кое е пренесен имотот или имотната корист или до судот да поднесе предлог за имотноправно барање за надоместување на штетата.

6.7.ЗАКОН ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНАТА МАТЕРИЈА

Согласно овој закон можеме да споменеме дека во чл.15 меѓународната правна

помош опфаќа извршување процесни дејствија како што се доставување на списи, писмени докази и предмети што се во врска со кривичната постапка во државата молител, многу дејствие но меѓудругото привремено обезбедување на предмети, имот или средства кои се во врска кривичното дело, понатаму привремено замрзнување, запленување и задржување на фондови, банкарски сметки и финансиски трансакции или приноси од кривично дело, конфискација на имот и имотна корист како и одземање на предмети.

Во членот 26 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, предавањето на привремено одземени предмети, документи и имотна корист што биле привремено одземени, како и списите и одлуките за привремено одземање ќе им се предадат на странскиот надлежен орган по негово барање по завршувањето на постапката за меѓународна правна помош во Република Северна Македонија.

Понатаму во овој член е предвидено дека предметите, документите и имотната корист ќе се предадат на странскиот надлежен орган доколку странскиот надлежен орган гарантира нивно враќање без надоместок по завршувањето на доказната постапка, дека третото лице докажало дека не знаело и не можело да знае дека предметот, документот или имотната корист се стекнати со кривично дело и на крај оштетениот кој има живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија, или пак државниот орган, го истакне своето право врз доставените предмети, документи и имотна корист.

Овој член и предвидел дека доколку се води кривична постапка пред домашен правосуден орган, предавањето ќе се одложи до правосилното завршување на постапката.

Конфискација на имот и имотна корист во постапката за меѓународна правна помош, согласно член 27 Законот за меѓународна соработка во кривичната материја се врши согласно со одредбите од Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка и меѓународните договори.

Така со парите добиени од извршувањето на налогот за конфискација на имот располага Републиката и тоа на начин што износот добиен од извршувањето на налогот за конфискација бил под 10.000 евра или е еквивалентен на тој износ, износот се слева во Буџетот на Република северна Македонија, во сите други случаи 50% од износот добиен од извршувањето на налогот за конфискација Републиката префрла на странската држава.

Законот предвидел и доколку се работи за ствари кои не се парични средства, а добиен од извршувањето на налогот за конфискација за кој требало да одлучи домашен

надлежен орган тогаш имотот може да биде продаден, а во тој случај со приходот од продажбата се располага на начин како со парични средства споменати во ставот 2 на овој член.

Предвидено е дека и имотот може да биде префрлен и на странската држава кога таа ќе даде согласност.

Согласно членот 28 од овој закон предметите и имотната корист што биле одземани со цел за нивна заштита можат да бидат доставени на странскиот надлежен орган доколку ги бара. Предметите и имотната корист од кои може да бидат доставени на странскиот надлежен орган ги опфаќаат предметите со кои е извршено кривичното дело, предметите кои настанале како резултат на извршувањето на кривичното дело или нивна противвредност, приносите од кривичното дело или нивната против-вредност, како и многу интересна мерка подароците дадени со цел да се поттикне извршување на кривично дело, како и наградите за кривичното дело или нивна противвредност.

Предавањето на предмети и имотна корист може да се изврши само врз основа на правосилна и извршна одлука на странскиот надлежен орган. Предмети и имотната корист трајно се задржуваат во Република Северна Македонија ако во случај претставуваат добра под привремена заштита или културно наследство или се природни реткости на Републиката.

6.8.ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Согласно Законот за извршување на санкциите ченот 343 упатува дека на лицето на кое му е изречена конфискација на имот и имотна корист му се одзема имотот и користа што ги имал во времето кога пресудата со која се изречени станала правосилна. При извршувањето на конфискацијата на имотот и имотната корист се одземаат имотот и користа кои не се изземени од извршување согласно со овој закон.

Член 344 Законот за извршување не упатува на тоа дека за извршување на конфискација на имотот и имотната корист односно одземањето на предметите принос од кривичното дело судот што ја изрекол и конфискацијата која со правосилната пресуда била утврдена, по службена должност со писмо упатено до одделението за извршување односно, судечкиот судија кој постапувал во предметот односно претседателот на советот со писмо бара да биде спроведена изреката од пресудата каде била изречена и конфискација.

Значи како споменавме стварна надлежност над извршувањето на пресудата во

делот на конфискацијата односно одземањето на предметите има судот што ја донел одлуката во прв степен, притоа кога се работи за конфискација на недвижен имот, како и кај општата месна надлежност во кривичното право надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа недвижноста. Кај подвижните предмети, односно паричните побарувања и други имотни права местаната надлежноста на судот паѓа на подрачјето каде осуденият има живеалиште, односно престојувалиште.

Интересен да се спомене и прокоментира е членот 345 од Законот за извршување каде преминувањето кон извршувањето на казната конфискација на имот и одземање имотна корист спрема правно лице кое во меѓувреме се припоило кон друго правно лице, ќе се спроведе спрема правното лице кое го презело имотот и тоа до висина на вредноста на преземениот имот.

Доколку над осуденото правно лице е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација, судот е должен да испрати до стечајниот управник односно ликвидаторот налог за првенство во одземањето.

Членот 346 од Законот за извршувањето упатува на тоа дека доколку при извршување на мерките настане престанок на правното лице, соодветно се преминува на одредбите од Законот за трговските друштва во кои е уредено престанувањето на правното лице.

Конфискуваниот имот согласно членот 347 од ЗИ, преминува во државна сопственост со денот на правосилноста на пресудата со која е изречена казната конфискација на имотот и се предава на користење на општината на чие подрачје се наоѓа. Општината на која е предаден на користење конфискуваниот имот ги презема сите обврските настанати околу имотот како негово обезбедување со укинување на заложното право на недвижноста или утврдени со правосилна судска одлука или со договор за потрошувачки кредит и тоа до висината на вредноста на предадениот конфискуван имот.

Како законско решение ќе споменеме дека согласно членот 348 лицето кое имало некое право врз конфискуваниот имот од претходно, односно службености врз конфискуваниот имот ги задржува истите права.

Оштетениот согласно член 349 од ЗИ може да бара намирување доколку во рок од шест месеци од правосилноста на одлуката со која е упатен на спор и ако во рок од три месеца од правосилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување од одземените вредности со конфискација на имотот, штетата притоа задолжително може да биде наплатена само од имотот кој со правосилна пресуда и е конфискуван. Оштетениот пак кој во кривичната постапка не пријавил имотноправно

барање, сепак може да бара намирување на штетата на одземениот конфискуван имот, но притоа како обврска стоа ако за своите барање поведил спор во рок од три месеца од денот на дознавањето на пресудата со која е изречена казна конфискација на имотот, а најдоцна во рок од две години од правосилноста на одлуката за извршување на казната конфискација на имотот.

Во законот за извршување согласно членот 350 предвидено е дека доколку конфискацијата на имотот спрема осудено лице била укината, конфискуваниот имот ќе му се врати на лицето од кое бил конфискуван односно би се вратил на користење и сопственост на впиѓаните наследници. Интересно е тоа што доколку фактичко-правно е оневозможено враќање на имотот или делови од него, разликата се надоместува во пари, а таа одлука согласно закон возможно е да биде донесена само од судот што го спроведувал извршувањето по претходно донесената правосилна пресуда.

Согласно чл.352 од ЗИ, доколку против некое лице е поведена кривична постапка за кривично дело за кое може да биде изречена конфискација на имот, по службена должност судот или по предлог од јавниот обвинител да нареди привремени мерки за обезбедување според прописите за извршување.

Согласно членот 355 од ЗИ, правосилната одлука со која се одземени предмети кои биле употребени или наменети за извршување на кривично дело или пак настанале со извршување на кривично дело, а се предметите кои според својата природа не се наменети за продавање, односно нивниот промет е забранет или ограничен, уништувањето на таквите предмети ќе се изврши уште во текот на кривичната постапка односно со носењето на самата пресуда.

6.9.ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Согласно член 3 од законот, постапувањето и управувањето со одземениот имот е на начин согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

За постапување и начинот чување на конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети се формира согласно овој закон Агенција за управување со конфискуван имот имотна корист и одземени предмети, која има статус на правно лице па согласно членот 6 од ЗИ, ги врши следниве работи, со дадена согласност од страна

на судот управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети во кривична постапка, освен одземената дрвна маса која согласно најновите измени на овој закон како и Законот за шуми дрвната маса се упатува во складиштата на Министерството за земјодели, Секторот за шуми. Исто така управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и одземените предмети во прекршочна постапка, но како и погоре наведов со исклучок на одземената дрвна. Понатаму управува со трајно одземени предмети во прекршочна и управна постапка согласно со закон, освен предметите одземени во даночна постапка, ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист, го чува и складира одземениот имот, врши процена, го дава во закуп конфискуваниот имот, води евиденција на целокупниот одземен имот, го продава одземениот имот, изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот, планира, организира и спроведува обука за вработените во Агенцијата и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот.

Согласно овој закон во член 11 е наведено дека на барање на надлежниот суд или друг надлежен орган, Агенцијата му доставува извештај за постапувањето со конкретниот предмет, а во врска со ова е предвидено истата да доставува квартални извештаи на органите кои се надлежни да постапуваат во делот на одземањето на предметите. Согласно пак чл.11-а, агенцијата задолжително електронски се поврзува со информатичкиот систем на Агенцијата за катастар на недвижности и ги користи нејзините услуги по електронски пат, тоа од причини бидејќи при донесување на решение за одземање, продажба, отстапување, закуп и друг правен акт за управување и користење на одземената недвижност Агенцијата е должна веднаш таквото решение да го достави по електронски пат до Агенцијата за катастар на недвижности.

Согласно член 24 од овој закон по донесена одлука од страна на судот или друг орган за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети органите должни се во рок од два дена за тоа да ја известат Агенцијата. Додека при преземањето на имотот, имотната корист и предметите кои се предаваат на Агенцијата, се составува записник кој содржи податоци за видот, количината, состојбата во која се примаат стварите, лицето од кое е одземена стварта, како и процена на вредноста утврдена од овластен проценител и други релевантни податоци за одземениот имот, имотната корист и предметите.

Кога судот ќе донесе правосилна одлука, согласно член 25 од законот правосилна одлука на судот или на друг орган со која се конфискува имот, имотна корист или се одземаат предмети судот, односно органот задолжително веднаш ја

известува Агенцијата и ги предава конфискуваниот имот, имотната корист или предметите доколку претходно не се предадени на Агенцијата.

Согласно членовите 26 и 27 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, Агенцијата со имотот покрај тоа што управува врз основа на начелото на добар домажин и стопанственик, прави проценка на имотот со помош на Бирото за судски вештачења на Република Северна Македонија, потоа за висината на проценетата вредност на имотот Агенцијата го известува надлежниот суд, Јавното обвинителство, Државното правобранителство, како и друг надлежен орган и лицето од кое е одземен имотот.

Согласно член 28 на овој закон одлуката за одземање имот ја извршува Агенцијата. Понатаму согласно членот 28-а Агенцијата ги извршува правосилните пресуди, со кои е наложено конфискација на имотна корист во кривичната постапка. Доколку лицето доброволно не ја платило имотната корист прибавена со кривично дело во рокот даден во пресудата, Агенцијата пристапува кон извршување на истата со барање на податоци за имотот на лицето во банки, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот Регистар на Република Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност и други прави лица и државни органи од кои можат да се прибават податоци за имотот, пак за физичкото лице од кое е наложено да се конфискува имотна корист, доколку е вработено или е во пензија, а нема друг имот кој го поседува, има право да достави барање до Агенцијата за одземање на износ од една третина од плата или од пензијата секој месец.

Ако привремено се одземени предмети со посебна историска, научна или уметничка вредност, Агенцијата ги предава на чување во соодветна институција надлежна за чување на овој вид предмети.

По правосилноста на одлуката со која се конфискуваат предметите од ст.1 на овој член тие, без надоместок, се отстапуваат на соодветна институција надлежна за чување на овој вид предмети, определена со посебен закон.

Согласно член 30 доколку привремено се одземени скапоцени камења и благородни метали, Агенцијата до правосилноста на одлуката ги предава на чување на Народната банка на Република Северна Македонија.

Согласно членот 32 на агенцијата се дадени да го чува и да се грижи за привремено одземениот недвижен имот, а доколку е потребно и да превзема мерки за одржување. Сите трошоци кои би произлегле околу чувањето и одржувањето се на товар на Агенцијата.

Согласно член 37 од законот, врз основа на актот за извршување од судот или органот кој ја донел правосилната одлука за одземање на недвижниот имот, а на предлог на Агенцијата, Владата на Репубилката понатаму носи одлука за продажба на одземениот недвижен имот.

Овде интерсно е да го споменеме член 38-а дека преку законска мерка дадена е можност за давањето во закуп на одземените недвижности која се врши со јавно наддавање по електронски пат.

Согласно член 48 Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист, и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, привремено одземен недвижен имот не може да биде предмет на продажба. По добиена претходна согласност од судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична постапка на Агенцијата дадена е можност да донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во кривична постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи.

Понатаму членот 49 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист, и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка упатува на тоа дека средствата добиени од продажба на привремено одземени предмети се уплатуваат на посебна приходна сметка на Агенцијата.

Судот доколку понатаму донесена правосилна одлука за враќање на предметот кој е продаден, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата добиени од продажбата од посебна приходна сметка.

Состојбата е доста појасна и по чиста доколку со донесената пресуда во изреката е трајно одзмен привремено одземениот имот е истата е правосилна, тогаш согласно членот 50 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист, и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Агенцијата го продава недвижниот имот и предметите одземени со правосилна одлука, веднаш по правосилноста на одлуката, а средствата добиени од продажбата веднаш ги уплатува на сметката на Буџетот на РСМ.

Согласно член 52 од овој закон, Агенцијата може да отстапи одземени предмети со правосилна пресуда на други државни органи, фондови, агенции, дирекции, јавни установи, независни регулаторни тела основани од Републиката, трговски друштва основани од Република Северна Македонија, како и на единиците на локалната самоуправа, но сепак по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

Согласно чл.59 од законот, одземениот друг имот кој не може да биде продаден,

поради здравствени, ветеринарни или други причини задолжително се уништува, истото е предвидено и за одземените тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалсификати задолжително се уништуваат.

7. ФИНАНСКИСКИ ИСТРАГИ

Поведување на финансиска истрага. Финансиски истраги се уредени со Законот за кривичната постапка (2018). Во врска со предистрагата, некои дејствија можат да опфатат и одредени постапувања кои се врзани не само со Јавното обвинителство, туку и со други органи, како што е Финансиската полиција и Државната комисија за спречување на корупцијата. Нивните надлежности се уредени со посебни закони кои ја уредуваат дејноста на тие институции и материјата на спречување на корупција.50 Кога тие институции, врз основа на собрани докази или сомневање, ќе заклучат дека постои финансиски криминал, понатамошниот тек од постапката му се препушта на јавниот обвинител.

Финансиска истрага и спроведување на финансиска истрага е најчесто сврзано со основано сомневање во врска со кривични дела како што се перење пари и други приноси од казниво дело според членот 273 од Кривичниот законик (2018), недозволена трговија според членот 277 од истиот законик, криумчарење според членот 278, даночно затајување според членот 279. Кривичниот законик (2018) ги користи термините „значајна вредност“ или „поголема вредност“, не специфицирајќи посебен паричен износ сврзан со гореспомнатите кривични дела.

Финансиската полиција црпи основ за криминалистичка истрага од lex specialis (Закон за финансиската полиција) и своите подзаконски акти. Онаму каде што lex specialis не нуди решенија, се применува Законот за кривичната постапка (2018) како lex generalis. Врз основа на членот 283 од Законот за кривичната постапка (2018), финансиската истрага, како и останатите истраги, се поведува врз основа на кривична пријава или по добиено известување од полицијата. Со предистражната постапка раководи јавниот обвинител, во согласност со Законот за кривичната постапка (2018). Правосудната полиција е должна да постапи по наредбите и насоките издадени од јавниот обвинител и повратно го известува јавниот обвинител.

Законот за кривичната постапка (2018) предвидува дека правосудната полиција се формира во склоп на јавното обвинителство. Досега оваа специјализирана полиција не е формирана во склоп на јавното обвинителство. Единствено во склоп на Специјалното јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите, ова јавно обвинителство користеше

специјализирани истражители за финансиски криминал.

Врз основа на Законот за кривичната постапка (2018), финансиската истрага е вклопена во акт со кој се покренува вообичаена кривична истрага. Имено, кривичната постапка почнува со донесување на наредба за спроведување на кривична постапка или за преземање на први истражни активности пред издавање на наредба за спроведување на истражна постапка. Според тоа, lex generalis е Законот за кривичната постапка (2018), но одделни дејствија во раната предистражна фаза се уредени со Законот за финансиската полиција.

Законот за финансиската полиција (2018) утврдува дека цели на финансиската истрага се: заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија преку откривање и криминалистичко истражување на кривични дела перење пари и други приноси од казниво дело, недозволена трговија, криумчарење, даночно затајување, како и други кривични дела со кои се стекнува противправна имотна корист од значителна вредност; заштита на финансиските интереси на Европската унија преку откривање и криминалистичко истражување на кривични дела поврзани со користењето на средства од програмите на ЕУ кои Република Македонија ги добива од буџетот на ЕУ; кога истрагата ја покренува Финансиската полиција или Царинската управа, целта на нивната работа е поднесување на кривична пријава до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од неговата надлежност кои се гонат по службена должност; поднесување на иницијатива за поведување на даночна или друга постапка за утврдување и наплата на данок или други јавни давачки пред надлежниот орган.

Специфичности на спроведување на финансиска истрага Со Кривичниот законик (2018) се регулираат: кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба од јавниот обвинител.

Законот за финансиската полиција (2018) ја регулира финансиската истрага која опфаќа активности на Финансиската полиција со кои се: открива и врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност, како што се: перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273, недозволена трговија (член 277), криумчарење (член 278), даночно затајување (член 279); прибираат и анализираат податоци за готовински трансакции; · преземаат предистражни и други мерки кога постојат основи на сомневање за сторени кривични дела; ја следи трагата на парите заради откривање на казниви дела утврдени со закон; · врши форензичка компјутерска анализа на привремено одземени компјутерски системи и други

електронски уреди; поднесува кривични пријави до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзината надлежност кои се гонат по службена должност; поднесува иницијатива за поведување на даночна и друга постапка за утврдување и наплата на јавни давачки пред надлежниот орган; координира, дава инцијативи, поднесува кривични пријави.

Врз основа на членот 200 од Законот за кривичната постапка (2018), ако постои основано сомневање дека одредено лице на своите банкарски сметки прима, чува, пренесува или на некој друг начин располага со приноси од казниво дело, а тој принос е важен за истражната постапка на тоа кривично дело или според законот подлежи на присилно одземање, судот може, по образложено барање од јавниот обвинител, да издаде решение со кое на банка или другите финансиски институции ќе им нареди да му достават документација и податоци од банкарските сметки или други финансиски трансакции на тоа лице ако такви податоци би можеле да бидат доказ во кривичната постапка. Барањето на јавниот обвинител се однесува на податоци за правно или физичко лице за сите приноси што ги прима, чува, пренесува или на друг начин располага со нив.

Одлуката по барање на јавниот обвинител во предистражна или истражна фаза ја донесува судија на претходната постапка, а по подигање на обвинителен акт одлуката ја донесува судот пред кој ќе се одржи претрес. Судија на претходна постапка мора да одлучи во рок од 12 часа од приемот на барањето. Доколку судијата не го прифати барањето на јавниот обвинител, без одлагање ќе побара да се донесе одлука од совет на судии. Советот донесува одлука во рок од 24 часа од денот на приемот на барањето на јавниот обвинител. По образложен предлог од јавниот обвинител, судија на претходна постапка може со решение да и наложи на банка или друга финансиска институција да го следи платниот промет во врска со тоа лице и редовно да го известува јавниот обвинител во временски периоди определени во решението.

Во итни случаи јавниот обвинител може без судска наредба да определи посебни мерки во врска со информации за финансиски трансакции или имот. Во такви случаи јавниот обвинител веднаш го известува судијата на претходната постапка, кој во рок од 72 часа треба да издаде наредба. Во случај судијата да не издаде наредба, јавниот обвинител ќе ги врати податоците и не смее пред тоа да ги отвори.

Завршување и примена на резултатите од финансиската истрага. Законот за кривичната постапка (2018) утврдува законски основ за утврдување на околноста на стекнување на имотна корист и други факти кои се однесуваат на идентификација, следење и утврдување на имотна корист. Имено, за финансиска истрага се применуваат

исти рокови како и за останатите постапки, освен кога се работи за кривични дела сврзани со организиран криминал и во тие случаи важат други рокови.

Во текот на истражната постапка се прибираат докази и податоци кои му се потребни на јавниот обвинител за да може да одлучи дали ќе подигне обвинение или ќе се откаже од гонење. Во текот на истражната постапка јавниот обвинител е должен да собере докази кои се на товар на осомничениот или му одат во прилог.

За таа цел, јавниот обвинител донесува наредба за спроведување на истражна постапка, која ги опфаќа личните податоци на осомничениот, описот и правната квалификација на делото. Наредбата содржи и околности кои треба да се испитаат, истражни активности и лица кои треба да се испитаат во врска со тоа кривично дело. Ако постои основано сомневање дека сторителот со извршување на тоа кривично дело стекнал имотна корист, јавниот обвинител може да предложи имотот и средствата да се стават под надзор на судот и да издаде една од мерките за привремено обезбедување на имотот и средствата кои се стекнати со кривичното дело.

Службеник на правосудната полиција може привремено да одзема предмети, компјутерски податоци, писма, телеграми и други пратки, списи, документи, технички снимки и други ствари кои треба да се одземат според Кривичниот законик или кои можат да послужат како доказ во кривичната постапка и за нивно задржување да му ги предаде на јавното обвинителство, на тело одредено со посебен закон или на друг начин.

Оваа постапка се врзува со и се однесува на привремено одземање на предмети кои се употребени или настанале со извршување на кривичното дело (instrumenta et producta sceleris). Налогот за привремено одземање на предметите се издава од суд на предлог од Финансиската полиција.

При одземање на стварите постапката најчесто почнува таму каде што тие биле пронајдени и истите ќе бидат опишани, а ако е потребно, нивниот идентитет се проверува и на друг начин. За одземените предмети се издава потврда. Одземањето, чувањето и ракувањето со одземени предмети се спроведува на начин одреден со Законот за кривичната постапка.


8. ОСУДЕНИ ЛИЦА СПОРЕД ВКУПНО ИЗРЕЧЕНАТА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

Во овој дел искористувајќи податоци од официјалниот сајт на Државниот завод за статистика на РСМ, преку обработка на нивните податоци поставени на сајтот за 2016 и 2017 година, и крајно преку графички и табеларен приказ, ќе го претставам обемот на сторените имотни кривични дела, прекршоци и други казниви дела во нашата земја каде согласно членовите 97, 98 и 100а од Кривичниот законик, предвидено е факултативно, односно задолжителното одземање на предметите употребени во извршувањето односно предмети кои се добиени од стореното кривично дело или прекршок, односно конфискацијата на имотот или имотната корист добиена преку законскиот престап за кој законодавецот предвидел задолжителна конфискација.

8.1.Кривични дела против имотот

Кривични дела против имотот	Број
Изречена конфискација на имот	16
Одземање предмет	102

Табела 1.Кривични дела против имотот




Графикон 1.Кривични дела против имотот

8.2.Кривични дела против животната средина и природата

Кривични дела против животната средина и природата	Број
Изречена конфискација на имот	1
Одземање на предмет	18

Табела 2.Кривични дела против животната средина и природата




Графикон 2.Кривични дела против животната средина и природата

8.3.Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството

Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	Број
Изречена конфискација на имот	2
Одземање на предмет	24

Табела 3.Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството




Графикон 3.Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството

8.4.Кривични дела против јавниот ред

Кривични дела против јавниот ред	Број
Изречена конфискација на имот	6
Одземање на предмет	44

Табела 4.Кривични дела против јавниот ред



Графикон 4.Кривични дела против јавниот ред

8.5.Кривични дела против правниот сообраќај

Кривични дела против правниот сообраќај	Број
Изречена конфискација на имот	4
Одземање на предмет	41

Табела 5.Кривични дела против правниот сообраќај



Графикон 5.Кривични дела против правниот сообраќај

Како што и погоре напомнав одземањето на предмети и конфискација на имот

може да биде за најразлични кривични дела, како за имотниот криминал така и за останатите казниви дејствија. Преку приказот на табелите можеме да забележиме дека храброста во нашето судство и покрај огласувањето за виновни на сторителите на кривичното дело или прекршок, одземањето предмети со кои било сторено кривичното дело или прекршокот односно кои биле добиени од таквото дејствие им е полесна одлука, додека забележително е дека судиите многу помалку се охрабруваат да донесат одлука со мерки каде најнапред ќе биде запленет, а потоа и по правосилноста на одлуката конфискуван имотот односно користа која произлегува од сторен криминал.

Македонија е млада демократија и се уште се бори да постави темели и вистински вредности во постапувањето, наше сепак е да сугерираме, а доколку ни се даде и можност практично да прикажеме дека крајно криминалот не се исплаќа и дека покрај санкцијата сторителот на престапот никогаш не би можел да ги задржи стварите и имотот добиени на незаконит начин.

9.БИЛТЕН НА СУДСКА ПРАКСА СО ОДЛУКИ ВО ВРСКА СО ОДЗЕМАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТОТ ВО С.Р.МАКЕДОНИЈА

Конфискација на имот и имотна корист во прекршочен предмет, кој на крај стигнал на одлучување на Врховниот суд на РСМ.

Наслов	Конфискација на имот и имотна корист		
Вид на документ	Сентенца	**Број**	Квп2.бр.48/19
Правна област	Кривична област	**Вид на правен став**	Сентенца
Област	Правна област	**Датум на донесување**	02.3.21 15:27
Група на правен основ	Конфискација на имот и имотна корист	**Правен основ**	Член 1 од Протокол бр.1 од ЕКЧП
Суд од кој произлегува	Врховен суд на Република Македонија		
Орган на судот	Оддел за казниви дела		

Сентенца

Конфискацијата на имот и имотна корист од членови на семејство кој бил стекнат со незаконски сретства, не претставува повреда на член 1 од Протоколот бр.1 од ЕКЧП, дотолку повеќе што истите имале можност да користат правни лекови и да предочат докази за кои сметале дека се неопходни за заштита на нивните права и интереси.

Имотот и имотната корист се конфискува и од трети лица врз кои е пренесена без соодветен надоместок, ако не знаеле, а можеле и биле должни да знаат дека е стекната со кривично дело.

Образложение

Барањето е неосновано.

Врховниот суд на Република Северна Македонија оценил дека неосновани биле наводите во барањето за повреда на одредбите на кривичната постапка од член 356 точка 5 од Законот за кривичната постапка, односно второстепениот суд правилно одлучил кога ја оставил во сила пресудата на Основниот суд Свети Николе К.бр.140/12 од 23.03.2015 година во делот кој се однесува на конфискација на имот и имотна корист.

Согласно член 97 став 1 од Кривичниот законик „Никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело“.

Според став 2 од истиот член на законот, „Имотната корист од став 1 ќе се конфискува со судската одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело под условите предвидени со овој закон“.

Согласно член 98 став 1 од Кривичниот законик „Од сторителот ќе се конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист.

Имајќи ги во предвид погоре цитираните законски одредби, Врховниот суд на Република Северна Македонија оценил дека второстепениот суд правилно постапил кога утврдил дека се исполнети законските услови за конфискација од осудениот З.Д. на подвижни и недвижни предмети, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални и нематеријални права во висина на вредноста што одговара на прибавената имотна корист од 86.162.031,00 денари.

Согласно член 98 став 3 од Кривичниот законик „Имотната корист се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесена, ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист“.

Оттука, согласно погоре цитираната законска одредба, законита е пресудата на второстепениот суд да се определи конфискација и на недвижен имот од Н.Д., бидејќи од изведените докази неспорно е утврдено од страна на судот дека осуденият З.Д. на ден 17.08.2011 година склучил договор за поклон со својот син Н.Д., со кој имотот наведен во изреката на пресудата го поклонил без надомест и по спроведената кривична постапка.

Согласно член 100 од Кривичниот законик „Ако со кривичното дело на сторителот е прибавена имотна корист за правното лице, користа ќе се конфискува од него“.

Согласно погоре цитираните законски одредби, а видно од изведените докази кои се во списите на предметот, правилно од второстепениот суд е утврдено дека осуденият З.Д. на правното лице М.Т. ДОО Б., му овозможил да се стекне со противправна имотна корист во висина од 22.958.377,00 денари, бидејќи меѓународниот договор за цесија од 21.10.2011 година склучен помеѓу М.Т. ДОО Б., АД Ц. Л. и Р. од Г., не бил реализиран, при што се исполнети законските услови за конфискација и спрема ова правно лице, бидејќи М.Т. не ги исполнил обврските кон АД Ц. Л..

Пресудата на Основниот суд Штип ТС.бр.94/2011 од 28.02.2012 година, се однесува на надомест на штета во процесна постапка. Со наведената пресуда е досудено тужбеното барање на тужителот РСМ - Агенција ... С.. Членот 20 од Законот за кривичната постапка, се однесува дека решението на правното прашање од страна на Кривичниот суд има дејство само за кривичниот предмет кој се расправа пред Кривичниот суд, а одлуката која била донесена во друга постапка не го обврзува Кривичниот суд.

Видно од списите на предметот, штетата која била причинета од осуденият З.Д. и која е утврдена со правосилна пресуда во износ од 86.162.031,00 денари, останала ненаплатена. Иако пониските судови утврдиле дека осуденият прибавил имотна корист со извршувањето на кривичното дело, тој не го намирил оштетениот за штетата која ја причинил, од каде произлегува дека во целост се исполнети условите за конфискација на имот и имотна корист.

Оттука, правилно постапил второстепениот суд кога првостепената пресуда ја преиначил, така што го оставил во сила делот од пресудата на Основниот суд Свети Николе К.бр.140/12 од 23.03.2015 година, во кој е одлучено за конфискација на имот и имотна корист, бидејќи правилно од страна на второстепениот суд е утврдено дека се исполнети законските услови за конфискација од осуденият З.Д. и од наведените трети

лица Н.Д., Ф.-Л. во стечај, М.Т. ДОО Б., како и за имотно-правното побарување на РСМ-Агенција .....

Оттука, со ваквиот начин на постапување од страна на Апелациониот суд Штип, во целост е постапено по укажувањата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во пресудата Кзз.бр.6/2018 од 20.02.2018 година, во која јасно е наведено дека кога ќе се утврди извршување на кривично дело и кривична одговорност на сторителот, донесувањето на одлука за конфискација на противправно прибавената имотна корист е од императивен карактер, согласно одредбите од Кривичниот законик.

Во конкретниот случај, неспорен е фактот дека осуденият З.Д. со правосилна пресуда е огласен виновен и осуден за кривично дело - „Злоупотреба на овластување во стопанството“ од член 287 став 2 во врска со став 1 и член 45 од Кривичниот законик, при чие извршување прибавил противправна имотна корист во износ од 86.162.031,00 денари. Оттука, овој суд го имаше предвид фактот дека со пресуда на Основен суд Штип ТС.бр.94/2011 од 28.02.2012 година, е досудено тужбено барање на тужителот РСМ - Агенција ..... С. во вкупен износ од 86.162.031,00 денари, а во кој износ влегуваат и износите од 22.958.377,00 денари и 483.434,00 денари. Меѓутоа, како што е погоре наведено, согласно член 20 од Законот за кривичната постапка, Кривичниот суд не го обврзуваат одлуките донесени од надлежен суд во друга постапка, или донесени од некој друг државен орган.

Врховниот суд на Република Северна Македонија при постапувањето и одлучувањето ги имаше во предвид меѓународните стандарди кои се утврдени и непосредно произлегуваат од Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата од 2005 година и Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал од декември 2000 година; Инструментите на Советот на Европа и тоа: Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист и за финансирање на тероризам (ETS бр.198) („Варшавската конвенција“), Кривично-правна конвенција за корупција од 1999 година (ETS бр.173) („Стразбуршката конвенција од 1999 година“); Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело (ETS бр.141) („Стразбуршката конвенција од 1990 година“); Инструментите на Европската Унија утврдени и тоа: во член 3 од Рамковната одлука 2005/212/ЈНА, Директивата 2014/42/EU од 2014 година (Директивата од 2014 година) и Регулативата 2018/1805/EU од 2018 година („Регулативата од 2018 година“), како и Препораки на Организацијата за контрола и спречување на перење пари од 2012 година („Препораки на ОКСПП“).

Директивата од 2014год. содржи разработени одредби за одземање/конфискација

на имот од трети лица. Таа изрично бара воведување на мерки кои ќе овозможат одземање/конфискација на имот од трети лица кога третото лица стекнало имотна корист од осудениот, или друг имот чија вредност одговара на таа имотна корист, доколку третото лице врз основа на факти и околности, барем знаело, или морало да знае дека целта на пренесување, или стекнување на имот била да се избегне одземање/конфискација на имотот. Фактот дека имотот е пренесен без надомест, или за износ кој е значително помал од пазарната вредност може да укаже дека третото лице имало такви сознанија.

Во согласност со востановената практика на ЕСЧП, членот 1 од Протоколот бр.1 го гарантира правото на сопственост и опфаќа три одделни правила: првото е од општ карактер и го предвидува принципот на мирно уживање на сопственоста. Второто правило го опфаќа одземањето на сопственоста и предвидува услови за истото, додека пак третото правило упатува дека државите се овластени, меѓу другото, да ја контролираат употребата на сопственоста во согласност со општиот интерес. Попречувањето за целите на членот 1 од Протоколот бр. 1 мора да е предвидено со закон и мора да се стреми кон една или повеќе легитимни цели, дополнително, мора да постои разумен однос на пропорционалност помеѓу преземените мерки кои довеле или кои претставуваат попречување на правото на сопственост и целта или целите кон чие остварување се цели *(Василевски против Република Македонија (Vasilevski v. the former Yugoslav Republic of Macedonia),* бр. 22653, §§ 47-49*,* 28 април 2016 година, *Андоноски против Република Македонја (Andonoski v. the former Yugoslav Republic of Macedonia),* бр. 16225/08, §§ 28-29*,* 17 септември 2015 година и *Сулејмани против Република Македонија (Sulejmani v. the former Yugoslav Republic of Macedonia),* бр. 74681/11, §§ 32-33, 28 април 2016 година).

При одлучувањето, Врховниот суд на Република Северна Македонија ја имаше во предвид и судската пракса на Европскиот суд за човекови права кој прифаќа дека овластувањата на државите да одземаат/конфискуваат имот, се оправдани и неопходни за успешна борба против организираниот криминал. Меѓутоа, примената на Европската Конвенција за човекови права обезбедува сопствениците на така одземениот имот да имаат основно ниво на заштита (Меккарти, 2017).

Правото на мирно уживање на имот е пропишано во член 1 од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата, со кој се гарантира право на имот и штити поединци или правни лица од самоволно мешање на државата во нивните имотни права *(Маркс против Белгија (Marckx v. Belgium),* 13 јуни 1979, § 63, Series A no. 31). Членот 1 од Протоколот бр.1 наметнува и негативни и позитивни обврски за државата, со цел да се заштити

правото на уживање на имот *(Онерјлдиз против Турција (Oneryildiz v. Turkey* [GC] бр. 48939/99, § 134 ECHR 2004-XII). Европскиот суд за човекови права го признава правото на државата да одзема имот од поединци, или правни лица под услови кои се одредени со член 1 од Протоколот бр.1. Конкретно, секое мешање мора да биде во согласност со јавниот интерес, мора да биде спроведено така што да се почитува принципот на владеење на правото и мора да биде сразмерно во однос на неговата легитимна цел.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, при одлучувањето и при оценката на оправданоста на конфискацијата на имот и имотна корист, го имаше во предвид тристепениот тест на оправдување за вмешување и тоа: дека мора да биде законито, да се стреми кон легитимна цел и мора да воспостави правична, сразмерна рамнотежа помеѓу правата на поединецот и легитимната цел кон која се стреми постапувањето.

По однос на постоење на законитоста, мора да има јасен основ во домашното право и да биде во согласност со начелото на владеење на правото. Законитост не значи само дека државата мора да постапува според јасни правила на домашното право, туку и дека мора да го применува во правична и соодветна постапка - овие мерки мора да бидат одредени и извршени од соодветен орган и тие не треба да бидат арбитрерни *(Винтерверп против Холандија (Winterwerp v. the Netherlands)*, 24 октомври 1979 година, § § 45-50, § § 69-76, Series A). За мешањето да биде законито, тоа мора да биде засновано врз националното право *(Босфорус Ервејз против Ирска [ГСС](Bosphorus Hava Yollari Turizm ve Ticaret Anonim Sirketi v. Ireland* [GC]), бр.45036/98, §143, ECHR 2005- VI) и мора да биде јасно, предвидливо на оние на кои тоа се однесува и прецизно *(Карбонара и Вентура против Италија (Carbonara and Ventura v. Italy),* бр.24638/94,§ 64,ECHR 2000-VI), Бејелер против Италија [ГСС](Bejeler v. Italy [GC]), бр.33202/96, §109, ECHR 2000 - I).

По однос на постоењето на легитимна цел, мешањето на државата во правото на мирно уживање на имот, мора да се стреми кон легитимна цел, во јавен или општ интерес (*Џејмс против Обединето Кралство (James and Others v. the United Kingdom)*, 21 февруари 1986 година, § 45, Series A no.98). Имајќи го во предвид широкиот спектар на политики кои можат да влијаат врз имотот на некој начин, во некој облик, или во некој степен кој државите го применувале, Европскиот суд за човекови права прифаќа дека државата има широко поле на проценка да одреди што е, а што не е во јавен или општ интерес *(Џејмс против Обединето Кралство (James and Others v. the United Kingdom)*, 21 февруари 1986 година, § 46, Series A no.98).

По однос на сразмерно мешање, мешањето на државата во имотот мора да биде

сразмерно. Помеѓу правата на поединецот на мирно уживање на имот и барањата во врска со јавниот интерес мора да биде остварена правична рамнотежа.

Државата има широко поле за проценка и во поглед на сретствата за извршување и во поглед на проценката дали последиците од извршувањето се оправдани во општ интерес и заради остварување на конкретна легитимна цел.

Остварувањето на правична рамнотежа зависи од многубројни различни фактори како што се: однесување на сопственикот, степенот на вина, или внимание што сопственикот го покажал во своето однесување. Оттука, имотната корист се конфискува и од трети лица врз кои е пренесена без соодветен надоместок, ако не знаеле, а можеле и биле должни да знаат дека е стекната со кривично дело.

//Пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија Квп2.бр.48/2019 од 21.05.2020 година//

ПРЕСУДА/ Кзз.бр.36/2016

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски - Претседател на советот и судиите: Ристо Катевеновски, м-р Фаик Арслани, д-р Џемали Саити и Шпенд Девања - членови на советот, со судски советник Соња Строимановска - како записничар, одлучувајќи по барањето за заштита назаконитоста подигнато од Јавниот обвинител на Република Македонија КОЗ. бр.3/2016 од 01.09.2016 година, против пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1281/14 од 22.10.2014 година, на седницата одржана на ден 12.06.2017 година, во присуство на Јавниот обвинител на Република Македонија Ацо Колевски, како и на ден 06.11.2017 година, согласно член 408 став 1 од Законот за кривичната постапка, донесе:

П Р Е С У Д А

Барањето за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија КОЗ.бр.3/2016 од 01.09.2016 година, СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1281/14 од 22.10.2014 година, во делот за конфискацијата на имотната корист одлицето З.Ј. од К., прибавена со вршење на кривично дело во износ од 3.200.958,00 денари, во корист на Буџетот на Република Македонија, СЕ УКИНУВА, заради правилна примена на Кривичниот законик.

О б р а з л о ж е н и е

Со пресуда на Основниот суд Куманово К.бр.1024/13 од 02.04.2014година, обвинетите Б.М. и Р.Д., двајцата од К. огласени се виновни закривично дело - “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик и им е изречена алтернативна мерка - Условна осуда така што им е утврдена казна затвор во траење од по 1-една година и 6-шест месеци и е одлучено дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетите за време од 3-три години по правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело. Согласно член 89 во врска со член 92 од Законот за кривичната постапка, обвинетите се задолжени солидарно да платат трошоци на постапката во износ од 39.262,00 денари и секој поединечно да плати паушал на судот во износ од по 6.000,00 денари, а се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Согласно член 102 од Законот за кривичната постапка, оштетеното Државно правобранителство на Република Македонија за остварување на оштетното побарување е упатено на спор.

Со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1281/14 од 22.10.2014 година жалбите на обвинетиот Б.М. од К., изјавени преку бранителите М.Д., адвокат од К. и преку Адвокатско друштво „Н., М. и партнери С.„ и на обвинетата Р.Д. од К., изјавена преку бранителот С.С., адвокат од К., се одбиени како неосновани, жалбата на Основното јавно обвинителство К. делумно е уважена, по повод жалбата на ОЈО К. и по службена должност пресудата на Основниот суд Куманово К.бр.1024/13 од 02.04.20014 година е преиначена заради правилна примена на Кривичниот законик, така што согалсно член 97 и член 98 од Кривичниот законик, од лицето З.Ј. од К., е одлучено да се конфискува имототната корист прибавена со вршење на кривично дело - - “Злоупотреба на службената положба и овластување“од член 353 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, што се состои во пари во износ од 3.200.958,00 денари во корист на Буџетот на РМ, а ако конфискацијата не е можна ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист.

Значи овде се зборува за пресуда во која постапувајќи Основниот суд во Куманово против обвинетите кои се гонеле за сторено кривично дело по член 353 став 3 од КЗ, Злоупотреба на службената положба и овластување, каде сторителите се стекнале со имот од околу 50.000еур, каде пресуда на ОС.Куманово била потврдена и со одлука на Апелациониот суд во Скопје, на крај Врховниот суд постапувајќи по вондредно барање за испитување на законитост поднесено од страна на Јавниот обвинител на РСМ, нашол дека пониските судови направиле повреда на Кривичниот законик и оттука одлуките ги укинал.

Пресудата ја одбрав како пример од причини што државата била оштетена, сторителите на престапот осудени со алтернативни мерки условни осуди, но во постапувањето пониските судови направиле повреда на кривичниот законик, а со тоа нивно постапување сторителите на кривичното дело од кое се здобиле со имотна корист успеале да ја задржат користа прибаввена на нелегален начин, и во овој случај би можело да се каже дека судот на некој начин им помогнал на сторителите да задржат нешто кое не им припаѓало.

Значи конкретниот случај силно се спротивставува на филозофијата дека криминалот не се исплаќа, најнапред сторителите условно осудени, а на крај и имотот кој требало да биде конфисуван од нелегално стекнатите средства останал во нивна сопственост.

//Билтен со судски одлуки 2018, Казнено материјално право//

Конфискација на имот и имотна корист

*Пресуда на врховен суд, Кзз.бр.36/2016//

Одземање недвижност

Член 215 став 6 од Кривичниот законик

Одземањето на куќа во која се чува дрогата е основано и оправдано, само во случај кога целата куќа ќе биде ставена во функција на правење, пренесување или растурање на дрогата.

Чувањето на дрогата во орман во просторија во куќата не е основ за нејзино одземање.

Од образложението на земениот пример Пресуда Квп.бр. 287/2006 од 28.11.2006 година на Врховен суд на РСМ;

Барањето било делумно основано.

Врховниот суд на Република Македонија, во конкретниот случај нашол дека се основани наводите во поднесеното барање дека со правосилната пресуда е сторена повреда на Кривичниот законик на штета на осудениот во делот на примената на член 215 став 6, бидејќи неосновано е одземена недвижноста - куќата во с. В. согласно наведениот член.

Врховниот суд не ги прифатил тврдењето на пониските судови за основаност на примената на член 215 став 6 во делот за одземање на недвижноста - куќата во с. В. на обвинетиот М.А.. Сепак за таквата одлука го имал предвид описот на дејствијата во извршување на кривичното дело - „Неовластено производство и пуштање во промет на

наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од член 215 став 1 од КЗ, онака како што биле опишани во изреката на првостепената пресуда, од кои јасно може да се заклучи дека дрогата само била чувана во орман во куќата, а со цел потоа за нејзино растурање и продавање односно пуштање во промет и употреба, што не е доволен основ за одземањето на недвижноста.

Врховниот суд ценејќи ја основаноста и оправданоста на примената на наведениот член во делот на одземање на предметната куќата би постоела во случај кога целата куќа би била ставена во функција на правење, пренесување или растурање на дрогата, како на пример при постоење на лабараторија во куќата наменета за правење на дрогата која потоа ќе биде растурана. Всушност, дикцијата на одредбата од член 215 став 6 е токму одземање на наркотичната дрога, психотропните супстанции и прекурсори, како и подвижните и недвижните предмети употребени за нивно правење, пренесување или растурање, со што во случај на постоење на доволно оправдани причини, одземањето на наведените предмети е облигаторно. Поради сето наведено, овој суд нашол дека во конкретниот случај не е исполнет условот од член 215 став 6 за одземање на недвижноста - куќата од обвинетиот, а одземена била дрогата како обврска од споменатиот член.

Поради овие причини, Врховниот суд на Р.С. Македонија извршил преиначување на пресудата на Основнот суд Скопје К.бр.886/05 од 9.11.2005 година и на пресудата на Апелациониот суд Скопје Кж.бр. 1799/06 од 11.7.2006 година, во делот за правилната примена на Кривичниот законик, само во однос на примента на членот 215 став 6, на начин што куќата била иземена како средство кое требала да се конфискува поради тоа што дрогата била пронајдена во истата.

По ова прашање често стручните соработници и судиите низ судовите во замјава дискутираме и сме на став дека сепак најважно во постапувањето е дека не смее да има селективност и пристрасност, но јас гласно говорам дека треба да ни биде јасно дека преку млаки мерки криминалот и криминалецот ќе бидат охрабрени.

Дали тоа што е правно допуштено е и правично е борба која траела и ќе трае секогаш низ практичарите, но јас стојам на страната дека правичноста треба да биде приоритетна пред правната допуштеност.

Сепак нашето право и јуреспруденција е се уште целосно не констатирана, и во фаза на созревање, но судиите мора со своите одлуки да се охрабрат и огледаат во постапувањето со колегите од Англосаксонското право кон кое како земја и преку пишаните процесни закони се стремиме каде што сепак непристрасноста е основен и главен принцип.

//Збирка со судски одлуки 2004 – 2014 Билтен на Врховен суд издаден 2015 година//

* Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Квп.бр. 287/2006 од 28.11.2006 година.

10.ПРЕКУГРАНИЧНО ОДЗЕМАЊЕ ПРИХОДИ СТЕКНАТИ НА НЕЗАКОНИТ НАЧИН – ЗАМОЛНИЦА.

Прекуграничните аспекти на конфискување на предмети и имот стегнати односно добиени на нелегален начин со стортено кривично или прекршочно дело поради потребата се повеќе добиваат на значење. Правните можности пред се зависат од фазата во која е достигната постапката. Најважно и одлучувачка важност сепак е да постои замолница испратена од органот кој постапува во земјата каде се води постапката со која на легален начин ќе биде известена другата земја која би можела да постапува по замолницата за издавање на предмет или услуга на помош за спроведување.

Издавањето на пленот од кривичното дело, односно неговиот супститут, на државата што ја води постапката е предвидено во * 66 Abs. 1 Nr.2 IRG (Закон за меѓународна правна помош во кривичната материја), каде што се упатува на значењето на предметите како доказенматеријал за странската постапка, согласно со NR.2 каде не потребна ниту поврзаност со постапката во странската земја, ниту пак посебна определба на целт. Издавањето се предвидува за секоја целшто е легитимна и правно дозволена, според правото на земјата молител/барател. Оттука тоа може да следува за предавање на оштетените лица, како и за подоцнежно конфискување на имот од кривичното дело или како потврда за конфискација на имот од прекршочно дело, сето тоа во согласност со јуреспруденцијата на државата замолувач. Одлучувачко е

значењето на самата врска помеѓу предметиите стекнати со казнивото дело што лежи во основата на замолницата. Предметите во оваа смисла на правото не се само физички ствари, туку замолницата би можела да гласи и на секаков вид други права, тука би ги споменале и правото на зачтита на имотната сопственост, авторското право како и правото на тајност.

Понатаму исто така суштински предуслов за постапување на земјата замолувач е засегнатото лице или учесникот во кривичното дело предметите да ги има или непосредно ги стекнал од извршеното кривично дело или пак ги стекнал со пари добиени од предмети кои ги впрацил а истите биле добиени на нелегитимен начин. Засегнатото лице е она кое си го присвоило предметото стекнат преку кривично дејствие што лежи во основата на замолницата, односно би моќело да се каже дека овде говориме за главниот сторител. Учесниците во кривичното дело се соучесници, поттикнувачи, помагатели, трговци на украдена стока или пак на крај негови корисници.

Состојбата со замолницата би можела да биде проблематизирана кога истовремено се замолува за издавање како поради докажувањето во постапката, така и заради предавање на оштетените, а актуелниот владетел врз стварите го активирал правото на легитимна сопственост на предметите.

Замолницата за издавање дополнително треба да се разбере со правење на активности како подготовка во постапките со претрес, осигурување и на крај конфискацијата која и е крајната цел.

Можност на странски оштетени лица

Доколку постојат странски оштетени лица, а тие да се и граѓани на земјата која се замолува, кога е причинета имотна штета со казнивото дејствие, тогаш постои и можност прегу граѓанскопроцесна постака да се посегне по исполнување и добивање на средствата преку правна работо на банкарските депозити и останати предмети особено со издавање на гаранција за извршување на побарувањето. Во ваквите случаи од аспект на помошта за надоместокот за штетата легитимно е да се наложи конфискација во кривичниот процес а тоа во согласност со 111 b Stro – Законот за кривичната постапка на земјата која се замолува.

Меѓународни правни прописи

Конвенцијата за борба против психотропни супстанции од 1988 година, која е ратификувана и потпишана во повеќе од 150 земји во светот, експлицитно предвидува

помош и соработка на земјите во извршувањето и конфискацијата на имот или имотна корист стекнати со кривичното дело од трговија со дроги, Art. 5 Abs. 4Art.7 abs.6 bis19.

Во обемот на нивната примена тоа претставува дури и меѓународнаправна обврска во давањето помош и нудењето на подршка во реализирањето на извршувањето. Конвенцијата содржи прописи за неопходнат содржина на замолницата, за причните доколку истата биде одбиена како и трошоците во постапувањето. На крај сепак реализирањето на замолницата во секој случај треба и мора да биде во согласност со националното законодавство на замолената договорна страна.

Овде би го споменале Сојузното Министерство за правда на СР. Германија кое е надлежно како орган да постапува кога до него е испратена замолница за постапување за сторен криминал каде е потребно одземање на предмети ил9и конфискација на имот кој се наоѓа на територијата на Германија, тогаш во согласност со членот 74 од IRG, кое претставува согласно овој член обично постапување по замолницата со помош на извршување за извршување при конфискација на имот и имотна корист стекнати со кривично или прекршочно дело не го прави зависно од тоа да биде гарантирана заемноста во постапувањата. Интересно е да споменам дека од финансиски интерес е и на покраината е да постапува по замолницата бидејќи самата држава по извршувањето може да располага макар и привремено со стекнатиот имот односно предмети, согласно своето национално право, притоа и конфискуваните предмети преминуваат во касата на дрќавата сего тоа во согласност со одредбите од од Законот за меѓународна помош во кривичната материја како и со општите одредби на Кривичниот законик.

Кога сме веќе кај Германското законодавство за да постои постапување од нивна страна потребно и неопходно како предуслов е;

1. Да постои замолница со правосилна и извршна пресуда;
2. Постапката во државата каде е донесена пресудата да ги задоволува правните критериуми;
3. Да постои заемна казнивост, односно можност за конфискација;
4. Да не настанало застарување на извршувањето согласно германското право;
5. Да не постои одлука на германски суд за истата одлука;
6. Германското право да содржи слична таква санкција.

Овде пред ја најавам следната точка за одземање на предмети од трети лица, ќе споменам дека странските одлуки за правата на трети лица, начелно се обврзувачки. Спротивно барање на повредениот не ја спречува помочта за извршувањето.

Исклучоците важат единствено во случај кога третите субјекти не добиле покана за судско рочипте, понатаму противречат на гражанските –правни одлуки кои ја штитат сопственоста на третите совесни лица, или пак како последица на странската одлука се навлегува во сопственичките права на третите лица при регистарот на сопственоста за недвижнини.

Во постапката која се води пред органите законот на СР.Германија задолжително предвидел дека треба да има претрес во кој третите лица со обезбеден бесплатен правен советник односно застапник ќе ги истакнат нивните права врз запленетиот предмет како истите би го остварile своето право.

11.ОДЗЕМАЊЕ НА ИМОТ И ПРЕДМЕТИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА

Лицето кое се јавило како сторител на кривично дело од кое се произлезени економски придобивки неретко сакајќи да го впаричи предметот кој го стекнал на нелегален начин или пак сакајќи патот на парите да го стори непредвидлив за органите на прогон стварите односно предметите стекнати со кривично дело ги пренесува на трето лице кое можеби и не знаело дека се работи за ствари добиени со дејствие кое казниво согласно кривичното законодавство. И кај нас а и во светската јуреспруденција легалистите се борат да ја донесат правдата санкционирајќи го сторителот, задоволувајќи го на некој начин оштетениот но притоа не допирајќи во правата и слободите заштитени и со уставот односно слободно владеење и уживање со стварите на предмети и имот кој преминал во трети совесни лица.

За мене како практичар не е спорно дека задолжително е одземањето на предметите со кои е сторено кривичното дело односно прекршок и кои како такви не смеат и не можат да бидат во промет, како што се оружје, психотропни прекурсори, отрови и лекови, или материјали кои влијаат на човековиот морал, но тука ќе се обрне внимание на ствари кои можат да бидат во промет и преминале на легален начин во трето лице кое не знаело и не можело да знае дека се ствари кои се принос од кривично дело.

Дури и законодавството, како светското така и домашното упатува на тоа дека факултативно одземање постои за предметите кои се употребени или биле наменети за

извршување на кривичното дело и како такви можат повторно да бидат употребени за сторување на нови казниви дела. Овие предмети можат лесно да се одземат кога се во сопственост на сторителот на кривичното дело, но само по исклучок кога преминале и се сопсвеност на трето лице совесен сопственик односно легитимен стекнувач на предметите. Филозофијата би размислувала како да се задоволи правдата а да не се повредат правата на третите лица. Чести се примерите кога практичарите се двоумеле како да постапат, кога во куќа која е изнајмена за живеење, лицата кои се јавуваат како закупци преминале кон криминални дејанија на начин што почнале да произведуваат дрога во просторот кој им бил изнајмен, товарот на докажување е на третите лица дали знаеле или пак можеле да знаат дека нивната недвижност ќе биде користена за дејствија кои се строго казниви по кривичниот законик.

Согласно одредбите за Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети од КЗ на РСМ, Согласно член 97 став 1 од КЗ дека „Никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело „тргнувајќи од правното начело дека од неправо неможе да стане право„ сепак тука очигледно станува збор и се однесува на сторителот на кривичното дело, а согласно и член 98 став 1 од Кривичниот законик, кој е школски пример за кога не смеат да се одземаат предмети од трети лица упатува на тоа дека „Од сторителот ќе се конфискува и непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело.....а ако нивната конфискација не е можна ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавениот имот од стореното дело“.

Во член 98 во ставот 3 од Кривичниот законик, во вториот дел јасно стои дека имотната корист се конфискува и од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противвредност што одговара на вредноста на прибавената имотна корист. Значи предвиден е товар на докажување, но законот намерно ја оставил таа можност како сторителите на кривични дела не би го заобиколувале законот како организација. Украдените односно нечесно добиените ствари ги префрлаат на трети лица како би се заобиколил законот односно би останала економската придобивка од стореният криминалитет.

Совесните и законити купувачи, кои стварта ја купиле за реална вредност, а немале основа за било каков сомнеж дека се работи за предмет добиен од нелегално дејствие би морале слободно да располагаат со стварта и нивните права на сопственост не смеат да бидат заглавени во долгите и макотрпни судски лавиринти.

На мислење суд дека паралелно со водењето на кривичната постапка дури и побрзо треба да се воспостави систем како сварите кои се чесно стекнати, а притоа претходно добиени на криминален начин побрзо се ослободат на сопствениците како не би се создале двајца оштетени, со немање на можност на крајот никој да не биде обештетен.

Често како практичар давам еден пример :

- доколку јас како сопственик на скап часовник на барање на мој пријател му го позајмам за некој состанок, а потоа тој го продаде на трето лице, без оглед на значењето кое часовникот го имал за мене јас треба за измама и одговорност да го повикам лицето на кое и му сум го предал часовникот на користење, а притоа и самото обештетување е граѓански однос за штета помеѓу нас. Но доколку третото лице знаело или можело да знае дека продавачот не е сопственик на стварта или пак часовникот го купило за многу ниска цена тогаш тој не би бил трето совесно лице, ами на некој начин помагач односно соизвршител во дејствието, тогаш тоа трето лице би требало да се повика не само како сведок во судската постапка, ами повеќе како сообвинет.

Кога трето лице е чесно и се стекнало на легален и легитимен начин со сопственоста нема правна основа како совесен и законит купувач да трпи штета за дела и дејствија што во претходна постапка извршило друго лице и што органите на прогонот задоцниле со дејствувањето односно не дејствувале во време кога предметот се наоѓало кај извршителот на кривичното дело или пак кај лице на кое му бил даден предметот од кого и можеле да го одземат.

Во одбрана на ваквото мое размислување стојат и неколку членови од Законот за кривичната постапка па така доколку органот односно како крајна инстанца Судот кој ја носи крајната одлука смета дека треба да го заштити интересот на оштетениот-пријавителот, тогаш во текот на кривичната постапка согласно член 98 став 1 од Кривичниот законик може да пристапи кон конфискација на друг имот од извршителот на кривичното дело што одговара на вредноста на прибавената корист, бидејќи како што наведов повикувајжи се на ЗКП и тоа во согласност со член 115 за да се исполнат услови за одземање на предмети од трети лица треба да е исполнат условите да стварите се наоѓа кај извршителот на делото или кај други учесници во извршување на кривичното дело или други лица на кој му биле дадени на чување.

Членот 115 од ЗКП прави јасна и можна дистинкција дека ако третото лице има доволно алиби, односно докаже дека нема претходна никаква врска со сторителот на

кривичното дело и дека истото не е во мрежата како соучесник тогаш од него не смее да биде одземен имотот/стварите, врз кои сопственоста ја потпрел на чесност и легитимност заради што согласно чл.98 став 3 од Кривичниот Законик не постојат основи, односно предметот не смее да биде времено одземен , или пак на крај не смее да биде конфискувано од третото совесно лице.

На крај во однос на моето изнесување и бранење на сопственоста на третото лице во кои преминала и била пронајдена стварта/предметот ќе изнесам и дека и согласно Законот за сопственост и други ставарни права кој во однос на сопственоста е ***lex* generalis**, основната одредба за сопственоста која согласно член 160 став 2 гласи „*Кога две лица се сметаат за претпоставени сопственици на иста ствар, посилна правна основа има лицето кое стварта ја стекнало товарно во однос на лицето кое стварта ја стекнало безтоварно. Ако правните основи на овие лица се со иста јачина, првенство има лицето кај кое се наоѓа стварта,,*

Овај член упатува на тоа дека помеѓу пријавителот и лицето кај кое се нашол предметот и кој бил привремено одземен- лицето има посилно право во однос, на пријавителот.

Во склоп на ова би се повикал и на членот 147 став 2 од Законот за сопственост каде „*Стекнувачот е совесен ако во моментот на склучување на правното дело или во моментот на приемот во владение не знаел, ниту со оглед на околностите, имал доволно причини да се посомнева во тоа дека стварта не му припаѓа на отуѓувачот“.*

Со ова мое размислување сакам да посочам дека неретко задоволувајќи ја правдата за оштетениот, органите постапувајжи лекомислено можат да направат двајца оштетени за дејствие кое престапникот тешко би одговарал и само кон едниот оштетен, од причини што измамата во правната пракса е исклучително тешка за докажување, а тоа е единствениот начин со кој совесното трето лице би можело да му запрети и правно на обвинетиот односно сторителот на имотниот криминал.

Мојата пракса и искуство кажува дека односот помеѓу;

• Оштетен
• Сторител на имотен деликт

- Трето лице во кое преминало стварта

би го објаснил на овој начин;

1.Сторителот со своето дејствие се стекнал со ствар, од сторен имотен деликт.

2.Лицето на кое му било одземен предмет постанало оштетен.

3.Третото лице се стекнало со сопственост врз предмет со постоење на волја за кој биле и испчатени одредени парични средства.

При сторувањето на криминалитетот органите за прогон започнуваат постапка како би го пронале имотот кој припаѓал на оштетениот прв сопственик. Истрагата најпрвен го пронаоѓа сторителот, а потоа и стварта која била одземена.

Понатаму во постапката оштетениот може да предјави имотно оштетно побарување но најважно може да се повика и да бара санкцијата да биде врзана со исполнување на дејствие со кое тој како оштетен би се обештетил, бидејќи самото изрекување на санкцијата за него претставува еден вид задоволство но не и надомест на штетата која му била причинета оттука судот може да го врзе изрекувањето на санкцијата со услов на оштетениот му биде надоместена штетата која му била предизвикана. Овде би се надоврзал дека доколку стварта која била пронајдена кај трето совесно лице биде одземена тогаш имаме наполно задоволство кај првиот оштетен, но тука Судот односно Обвинителството кое би го поставило таквото барање до Судот би предизвикало нов оштетен кој не би имал можност за надомест на штетата која би ја трепел сега од органите на државата, а измамен од сторителот на кривичното дело. Ова го кажувам од аспект на легалното право бидејќи и самата казна која е предвидена и би му запретила за кривичното дело измамата е пониска отколку за кривични дела кражба, фалсификување, затајување итн., дотолку повеќе што и самото кривично дело измама е исклучително тешка за докажување во праксата. Најважно тие би имале граѓански спор со кој би се поништил договорот за купопродажба или пак доколку би немало таков за дејствијата помеѓу нив односно купопродажбата без договор, третото лице би се повикало на штета во граѓанска постапка од која на крајот третото совесно лице би добило само извршна исправа – пресуда која би немало значење кај сторителот на кривичното дело од причини што на истото не би му се запретила кривична санкција со која би бил повикан на одговорност и од која би се плашел за својата слобода па така наплатата би можела и никогаш да не се случи од

што би се создал нов оштетен кој во овој случај иако државата стои на страна во одбрана на правото и имотните слободи, овде самата таа би станала соучесник на обвинетиот повредувајќи ги правата на сопственост на третото совесно лице.

Во однос на корупцијата на јавните функционери кој учествувле во криминални дејствија на корупција, сакајќи да ја избегнат конфискацијата често имотот и средствата кои претставуваат имотна корист стекната со кривично дело ќе ги пренесат на трети лица, како што се роднини или лица над кои сторителот на кривичното дело има контрола. Конвенциите на Обединетите нации (ОН) и Советот на Европа не содржат посебни правила за одземање/конфискација на имот од трети лица, иако тоа е потенцијално опфатено со нивните општи одредби за конфискација на имот. Меѓутоа, Директивата од 2014 година содржи разработени одредби за одземање предмети односно конфискација на имот од трети лица. Таа изречно бара воведување на мерки кои ќе овозможат одземање на предмети односно конфискација на имот од трети лица кога трето лице стекнало имотна корист од обвинетиот, или друг имот чија вредност одговара на таа имотна корист, доколку третото лице, врз основа на факти и околности, барем знаело или морало да знае дека целта на пренесување или стекнување на имот била да се избегне крајната конфискација. Фактот дека имотот е пренесен без надомест или за износ кој е значително помал од пазарната вредност може да укаже дека третото лице имало такви сознанија, односно е индиректен соучесник кој како и погоре споменав треба да биде повикан на одговорност.

Во смисла на заштита за „совесни трети лица“, практиката на ЕСЧП нуди многу ограничена заштита. Меѓутоа, во КОНПТОК, КОНПК, потоа Препораките на ОКСПП и Директивата од 2014 година изречно се наведува дека одредбите за одземање/конфискација на имотна корист во овие документи не треба да се толкуваат така што негативно да влијаат врз правата на трети лица кои постапувале во добра верба (намера) за стекнување на сопственоста на сварите кој сторителот на кривичното дело ги пуштил во промет, а во Стразбуршката конвенција од 1990 година е предвидено секоја договорна страна да усвои, според потребата, мерки кои се неопходни за да се обезбеди заинтересираните страни погодени со мерките за одземање предмети односно конфискација на имот според Конвенцијата да имаат ефективни правни лекови за заштита на нивните права, а едно од нив е и бесплатната правна помош.

ЗАКЛУЧОК

„Crime doesn‘t pay“

Никој не може да ја задржи имотната корист прибавена со кривично дело.

Ова како парадигма е суштината на едно праведно законодавство, но низ истражувањето а така и низ судските примери анализирани во трудот забележавме дека не секогаш тоа е така и во праксата.

Ефикасноста на конфискацијата во справувањето со организираниот криминал и корупција како и одзмеањето на предмети и имот произлезен од криминалитет како спротивставување на истиот и како инструмент за одвраќање, бара по што се почесто и резултира со носење на повеќе конвенции од страна на Организацијата на Обенитетите нации, како и Советот на Европа, а се со цел да се споделат позитивни искуства и дополнително да се поттикне употребата на мерките на конфискација како начин на одвраќање од криминалот, а за потоа доведе и до воедначување на законската рамка во

различните држави со што би се овозможила соработка при извршувањето на таквите мерки во различити земји, а сепак не повредувајќи ја индивидуалноста на јуреспруденцијата на секоја земја.

Конфискацијата на имот, имотна корист и одземањето на предмети се дефинира како присилна мерка со која принудно се одзема имотот од сторителот на кривичното дело со судска одлука без надоместок во корист на државата, а со цел обештетување на отштетениот.

Предмет на конфискацијата може да биде имот или имотна корист произлезена од извршеното кривично или прекршочно дело.

Конфискацијата опфаќа точно определен имот со кој се стекнал сопственикот-криминалец кој како сторител на кривично дело го стекнал таквиот имот, за кој на крајот со судска одлука му се изрекува мерка – конфискација, и истиот би му се одзел.

Покрај имотот можат да бидат конфискувани и имотни права на сторителот на делото.

Конфискацијата е најсилниот инструмент во борбата со организираниот криминал и корупција, кој во овој случај многу повеќе го погодува сторителот на кривичното дело отколку самата изречена казна. Наспроти ова во општиот имотен криминал престапниците повеќе ги плаши запретената казна.

Предмет на конфискација може да биде секој движен и недвижен имот, дел од имот, удел во заеднички имот со други лица и имот пренесен на трети лица за кои не е платен соодветен надоместок.

Обично конфискацијата на имот, имотна корист и одземањето на премети, односно одземањето на имот засновано врз пресуда во кривична постапка е една од најосновните алатки за конфискација со која би се задоволила правдата, а притоа и приносот би бил вратен на местото каде и би требало да се наоѓа.

Одземањето на предмети е обично кога од лицата се одземаат стварите односно користа од нив кои се стекнати со сторено кривично дело за кое сторителот е осуден со

правосилна пресуда, а притоа предметити биле најдени кај него или кај лице на кое тој им ги пренел. Тоа му овозможува на судот да донесе одлука врз основа на која на лицето ќе му биде одземен/конфискуван имотот стекнат со кривично дело или кривични дела за кое тоа лице е осудено.

Сите горенаведени меѓународни стандарди вклучуваат обврска на државите-договорнички да ги усвојат сите неопходни мерки за да може во рамките на нивната надлежност да се овозможи одземање на предмети односно конфискацијата на имотната корист стекната со кривично дело.

Конфискацијата на имот и користа од истиот како казнено-правна мерка, сепак не претставува кривична санкција, туку таа е мерка за задоволување на потребите на правдата, притоа помагајќи како секундарен момент кој би го погодил и извршителот на казненото дело доколку неговата цел била здобивање со противправна корист.

Одземањето на имотот и предметите, уште повеќе самата конфискација ги спречува сторителите на кривични дела во остварувањето на нивната основната цел збогатување на нелегален начин, а со тоа и здобивање криминален профит кој подоцна со моќта која би ја дала стварта која ја одзел или створил од извршеното кривично дело, понатму на сторитерлот да криминалитет би му донела моќ или пак влијание.

„Имотна корист“ од кривично дело е дефинирана и во Стразбуршката конвенција од 1990 година како секоја економска корист од кривични дела, а може да се состои од секаков вид на имот, вклучувајќи правни документи и инструменти со кои се докажува сопственост над имотот, или интересот сврзан со тој имот.

Поширока дефиниција е дадена во Варшавската конвенција која кажува дека „имотна корист“ е секоја економска корист, произлезена или стекната, директно или индиректно, од вршење на кривични дела, која може да се состои од секаков вид на имот, како и од сите правни документи или инструменти со кои се докажува сопственост над таков имот, или интерес сврзан со тој имот.
Варшавската конвенција предвидува и конфискација на „испраниот“ имот.

Имотната корист од извршено кривично дело широко е дефинирана и во

Директивите на ООН од 2014 година во кои се кажува дека под неа се подразбира секоја економска корист произлезена од вршење на кривично дело и дека тоа може да се состои од секој вид на имот кој понатаму го вклучува и секое подоцнежно реинвестирање или преобразување на директна имотна корист од страна на осомничено или обвинето лице и секоја парична погодност.

Да заклучиме дека со конфискацијата, односно со одземањето на криминално стекнатиот имот и предмети, криминалот се обесхрабрува, го губи својот мотив, а со тоа се одвраќаат потенцијалните идни сторители, се разбиваат криминалните организации и групирања, а на крај и би рекол најважното во однос на правичноста во ваквото праворазделување, дека преку процесното право со таквите мерки крајно се подобрува и статусот на жртвата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Коментар на Закон за кривична постапка на РСМ – Скопје ноември, 2018 автори, Гордан Калајџиев, Гордана Лажетиж, Лидија Неделкова, Маја Денковска, Мери Тромбева, Тодор Витларов, Павлина Јанкуловска;
2. Закон за Кривичната постапка, (Сл.Вес. на РМ, бр.150 од 18.11.2010 година);
3. Закон за ратификацијата на Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање на тероризам SETS–Варшава 16.05.2005 (Сл.вес на РМ, бр.49 од 14.04.2009 година);
4. Кривичен законик – интегрален текст Скопје 2020, Др.Никола Тупанчевски;
5. Коментар на Кривичен законик на РСМ 2016 – Скопје, акад. Владо Камбовски;
6. Конфискација на имот и имотна корист Судска практика 2007/2012 - 2013 Скопје, автор Михајло Маневски;
7. Закон за прекршоците (Сл.Весник на РСМ Бр. 96/2019);
8. Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривичната и прекршолната постапка;
9. Консолидиран текст - Закон за правда на децата Сл.весник на РМ бр.148/13, бр.152/19 и бр.275/12;
10. Закон за полиција – пречистен текст Скопје декември 2021 – МВР на РСМ;

11. Правилник за вршење на полициските работи Сл.весник на РСМ бр.114/06, бр.6/09, бр.145/12 и бр.41/14;
12. Закон за меѓународна соработка во кривичната материја Сл.весник на РСМ бр.77/2021;
13. Закон за извршување на санкции Сл.весник на РМ бр.99/2019 од 21.5.2019г.;
14. Меѓународна правна помош во кривичната материја – Табернакул 2009 година, автори Д-р. Томас Хакнер, Д-р.Ото Лагодни и Волхганг Шомбург;
13.Учебникот споредбено казнено право од Професор Горадан Бужаровска;
14.Билтен на ЕКЧП за одземање на предмети и имотна корист;
15.Билтен на одлуки Врховен суд на РСМ;
16.Билтен на одлуки Врховни суд Београд;
17. Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди, Издавачи - Советување за индивидуални права во Европа (AIRE центар) ;
18. Судски Билтен Аплационен суд Штип бр.8 2014 година;
19.Federal Penal Code – Official Journal od the Federation August 14 1931;
20.Zbornik radova, Sarajevo: International Burch University – Mujanović, Datzer & Kadribašić, (2018);
21.Bošković M., Kriminologija, Novi Sad, 2011 godina;
22.Камбовски В., Казнено право, посебен дел, Скопје, 2003 година;
23.Камбовски В., Казнено право - општ дел, Скопје 2004 година;
24.Дејан Настов М-р труд деликт и казнени дела;
25.Bačić, F. (1998). Kazneno pravo: opći dio. Zagreb: Informator;
26.Boucht, J. (2017). The Limits of Asset Confiscation: On the Legitimacy of Extended Appropriation of Criminal Proceeds. Oxford; Portland: Hart Publishing;
27.Datzer, D. (2016). „Uvod u materiju oduzimanja imovinske koristi pribavljene kaznenim djelom“;
28.E. Mujanović, & D. Datzer, Oduzimanje imovinske koristi pribavljene krivičnim djelima: Priručnik za praktičare (стр. 19-39). Sarajevo: Centar za istraživanje politike suprotstavljanja kriminalitetu;
29.Datzer, D. (2017). „Teorijski aspekti normiranja posebnih oblika oduzimanja imovinske koristi“;
30.Kilchling, M. (2014). „Algoritmi za prikaz postupaka za oduzimanje imovinske koristi pribavljene krivičnim djelom“;
31.Kaleb, Zorislav, Oduzimanje imovinske koristi u kaznenom postupku, Odvjetnik, 5-136

6/2015, Zagreb, 2015;
32.Mujanović, E., & Sarajlija, S. (2014). „Oduzimanje imovinske koristi pribavljene krivičnim djelom u Bosni i Hercegovini - između ideala i stvarnosti“. Bo Međunarodna naučno-stručna konferencija „Izgradnja modernog pravnog sistema“. Zbornik radova (Sarajevo: International Burch University;
33.Pavišić, B., Grozdanić, V., & Veić, P. (2007). Komentar Kaznenog zakona. Zagreb: Narodne novine d.d.;
34.Vettori, B. (2006). Tough on Criminal Wealth. Dordrecht: Springer;
35.Vijeće Evrope. (2007). Finansijske istrage i oduzimanje bespravno stečene imovine. Strasbourg: Autor;
36.Fabrizy, E., Austria- The criminal justice system facing the challenge of organized crime, Revue internationale de droit penal;
37.European Criminal Procedures M.Delmas-Marty/J.Spencer;
38.E drejta penale (Botuar nga:Dudaj në 2012 Tiranë) Autori: Shefqet Muçi;
39.Закон о одузимању имовине проистекле из кривичног дела (Сл.гласник РС, бр.32/13;94/16 и 35/19);
40. Zakonik o krivicnom postupku R.Sbija ("Sl. glasnik RS", br. 72/2011, 101/2011, 121/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014, 35/2019 i 27/2021);
41.Zakon o krivicnom postupku Bosne i Hercegovine ("Sl. glasnik BiH", br. 3/2003, 32/2003, 36/2003, 26/2004, 63/2004, 13/2005, 48/2005, 46/2006, 29/2007, 53/2007, 58/2008, 12/2009, 16/2009, 53/2009, 93/2009, 72/2013 i 65/2018);
42.Kriminologija, Bošković M., Novi Sad, 2011 godina;
43.Конфискација на имотот во судските постапки поврзани со корупција, Автори: Дарко Аврамовски и Натали Петровска, Колиција „Сите за правично судење“ Скопје ноември, 2019 (Usaid);
44.Кривично право – општ дел, кривични дела против личните и заеднички делови, автори Јоханес Веселс и Вернер Бојлке. Издадена 2008 година;
45.Кривично процесно право Правни факултет Београд, Милан Шкулиќ 2011год;
46.Kazneno pravo: opći dio. Bačić F. (1998). Zagreb;
47.Komentar Kaznenog zakona Zagreb: Narodne novine - Vettori B. (2006);
48.Krivicno procesno pravo prof.dr.Almin Dautbegovic Decembar 2014 Sarajevo;
49.Međunarodna naučno-stručna konferencija „Izgradnja modernog pravnog sistema“Netherlands Criminal Code (Text valid on: 01-10-2012) Act of 3 March 1881;
50.Нови Законик о кривичном поступку Републике Србије и тужилачки концепт истраге С. Бејатовиќ;

51.Основне Криминолошке Карактеристике и пенолошка обележја учинилаца имовинског криминалитета универзитет у Нишу Правни Факултет Раде С. Богојевић;
52.Oduzimanje imovinske koristi pribavljene krivičnim djelima: Priručnik za praktičare. Sarajevo 2011;
53.Предистражна постапка - издвоени предавања на Академијата за судии и Јавни обвинители Скопје 2021 година;
54.ПОД ЛУПА (Извештај од анализа на 12 кривични предмети) Transparency International Macedonia – Zelena lupa, автор Слаѓана Тасева Скопје 2018 година;
55.Реформа на кривичната постапка, Зборник од текстови од проектот за борба со организираниот криминал на јавното обвинителство, Г.Бужаровска/Г.Калајџиев, Скопје/Охрид, 2009;
56.Системска анализа на законската рамка и соработката меѓу надлежните институции во борбата против организираниот криминал, ФИООМ, Т. Витларов / Г. Калајџиев/ М. Лабовиќ/ Т. Стојановски, Скопје, 2005;
57.„Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ“, Ј. Јовчевски/ Г. Калајџиев МРКПК, бр.2, 2009 Скопје;
58.Стручна статија од Адвокатска комора на РСМ – Истражните дејствија на одбраната согласно новиот ЗКП;
59.The Limits of Asset Confiscation: On the Legitimacy of Extended Appropriation of Criminal Proceeds. Oxford; Portland: Hart Publishing · Datzer D. (2016);
60.Tough on Criminal Wealth. Dordrecht: Springer Vijeće Evrope. (2007);
61.The Prosecutor of a Permanent International Criminal Court, Max-Planck-Institut für ausländisches und internationales Strafrecht, L.Arbour/A.Eser/K.Ambos/A.Sanders, Freibourg 2000;
62.The Brazilian Criminal Procedural law system by wanderlei De Paula Barreto;
63.„Upravljanje imovinom stečenom krivičnim djelima u međunarodnom i poredbenom pravu“. Kriminalističke teme, XVIII, Pavišić B./Grozdanić V./Veić P (2007);
64.Устав Сједињених Америчких Држава (1787 год.) – Превод српском језика;
65.CRIMINAL-PROCEDURAL CODE of the RUSSIAN FEDERATION NO.174-FZ OF DECEMBER 18, 2001;
66.China’s Special Confiscation Procedure: Rules and Practice Addis Ababa, Ethiopia May 2019;
67.The Criminal Code Denmark Order No. 909 of September 27, 2005, as amended by Act Nos. 1389 and 1400 of December 21, 2005;
68..https://rusi.org/sites/default/files/201709_rusi_unexplained_wealth_orders_keen_web.pdf

69..https://jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202015/Prezentacija%2012.02.2015.pdf
70. Закон за ратификацијата на Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање на тероризам SETS–Варшава 16.05.2005 (Сл.вес на РМ, бр.49 од 14.04.2009 година);
71.Збирка судски одлуки ; https://www.pravdiko.mk/zbirka-na-sudski-odluki
72.Правни мислења и заклучоци; https://www.vsrm.mk/wps/portl/vsrm/sud/sudska-praksa/pravni-mislena
73. https://akademik.mk/kodeks-na-sudska-etika
74.Податоци од сајтот на Државниот завод за статистика.